# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 55 Год. LXIII Петок, 4 мај 2007 Цена на овој број е 280 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 725. | **Закон** за договорите за превоз во железничкиот сообраќај………………… | 2 |
| 726. | **Закон** за внатрешната пловидба.......... | 18 |
| 727. | **Закон** за нотаријатот........................... | 73 |
| 728. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.......... | 112 |
| 729. | **Закон** за финансиската полиција......... | 115 |
| 730. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за државната помош........... | 140 |
| 731. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиската дејност............................................... | 141 |
| 732. | **Закон** за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.......................... | 148 |
| 733. | **Закон** за безбедност на козметичките производи............................................. | 162 |
| 734. | **Закон** за изменување на Законот за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување | 170 |
| 735. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации..................................................... | 170 |
| 736. | **Одлука** за определување на ОХИС АД - Скопје како трговско друштво од особено значење за економијата на Република Македонија, со можности и интерес за проширување и реактивирање на деловните активности......... | 173 |
| 737. | **Одлука** за определување на ЕМО АД - Охрид како трговско друштво од особено значење за економијата на Република Македонија, со можности и интерес за проширување и реактивирање на деловните активности......... | 174 |
| 738. | **Лиценца** за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб....................................................... | 174 |
| 739. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за класификација на приходите............................. | 175 |
| 740. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на легитимацијата на даночен инспектор | 175 |
| | **Објава** за движењето на цените на мало во Република Македонија за месец април 2007 година...................... | 175 |
| | **Огласен дел.........................................** | **1-16** |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**725.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ПРЕВОЗ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 април 2007 година.

Бр. 07-1735/1
19 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ПРЕВОЗ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат правата и обврските кои произлегуваат од договорите за превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот железнички сообраќај, ако со меѓународен договор поинаку не е пропишано.

(2) На сите односи на договорите за превоз на патници и стока кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **"Железнички превозник"** е домашно и странско правно лице чијашто основна дејност е давање транспортни услуги на патници и/или стока по пат на железница и кое има дозвола за јавен превоз и решение за безбедност;
2. **"Корисник на превозот"** е правно или физичко лице кое врз основа на договор со превозникот стекнува одредени права и презема одредени обврски;
3. **"Патник"** е лице кое врз основа на договор има право на превоз;
4. **"Нарачувач на превозот"** е лице кое во свое име, а за сметка на друго лице, склучува договор за превоз на патници со превозникот;
5. **"Испраќач"** е лице кое ја предава стоката на превоз и склучува договор со превозникот;
6. **"Примач"** е лице овластено од испраќачот да ја превземе стоката од упатната станица, да го откупи товарниот лист и да ја преземе стоката предадена на превоз;
7. **"Носител на право"** е лице кое врз основа на договор за превоз има барање спрема превозникот;
8. **"Пратка"** е еден или повеќе предмети кои се предаваат на превоз со една превозна исправа (товарен, односно експресен лист, багажница);
9. **"Меѓународен железнички сообраќај"** е превоз на патници и стока со железница од странство во Република Македонија, односно од Република Македонија во странство и превоз на патници и стока преку територијата на Република Македонија;
10. **"Отправна станица"** е место во кое започнува превозот;
11. **"Упатна станица"** е место во кое завршува превозот;
12. **"Багаж"** се предмети кои патникот има право да ги носи со себе врз основа на договорот за превоз на багаж;
13. **"Рачен багаж"** се предмети кои можат да се внесат во патнички вагон и да се сместат на одредено место и кои патникот сам ги чува и
14. **"Превознина"** е цена за извршен превоз на стока одредена со тарифа.

## II. ТАРИФА

Член 3

(1) Тарифата е акт врз основа на кој се утврдува цената за превоз кај договорите за превоз на патници, односно превознината кај договорите за превоз на стока.

(2) Тарифата содржи одредби за општите и посебните услови за утврдување на цената, односно превознината.

(3) Железничкиот превозник (во натамошниот текст: превозник) е должен тарифата јавно да ја објави на вообичаен начин во секоја станица и да биде достапна на корисниците за превоз.

(4) Тарифата ја утврдува и донесува превозникот.

(5) Зголемувањето на тарифата, надоместоците за споредни услуги и други измени и дополнувања на тарифата со кои се отежнуваат условите за превоз за корисниците на превозот не можат да се применуваат пред истекот на рокот од осум дена од денот на објавувањето.

Член 4

Со тарифата или со договор склучен меѓу превозникот и патникот, односно испраќачот, не можат да се предвидуваат одредби со кои превозникот целосно или делумно се ослободува од одговорностите утврдени со овој закон, да се префрла одговорноста на докажување од превозникот на патникот, односно испраќачот или да се предвидува можност одговорноста помала за превозникот од одговорноста предвидена со овој закон.

## III. ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

### 1. Договор за превоз на патници

Член 5

Со договорот за превоз на патници, превозникот се обврзува да го превезе патникот, рачниот багаж до одредена станица, а патникот се обврзува на превозникот да му плати соодветна цена за извршениот превоз, според утврдена тарифа.

Член 6

(1) Превозникот е должен да го превезе патникот до упатната станица со оној вид и класа на воз за кој се договориле, а кои се наведени во објавениот ред на возење, под услови на удобности и хигиена, што според видот на возот и траењето на превозот се сметаат дека се потребни.

(2) Превозникот е должен на патникот во возот да му го обезбеди означеното место, доколку при склучувањето на договорот така е договорено.

(3) Ако со нарачувачот на превозот е договорено, превозникот согласно со договорените услови мора да го превезе патникот со посебен воз кој не е предвиден со возниот ред.

Член 7

(1) Патникот е должен пред започнувањето на патувањето да набави возен билет, а ако во станицата во која го започнува патувањето нема билетарница или ако во време на доаѓање на возот не работи, возниот билет е должен да го набави во возот.

(2) Возниот билет е доказ дека е склучен договор за превоз на патник. Како доказ дека е склучен договор за превоз на патници може да се смета и друг писмен документ издаден од превозникот.

Член 8

(1) Договор за превоз може да се склучи со лице кое заболело или за кое постои сомневање дека заболело од некоја заразна болест, само ако се исполнети условите предвидени со посебни прописи.

(2) Ако за време на превозот кај патникот се појават знаци од некоја заразна болест предвидена со посебни прописи, превозникот е должен да постапи според тие прописи и тој патник да го превезе до првото место каде што има можност да му се даде потребна здравствена помош.

Член 9

(1) Превозникот не е должен да прими на превоз лица за кои, поради нивното однесување, може оправдано да се претпостави дека ќе го оневозможат превозникот во извршувањето на неговите обврски спрема другите патници (пијани лица, насилници и слично).

(2) Превозникот може да исклучи од превоз патник кој со своето однесување ги вознемирува другите патници или кој не се придржува кон прописите за јавниот ред во возовите за време на патувањето без обврска да ја врати цената за превоз.

Член 10

(1) Патникот има право да го откаже договорот за превоз пред да почне неговото извршување.

(2) Ако патникот го откаже договорот за превоз, превозникот може да задржи најмногу 10% од износот на цената за превоз.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не можат да се менуваат со договор за превоз на штета на патникот.

Член 11

Ако превозот не почне во време кое е одредено со редот на возење или со договорот за превоз, патникот може да го откаже договорот и да бара да му се врати цената за превоз без намалување.

Член 12

(1) Патникот има право, според договорените услови и условите за рокот на важење на возниот билет, да го прекине патувањето на попатните станици.

(2) Ако патникот поради прекинување на патувањето не го искористил возниот билет, има право на враќање на цената за превоз за непоминатиот дел од патот.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член, превозникот може да задржи најмногу 10% од делот на цената за превоз, а другиот дел е должен да го врати.

Член 13

Ако патникот поради доцнење на возот за кое не е одговорен ја изгуби врската за приклучување во текот на превозот, или поради недоаѓање на возот или поради пречки во сообраќајот е спречен да го продолжи патувањето (прекин на патувањето), има право да:

1) бара превозникот да го превезе до упатната станица со првиот нареден воз или ако првиот нареден воз не е соодветен, ќе го превезе на некој друг начин и тоа без наплата на поголема цена за превоз;

2) бара превозникот да го врати бесплатно со багажот во почетната станица со првиот соодветен воз и да му ја врати цената за превоз без намалување;

3) го откаже натамошното патување и од превозникот да бара враќање на цената за превоз за непоминатиот дел од патот без намалување и

4) бара плаќање на трошоците за ноќевање во хотел од Б категорија, односно во друг соодветен објект, ако постојат можности патувањето да продолжи наредниот ден.

**1.1. Одговорност на превозникот**

Член 14

(1) Превозникот одговара за штета настаната поради смрт, телесна повреда или душевна болка на патниците предизвикани од несреќа или незгода од започнувањето на превозот до неговото завршување, односно додека патникот се наоѓал во возот или додека влегувал или излегувал од возот, како и за штета настаната поради задоцнување на возот или прекин на патувањето.

(2) Превозникот одговара за штетата од ставот (1) на овој член и во случај кога штетата е причинета на патникот од лице кое по негов налог работело на извршување на превозот.

Член 15

Превозникот целосно или делумно се ослободува од одговорноста од членот 14 став (1) на овој закон, ако:

1) несреќата или незгодата се предизвикани од околности надвор од превозот, кои превозникот и покрај потребното настојување, имајќи ја предвид особеноста на случајот, не можел да ги избегне ниту да ги отстрани нивните последици;

2) несреќата или незгодата настанале по вина на патникот или поради однесување кое не е во согласност со нормалното однесување на патникот и

3) несреќата или незгодата настанале по вина на трето лице, за кои превозникот и покрај потребното настојување, имајќи ја предвид особеноста на случајот, не можел да ги избегне ниту да ги отстрани нивните последици.

Член 16

За штета настаната поради задоцнување или прекин на патувањето, превозникот не е одговорен ако докаже дека до задоцнувањето, односно прекинот на патувањето не дошло намерно или поради невнимание на превозникот.

Член 17

За штетата одговараат солидарно превозниците кои учествувале во превозот.

Член 18

(1) За штета настаната поради смрт на патник, оштетување на здравјето или друга телесна или душевна повреда, превозникот одговара согласно со општите прописи за одговорност за штета.

(2) Превозникот се ослободува од одговорноста од ставот (1) на овој член, ако докаже дека штетата не ја причинил намерно или од невнимание.

(3) За штета настаната поради задоцнување, односно прекин на патувањето по вина на превозникот, превозникот одговара до износ на двојна цена на превозот.

Член 19

(1) Барањето за надоместок на штетата настаната поради смрт, телесна или душевна повреда и оштетување на здравјето на патникот, се поднесува до превозникот во рок од три месеца од денот на дознавањето на штетата.

(2) Барањето за надоместок на штетата поради задоцнување, односно прекин на патувањето мора да му се поднесе на превозникот во рок од 15 дена од денот кога е завршено патувањето, односно кога требало да биде завршено.

(3) Ако барањето за надоместокот на штетата не се поднесе во рокот од ставовите (1) и (2) на овој член, патникот го губи правото за надоместок на штета.

IV. ПРЕВОЗ НА БАГАЖ

**2. Договор за превоз на багаж**

Член 20

(1) Превозникот на барање на патникот, е должен да прими на превоз багаж и со надоместок да го превезе со возот со кој патува патникот или со согласност на патникот, со друг соодветен воз.

(2) За примениот и предадениот багаж, превозникот е должен да му издаде на патникот писмена потврда (багажница).

Член 21

За превоз на багаж, соодветно се применуваат одредбите од овој закон, што се однесуваат на договорот за превоз на стока.

**3. Рачен багаж**

Член 22

(1) Патникот има право во возот за превоз на патници да внесе рачен багаж, кој може да се смести на место предвидено за багаж и кој го чува сам.

(2) За превоз на рачен багаж, не се наплатува посебен надоместок ниту се издава багажница.

(3) Патникот е должен на превозникот да му ја надомести штетата настаната поради својствата или состојбата на рачниот багаж, освен ако својствата или состојбата на багажот му биле познати на превозникот.

Член 23

(1) За изгубен или оштетен рачен багаж превозникот не одговара, освен ако патникот докаже дека до губење или оштетување дошло поради намерно или грубо невнимание на превозникот.

(2) Ако губењето или оштетувањето на рачниот багаж настанале под услови во кои дошло до смрт, телесна или душевна повреда и оштетување на здравјето на патникот, превозникот одговара за штетата, освен ако докаже дека штетата настанала поради виша сила.

Член 24

(1) Износот на надоместокот на штетата за губење или оштетување на рачниот багаж не може да биде поголем од 18.000 денари по патник.

(2) Превозникот нема да ја надомести штетата од ставот (1) на овој член, ако докаже дека не е причинета намерно или од невнимание.

Член 25

(1) Превозникот не одговара за штета поради губење или оштетување на рачен багаж ако патникот не поднесе барање веднаш по завршувањето на патувањето.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако штетата настанала поради сообраќајна несреќа или други причини поради кои патникот не можел да поднесе барање веднаш по завршување на патувањето, барањето може да го поднесе штом ќе биде во можност, а најдоцна во рок од 30 дена од денот кога завршило патувањето или кога требало да биде завршено.

## V. ПРЕВОЗ НА СТОКА

### 4. Договор за превоз на стока

Член 26

(1) Со договорот за превоз на стока, превозникот се обврзува да ја превезе стоката до упатната станица и да му ја предаде на примачот, а испраќачот се обврзува на превозникот за тоа да му ја исплати договорената превознина.

(2) Договор за превоз ќе се склучи кога превозникот ќе ја прими стоката на превоз со товарен лист.

(3) Приемот на стоката се потврдува со ставање на датум и жиг на отправната станица на товарниот лист.

(4) Потврдувањето на приемот на товарниот лист е доказ за склучениот договор за превоз.

(5) На примерокот од товарниот лист, кој му се предава на испраќачот, превозникот е должен да го потврди денот, а за лесно расиплива стока и живи животни и часот на приемот на превоз.

(6) Дупликатот на товарниот лист нема важност на товарен лист, кој ја придружува пратката.

Член 27

Превозникот е должен, под услови предвидени со овој закон да ја прими стоката на директен превоз од отправната до упатната станица, без разлика колку превозници учествуваат во превозот.

Член 28

(1) Превозникот не може да прими на превоз стока, ако превозот на таа стока е забранет со закон.

(2) Стоката за која е пропишано дека може да се превезува само под одредени услови може да се прими на превоз, ако се исполнети тие услови.

Член 29

Испраќачот е одговорен за штетата која е причинета на лица, возни средства и друга стока од дејството на својствата на стоката која е предадена на превоз, ако на превозникот тие својства не му биле ниту можеле да му бидат познати.

### 4.1. Товарен лист

Член 30

Испраќачот е должен на превозникот да му предаде за секоја пратка товарен лист на образец пропишан со Конвенцијата за меѓународен превоз на стоки и патници (КОТИФ), односно со прописот ЦИМ кој се однесува на меѓународен превоз на стока по железница.

Член 31

(1) Товарниот лист содржи:

1) место и датум на составување;

2) назив на упатната станица;

3) име и презиме или назив на примачот и негова адреса;

4) назначување на видот, количината и тежината на стоката;

5) број на вагон, а за вагоните на корисниците на превозот и дарата (кај пратките кои ги товари испраќачот);

6) име и презиме или назив на испраќачот, негова адреса, потпис и печат;

7) жиг на отправната станица;

8) превозни и други трошоци и

9) список на исправи кои се приложуваат со товарниот лист.

(2) Товарниот лист може да содржи рок на испорака и други податоци во врска со превозот.

Член 32

За секоја пратка се предава товарен лист, освен за стока за чие товарење, според нејзините димензии, се потребни повеќе вагони или ако поинаку се договори.

Член 33

Испраќачот е одговорен за точноста на податоците и изјавите кои тој ги внесува во товарниот лист, како и за точноста на податоците и изјавите кои ги внесува превозникот по негово барање.

### 4.2. Пренесување на товарен лист

Член 34

(1) Испраќачот и превозникот можат да одредат превозникот да издаде товарен лист по наредба или на донесувачот.

(2) На примерокот на товарниот лист кој му се предава на испраќачот изрично е назначено дека тој се пренесува, а на примерокот кој ја придружува стоката да биде означено дека е издаден товарен лист што се пренесува.

(3) Товарниот лист од ставот (1) на овој член го потпишуваат превозникот и испраќачот или лица кои ќе ги овластат тие.

(4) Ако е извршен препис на товарниот лист од ставот (1) на овој член, на секој препис тоа мора да биде видливо означено и тие преписи мораат да имаат предупредување дека врз нивна основа не може да се располага со стоката.

(5) Условите на договорот за превоз и тарифата го обврзуваат имателот на товарниот лист од ставот (1) на овој член, кој не е испраќач, само ако се содржани во товарниот лист или на нив изрично се повикува во товарниот лист.

Член 35

(1) Товарниот лист од членот 34 на овој закон, по наредба се пренесува со индосамент, а товарниот лист кој гласи на донесувачот со предавање.

(2) На формата и правното дејство на товарниот лист што се пренесува со индосаментот соодветно се применуваат прописите за меница, освен одредбите кои се однесуваат на регрес.

(3) Ако во товарен лист по наредба не е означен примачот на стоката, таквиот товарен лист се пренесува со наредба од испраќачот.

### 4.3. Трошоци за превоз

Член 36

(1) Трошоците за превоз (превознина, додаток на превознина, надоместок за споредни услуги и слично) и другите трошоци настанати во текот на превозот ги плаќа испраќачот според тарифа, која важела на денот на склучувањето на договорот за превоз или примачот ако го откупил товарниот лист, а испраќачот не го презел врз себе плаќањето на трошоците за превоз.

(2) Превозникот е должен во товарниот лист да ги внесе износите на трошоците од ставот (1) на овој член и другите расходи кои се плаќаат во готово.

Член 37

Со договор може да биде предвидено правото на испраќачот издавањето на пратката на примачот да го услови со исплата на одреден паричен износ-претприемно плаќање.

### 4.4. Проверување и утврдување на масата и содржината на пратката

Член 38

(1) При приемот на стоката на превоз, превозникот има право да провери дали пратката одговара на податоците во товарниот лист и дали се исполнети посебните услови за превоз на таа стока.

(2) Масата и содржината на пратката превозникот може да ги провери во попатна станица само ако тоа го бараат сообраќајните, царинските или други прописи.

Член 39

(1) Превозникот е должен, по барање на испраќачот кој е впишан во товарниот лист, да ги утврди масата и бројот на парчињата ако инструментите за вагање кои стојат на располагање се доволни, а природата на стоката и сообраќајните околности го овозможуваат тоа.

(2) Ако масата не може да се утврди во отправната станица, тоа се прави во првата погодна попатна станица.

Член 40

(1) Превозникот е должен утврдената маса и бројот на парчињата на пратката да ги впише во товарниот лист и да го завери со потпис и печат.

(2) Во поглед на стоката која ја натоварил испраќачот, податоците во товарниот лист, кои се однесуваат на масата и бројот на парчињата, служат како доказ спрема превозникот само во случај кога превозникот ги утврдил масата и бројот на парчињата и тоа го потврдил во товарниот лист. Тие податоци во товарниот лист можат, по потреба, да се докажуваат и на друг начин.

(3) Ако се утврди дека стварниот кусок на масата или бројот на парчињата не одговара на податоците во товарниот лист или ако превозникот не ги заверил тие податоци, истите не можат да служат како доказ против превозникот, а особено ако вагоните му се предадени на примачот со исправни оригинални пломби.

(4) Ако при предавањето на пратката на примачот со проверката се утврди помала количина на пратката и на масата од ставот (1) на овој член превозникот не може да биде ослободен од плаќање на надомест за настанатата штета.

Член 41

(1) За утврдување на масата и бројот на парчињата, корисникот на превозот ја плаќа договорената превознина.

(2) За неточно именување на стоката, кое влијае на висината на превознината, како и за разлика во маса над 2% превозникот има право, покрај наплатената превознина, да наплати уште и двоен износ на разликата од превознината.

Член 42

(1) Ако поради неисправни, неточни или непотполно впишани податоци или изјави во товарниот лист, се превезува пратка со стока која е исклучена од превоз или пратка со стока која се превезува под посебни услови, а тие услови не се исполнети или се кршат прописите за безбедност на сообраќајот, или вагоните се преоптоварени (претег), превозникот е должен целата пратка, односно вишокот да го истовари на првата станица, каде што е можно, на трошок и на ризик на испраќачот и да го извести за тоа.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член превозникот има право да бара трикратен износ на превознината, како и надомест на штета која настанала поради тоа.

### 4.5. Извршување на царински и други дејства

Член 43

Превозникот може во текот на превозот, за сметка на корисникот на превозот, да извршува царински и други дејствија согласно со царинските и други прописи.

Член 44

(1) Испраќачот е должен со товарниот лист да приложи исправи потребни за извршување на дејства, кои мораат да се извршат пред издавањето на пратката на примачот врз основа на царинските и други прописи.

(2) Превозникот не е должен да испитува дали поднесените исправи се точни и доволни.

Член 45

(1) Испраќачот му одговара на превозникот за штетата настаната поради недостаток, неточност или неисправност на исправите, ако за тоа нема вина на превозникот.

(2) Превозникот одговара за штетата која настанала со губење или неправилна употреба на исправите приложени кон товарниот лист, освен ако докаже дека не е виновен за штетата.

(3) Износот на надомест на штетата од ставот (2) на овој член не може да биде поголем од износот кој би бил должен да го надомести превозникот кога предметот предаден на превоз би бил изгубен.

### 4.6. Измена на договорот за превоз

Член 46

(1) Ако не е издаден товарен лист што се пренесува, испраќачот има право, покрај обврската за надоместок на трошоците, да го измени договорот за превоз и од превозникот да бара да:

1) му се врати стоката во отправната станица;
2) се запре попатно превозот на стоката;
3) се одложи издавањето на стоката;
4) се издаде стоката на некој друг примач;
5) се издаде стоката во некоја друга упатна станица;
6) се врати стоката во отправната станица;
7) се наплатат од него паричните износи наместо од примачот, за кои во товарниот лист е означено дека ќе ги плати примачот и
8) се оптовари стоката дополнително со претприемно плаќање или износот на претприемното плаќање да се зголеми или намали, или да се откаже од дополнителната исплата.

(2) Барањето за измена на договорот за превоз, како и потврдата за прием на барањето, мораат да бидат во писмена форма.

Член 47

Примачот има право, под услови и на начин од членот 46 на овој закон, да го измени договорот за превоз ако испраќачот во товарниот лист означи дека примачот има право да располага со пратката или ако испраќачот му го предаде дупликатот од товарниот лист.

Член 48

(1) Ако е издаден товарен лист што се пренесува, со стоката предадена на превоз може да располага само овластен имател на товарен лист што се пренесува и тоа под услов да ги исполни сите обврски кои произлегуваат од товарниот лист што се пренесува.

(2) Имателот на товарниот лист што се пренесува, под услови од ставот (1) на овој член, има право да го измени договорот за превоз и да бара:

1) превозот да запре;

2) стоката да се издаде во некоја друга упатна станица или

3) стоката да се врати во отправната станица.

(3) Барањето за измена на договорот за превоз, како и потврдата за прием на барањето, мораат бидат составени во писмена форма.

Член 49

Превозникот може да одбие да изврши измена на договорот за превоз, ако:

1) измената на договорот не е можна во моментот кога барањето пристигнало во станицата која треба да ја изврши измената;

2) со измената на договорот за превоз би дошло до нарушување во сообраќајот;

3) измената на договорот е спротивна на царинските или други прописи и

4) во случај на измена на договорот во упатната станица вредноста на стоката не би ги покрила трошоците за превоз до новата упатна станица, освен ако износот за тие трошоци се плати веднаш или се преземе гаранција.

Член 50

(1) Ако превозникот го одбие барањето за измена на договорот, а не постојат причини од членот 49 на овој закон, тој е одговорен за штетата која ќе настане поради тоа.

(2) Надоместокот на штетата од ставот (1) на овој член не може да биде поголем од износот кој би бил должен да го надомести превозникот кога стоката предадена на превоз би била изгубена.

**4.7. Извршување на превозот**

Член 51

(1) Ако природата на стоката бара пакување и обележување, испраќачот е должен да ја спакува на таков начин што за време на превозот да се сочува од потполно или делумно губење и оштетување, како и да се спречи нанесување штета на лица, возни средства или на други предмети.

(2) Испраќачот одговара за штетата причинета на превозникот или на други лица поради тоа што предметот воопшто не е спакуван или обележан или е недоволно спакуван или обележан.

(3) Ако во товарниот лист не е наведено дека предметот не е воопшто спакуван или обележан, или дека не е доволно спакуван или обележан, превозникот е должен да го докаже постоењето на тие недостатоци.

Член 52

(1) Испраќачот е должен да ја натовари стоката во договорениот рок (рок на товарење).

(2) Ако рокот на товарење е надминат за повеќе од 24 часа превозникот може, на трошок и на ризик на испраќачот, да ја истовари стоката и привремено да ја смести или да ја предаде на шпедитер или во јавно складиште.

(3) Во случај да се пречекори рокот на товарење, превозникот има право на посебен надоместок од испраќачот.

Член 53

(1) Превозникот е должен да ја превезе стоката во договорениот рок (рок на испорака).

(2) Ако рокот на испорака не е договорен, превозникот е должен да го изврши превозот за време кое е вообичаено за превоз на таква стока, имајќи ја предвид должината на патот и видот на превозот.

(3) Ако поинаку не е договорено, рокот на испорака почнува да тече од полноќ по приемот на стоката за превоз, а за лесно расипливата стока и за живите животни предадени претпладне, од 12,00 часот истиот ден.

(4) Рокот на испорака не тече за време на задржување на пратката, кое настанало поради:

1) проверување на содржината и тежината на пратката ако со ова проверување е утврдена неточност на податоците во товарниот лист;

2) дејства на царинските или други органи;

3) измени на договорот за превоз извршени по барање на испраќачот;

4) посебните дејства во врска со пратката (хранење и поење на живите животни, додавање мраз и слично) и

5) други причини кои го спречуваат почетокот или продолжувањето на превозот, ако нема вина на превозникот за тоа.

(5) Превозникот може да бара продолжување на рокот на испорака поради причините наведени во ставот (4) од овој член само ако причината и траењето на задржувањето на пратката ги впишал во товарниот лист.

(6) Рокот на испорака е запазен ако пред неговото истекување примачот е известен за пристигнувањето на пратката и ако стоката се подготви за издавање, а за пратката за која не е потребно известување - ако пред истекот на рокот за испорака, стоката е подготвена за издавање.

Член 54

(1) Ако не е поинаку одредено со договорот, превозникот е должен да го извести примачот за пристигнувањето на пратката со тоа што има право на надоместок на трошоците.

(2) Превозникот е должен да го извести примачот веднаш, откако пратката ќе ја подготви за издавање.

(3) Во известувањето, превозникот мора да го наведе рокот во кој стоката може да се подигне.

(4) Се претпоставува дека известувањето е извршено:

1) со препорачано писмо - 24 часа по предавањето на писмото во пошта;

2) со телеграма - 12 часа по предавањето на телеграмата;

3) по телефон или телекс - по извршениот разговор, односно по потврдата за прием на телексот во текот на работниот ден или

4) непосредно - со предавање на известувањето.

Член 55

(1) Ако при превозот на стоката настанат пречки кои можат да се отстранат со превоз преку помошен пат, стоката се превозува до упатна станица преку тој помошен пат без наплата на поголема превознина од утврдената во договорот.

(2) Ако пречката при превозот не настанала по вина на превозникот, рокот на испорака се смета според стварно употребениот превозен пат.

(3) Ако натамошен превоз поради настанатите пречки или од други причини не е можен, испраќачот може да го раскине договорот за превоз, но е должен на превозникот да му плати превознина за извршениот превоз, како и трошоците предвидени со тарифата ако овие пречки, односно други причини не настанале по вина на превозникот.

(4) Испраќачот може во товарниот лист однапред да даде упатство ако случајно се појави пречка при превозот.

Член 56

(1) Пречка при издавањето на пратката постои, ако:

1) примачот не може да се пронајде;

2) примачот го одбие приемот на пратката;

3) товарниот лист не е откупен во предвидениот рок и

4) издавањето го забранил надлежен орган.

(2) Превозникот е должен, без одлагање и на најбрз начин, да го извести испраќачот за пречката при издавањето на пратката и да побара упатство од него.

(3) Ако упатството на испраќачот не пристигне во примерен рок или ако не може да се изврши упатството, или ако не е можно да се извести испраќачот, превозникот има право стоката да ја смести привремено, на трошок и на ризик на испраќачот и во тој случај превозникот одговара како чувар.

(4) Во случајот од ставот (3) на овој член, превозникот има право да ја предаде стоката на шпедитер или на јавно складиште на трошок и на ризик на испраќачот со тоа што одговара за нивниот избор.

(5) Превозникот е должен без одлагање да го извести испраќачот за дејствата од ставовите (3) и (4) на овој член.

Член 57

(1) Превозникот е должен да му ги издаде на примачот товарниот лист и стоката во упатната станица која ја означил испраќачот откако примачот ќе го потврди нивниот прием и ќе ги уплати износите наведени во товарниот лист.

(2) Исто дејство, како и издавањето на стоката на примачот има предавањето на стоката од страна на превозникот на друг превозник, јавно складиште, шпедитер, царински или на други органи, како и ставањето на стоката на привремено сместување.

(3) Товарниот лист и стоката му се издаваат на донесувачот на извештајот за пристигнување на стоката на кој примачот го потврдил приемот со потпис и печат.

Член 58

(1) Ако превозникот или носителот на правото утврдат или се посомневаат дека постои делумно губење или оштетување на стоката подготвена за превоз, превозникот е должен веднаш да состави записник за увид и да ја утврди состојбата, а по потреба, и тежината на стоката, како и причината и висината на штетата, ако е тоа можно, наведувајќи го и времето кога и под кои околности се случила штетата.

(2) Превозникот му издава на носителот на правото примерок од записникот за увид.

(3) Ако е можно, превозникот е должен губењето или оштетувањето на стоката да ги утврди во присуство на носителот на правото, а по потреба и во присуство на еден или повеќе вешти лица или сведоци.

(4) Ако при увидот извршен по барање на носителот на правото не се утврди никаква штета, или се утврди само штета која веќе ја признал превозникот, носителот на правото е должен да ги надомести настанатите трошоци.

Член 59

(1) Носителот на правото може, без посебно докажување да смета дека стоката е изгубена ако не му била издадена на примачот или не му била подготвена за издавање во рок од 30 дена по истекот на рокот на испорака.

(2) Ако стоката се пронајде во рок од една година по исплатата на штетата, превозникот е должен веднаш во писмена форма да го извести носителот на правото за пронајдената стока.

(3) Во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето за пронаоѓање на стоката, носителот на правото може да бара да му се издаде стоката во која било станица со плаќање на превознината од првата отправна станица до станицата во која се бара издавањето.

(4) Ако ја преземе пронајдената стока, носителот на правото е должен да го врати примениот надоместок за штета со одбивање на трошоците кои евентуално биле опфатени со таа штета, но го задржува правото на побарување штета поради пречекорување на рокот на испорака.

**4.8. Однесување и продажба на стока**

Член 60

(1) Примачот е должен да ја однесе стоката во договорениот рок (рок за однесување) и во редовното работно време на упатната станица.

(2) Ако рокот за однесување е пречекорен за повеќе од 24 часа, превозникот може на трошок и на ризик на примачот, да ја истовари стоката и да ја смести привремено или да ја предаде на шпедитер, јавно складиште или на друг превозник заради доставување на примачот со тоа што тој одговара за нивниот избор.

(3) Во случај на пречекорување на рокот за однесување, превозникот има право на посебен надоместок одреден со тарифата.

Член 61

(1) Превозникот има право и должност, постапувајќи како добар стопанственик:

1) да ја продаде веднаш стоката која не може да се издаде, а според оценката на упатната станица е подложена на расипување, живите животни или предметите кои според месните прилики не можат привремено да се сместат, ниту да се предадат на шпедитер или јавно складиште;

2) во рок од 30 дена по истекот на рокот за однесување да ја продаде стоката која не може да се издаде и која испраќачот не ја земал назад и

3) пред истекот на рокот од точката 2 на овој став да ја продаде стоката, чија вредност поради долгата лежарина несразмерно би се намалила или трошоците за лежарина не би биле сразмерни со вредноста на стоката.

(2) Превозникот е должен да го извести без одложување испраќачот за продажбата која има намера да ја изврши, ако тоа е можно според околностите.

(3) Превозникот составува записник за продажба и еден примерок му доставува на испраќачот.

(4) Превозникот е должен износот добиен со продажбата, по одбивањето на трошоците кои сè уште не се платени, како и расходите кои настанале во врска со продажбата, да му го стави на располагање на испраќачот.

(5) Ако износот добиен од продажбата не е доволен за покривање на трошоците и расходите, испраќачот е должен да ја доплати разликата.

(6) Ако примачот го откупил товарниот лист, а не ја однел стоката во рокот за однесување, превозникот уште еднаш ќе го повика да ја однесе стоката и ќе му соопшти дека стоката е сместена во складиште на негов трошок и ризик.

(7) Ако примачот ни по повторното повикување не ја однесе стоката, превозникот може да ја смести, односно да ја продаде стоката согласно со ставот (1) на овој член.

### 4.9. Одговорност на превозникот

Член 62

(1) Превозникот кој ја примил стоката на превоз со товарен лист одговара за извршување на превозот на целиот превозен пат сè до издавањето на стоката на примачот.

(2) Превозникот одговара за штетата настаната во текот на превозот поради целосно или делумно губење или оштетување на стоката, како и за штетата настаната поради пречекорување на рокот на испорака.

(3) Превозникот одговара за штетата која ја причиниле лица кои работеле на извршувањето на превозот по негов налог.

Член 63

Превозникот одговара за губењето или оштетувањето на стоката и за штетата настаната поради пречекорување на рокот на испорака, освен ако докаже дека штетата настанала поради дејства или пропуст на корисникот на превозот, својствата на стоката или надворешни причини кои не можеле да се предвидат, избегнат или отстранат.

Член 64

За штетата одговараат солидарно превозниците кои учествувале во превозот.

Член 65

Превозникот се ослободува од одговорност ако губењето или оштетувањето на стоката настанало поради посебна опасност, која е во врска со една или повеќе од долу наведените околности:

1) при превоз кој се врши во отворени вагони врз основа на важечки прописи или спогодби постигнати со испраќачот и наведени во товарниот лист;

2) заради тоа што стоката не е пакувана или ако не е доволно пакувана, па поради тие недостатоци е изложена на губење или оштетување;

3) со товарење на стоката, неправилно товарење и истоварање, кога товарењето или истоварањето ги врши испраќачот, односно примачот врз основа на важечките прописи или договор склучен со испраќачот или примачот;

4) поради природата на стоката, која по своите својства е особено изложена на целосно или делумно губење или оштетување поради кршење, 'рѓање, гниење, мраз, топлина, истекување, сушење, расипување или слично;

5) со предавање на превоз под неисправно, неточно или непотполно означување на стоката, која е исклучена од превоз или се прима на превоз под посебни услови или ако испраќачот не преземе мерки за особена внимателност, кои се пропишани за стоката која се прима на превоз под посебни услови;

6) со посебна опасност на која се изложени живите животни при превозот и

7) со превоз на живи животни или друга стока која врз основа на тарифата или договор со испраќачот наведени во товарниот лист, мораат да се извршат со придружба ако губењето или оштетувањето настанат поради пропуштање на придружникот да ја отстрани опасноста во врска со превозот на оваа пратка.

Член 66

(1) Ако превозникот утврди дека според околностите на случајот, губењето или оштетувањето можело да настане во врска со една или повеќе опасности наведени во членот 65 од овој закон, се претпоставува дека штетата произлегла оттаму. Оваа претпоставка не се применува во случај предвиден во членот 65 став (1) точка 1 од овој закон ако дошло до очигледен кусок или губење на цели парчиња.

(2) Носителот на право може да докажува дека штетата, целосно или делумно не настанала во врска со која било од овие околности.

Член 67

(1) Кога е во прашање стока која поради својата природа, редовно губи во масата при превозот, превозникот одговара само за оној дел кој без разлика на должината на поминатиот пат, ги преминува следниве граници на губење:

1) 2% од масата - за течност или стока предадена на превоз во влажна состојба, како и за следната:
- свинска четина,
- дрво за боење, стругано или мелено,
- дрво слатко (госпино растение),
- тутун во лист, свеж,
- тутун сечен,
- хмељ,
- коњски влакна,
- корења,
- кора,
- коски цели и мелени,
- кожа преработена,
- кожа сурова,
- крзна,
- лепак свеж,
- масти,
- отпадоци од кожа,
- печурки свежи,
- зеленчук свеж,
- риби сушени,
- рогови и папци,
- сапун и цврсти масла,
- сол,
- тресет,
- јаглен и кокс,
- овошје, свежо или сушено,
- волна и
- животински жили и

2) 1% од масата-за друга стока.

(2) Превозникот не може да се повика на ограничување на одговорноста од ставот (1) на овој член, ако носителот на правото докаже дека губењето не настанало поради причина која повлекува природно губење во тежината на стоката, како и во случај на целосно губење на стоката.

Член 68

(1) Ако превозникот е обврзан да му плати надоместок на штета на носителот на правото за целосно или делумно губење, вредноста на стоката се смета по пазарна цена, а ако цената на стоката е одредена, тогаш по одредената цена. Цената се одредува според местото и времето на приемот на стоката на превоз.

(2) Износот на штетата која ја плаќа превозникот за губење или оштетување на стоката не може да биде поголем од 15 денари по килограм бруто - маса на изгубената или оштетената стока.

(3) Во случај на оштетување на стоката, превозникот е должен да му го плати на носителот на правото само износот за кој е намалена вредноста на стоката.

(4) Ако при оштетувањето целата пратка, односно само еден дел од пратката ја изгубила вредноста, штетата не може да го надмине износот кој би се платил во случај на губење на целата пратка, односно оној дел кој ја изгубил вредноста.

(5) Покрај надоместокот на штета за стоката, превозникот е должен да ги надомести трошоците за превоз, царинските давачки и други трошоци во врска со превозот на изгубената стока.

Член 69

(1) Ако носителот на правото докаже дека поради пречекорувањето на рокот на испорака претрпел штета, вклучувајќи го и оштетувањето, превозникот е должен да ја плати докажаната штета, но најмногу до трикратен износ на превознината.

(2) Во случај на губење на стоката, не може да се бара надоместок на штета поради пречекорување на рокот на испорака.

(3) Во случај на делумно губење на стоката, надоместокот на штетата од ставот (1) на овој член не може да биде поголем од трикратниот износ на превознината за делот на пратката кој не е изгубен.

(4) Во случај на оштетување на стоката, кое не настанало поради пречекорување на рокот на испорака, надоместокот на штетата од ставот (1) на овој член се плаќа, зависно од случајот и покрај платениот надоместок на штета од членот 68 на овој закон.

(5) Вкупниот надоместок на штета предвиден во ставот (1) на овој член, заедно со надоместокот на штетата од членот 68 на овој закон, не може да биде поголем од износот кој би требало да се плати во случај на целосно губење на стоката.

Член 70

(1) Барањето за надоместок на штета во случај на пречекорување на рокот на испорака мора да се достави најдоцна во рок од 15 дена од денот на издавањето на стоката.

(2) Ако барањето за надоместокот на штета не се достави во рокот од ставот (1) на овој член, превозникот повеќе не е одговорен за таа штета.

Член 71

Превозникот може да се повика на одредбите од членовите 68 и 69 на овој закон, само ако докаже дека штетата не ја причинил намерно или од невнимание.

Член 72

Ако испраќачот при предавањето на стоката на превоз го означил во товарниот лист износот за посебно обезбедување на уредно издавање, покрај штетата предвидена во членовите 67, 68 и 69 од овој закон, може да бара и надоместок за друга докажана штета до висината на означениот износ на обезбедување.

## VI. КОМБИНИРАН ПРЕВОЗ

Член 73

(1) Ако врз основа на договорот со испраќачот превозот го извршуваат превозници од разни гранки на сообраќајот (комбиниран превоз), превозникот кој го склучил договорот одговара за штетата според оние прописи за надоместок на штета кои важат за превозникот на чиј дел од патот настанала штетата.

(2) Ако превозникот во извршувањето на превозот користи превозници од други гранки на сообраќајот без знаење на испраќачот, превозникот кој го склучил договорот одговара за штетата според одредбите од овој закон без оглед на чиј дел од патот настанала штетата ако тоа е поповолно за корисникот на превозот.

## VII. РЕКЛАМАЦИИ

Член 74

(1) Побарувањето од договорот за превоз, носителот на правото може да го оствари со поднесување рекламации на превозникот во писмена форма и тоа на начин предвиден со тарифата или со поднесување тужба на суд, доколку превозникот не го исплати бараниот надоместок на штета во рок од 30 дена од денот на доставувањето на рекламацијата.

(2) По барање на носителот на правото, превозникот ја плаќа затезната камата од денот на доставувањето на рекламацијата на превозникот.

(3) На побарувањето од превозникот, каматата тече од денот на доставувањето на барањето на корисникот на превозот.

Член 75

(1) Право на рекламација, односно тужба за побарување врз основа на овој закон има:

1) патник - ако е во прашање превоз на патници и багаж;

2) испраќач - додека има право да располага со стоката и ако е во прашање побарување по основ на претприемно плаќање и

3) примач - од моментот на приемот на товарниот лист.

(2) Рекламација, односно тужба може да поднесе и друго лице ако на него преминало побарувањето од лицата од ставот (1) на овој член спрема превозникот.

Член 76

(1) Правото спрема превозникот кое произлегува од договорот за превоз на стока и багаж, престанува кога носителот на правото ќе ја прими пратката.

(2) По исклучок, право на побарување од ставот (1) на овој член не престанува:

1) ако носителот на правото докаже дека штетата е предизвикана намерно или од невнимание на превозникот;

2) во случај на делумно губење или оштетување, ако:

а) делумното губење или оштетување се утврдени според одредбите од членот 58 на овој закон пред да ја прими пратката носителот на правото и

б) по вина на превозникот е пропуштено да се изврши утврдување на губење или оштетување на стоката според одредбите од членот 58 на овој закон;

3) ако оштетувањето или делумното губење носителот на правото не можел да ги види при приемот на пратката:

а) под услов барањето за утврдување на оштетувањето, односно делумното губење, според одредбите од членот 59 на овој закон, носителот на правото да го поднел веднаш кога ја открил штетата, но најдоцна во рок од три дена за багаж, односно седум дена за стока сметајќи од денот на приемот и ако носителот на правото докаже дека штетата се случила во време меѓу приемот на превоз и издавањето на пратката и

4) ако побарувањето се однесува на враќање на платени износи или на претприемното плаќање.

## VIII. ЗАСТАРЕНОСТ НА ПОБАРУВАЊАТА

Член 77

Побарувањата од договорот за превоз застаруваат, и тоа:

1) побарувањето поради повеќе, односно помалку наплатена превознина, надоместоците за споредни услуги, додатоците на цена, односно превознина за превоз или други трошоци - за шест месеца;

2) побарувањето поради смрт, телесна повреда или душевна болка на патниците - за три години и

3) други побарувања - за една година, ако со овој закон поинаку не е одредено.

Член 78

Застареноста почнува да тече:

1) кај превоз на патници - од денот на истекот на рокот на важење на возниот билет;

2) кај побарувањето поради смрт, телесни повреди или душевна болка на патниците - од денот на несреќата, односно од денот на настанувањето на штетата;

3) кај побарувањето поради делумно губење или оштетување на стоката или багажот, како и поради пречекорување на рокот на испорака - од денот на издавањето на стоката, односно багажот;

4) кај побарувањето поради целосно губење на стоката - по истекот на 30 дена од денот на истекот на рокот на испораката;

5) кај побарувањето поради целосно губење на багаж - по истекот на 14 дена од денот на истекот на рокот на испораката;

6) кај побарувањето поради помалку или повеќе платени износи - од денот на плаќањето, а ако немало плаќање - од денот на издавањето на пратката;

7) кај побарувањето поради повеќе или помалку платени износи, ако испраќачот го платил износот на име на трошоци за превоз кои не можат точно да се утврдат при предавањето на стоката на превоз, туку се пресметуваат дополнително - од денот на извршената пресметка на превозникот со испраќачот;

8) кај побарувањето на износот кој го платил примачот наместо испраќачот или кој го платил испраќачот наместо примачот и кој превозникот го враќа на носителот на правото - од денот на поднесувањето на рекламацијата;

9) кај побарувањето кое се однесува на дополнителната исплата - по истекот на 14 дена од денот на истекот на рокот на испораката;

10) кај побарувањето на вишокот на средствата кој во случај превозникот да ја продаде стоката, останува по исплатувањето на побарувањето - од денот кога е извршена продажбата;

11) кај побарувањата настанати поради тоа што превозникот извршил исплата за корисникот на превозот на царинскиот орган - од денот на извршената исплата и

12) во сите други случаи - од денот на настанувањето на побарувањето.

Член 79

Застарено побарување не може повеќе да се бара ни со против тужба ни со приговор на тужба.

Член 80

(5) Нотарски акти, пари и предмети во нотарска канцеларија можат да бидат одземени само во случај кога тие се изрично наведени во решението за претрес донесено од надлежен судија во кривична постапка, при што се составува записник, чиј препис му се предава на нотарот. За времетраењето на постапката нотарот ги задржува преписите верни на оригиналот кои имаат важност на оригинални документи.

**Ослободување од трошоците**

Член 34

Кога некоја странка е сиромашна, нотарот е должен бесплатно да и ги даде неопходните услуги, врз основа на претходна писмена потврда од Комората која на нотарот ќе му ги надомести направените трошоци за услугата.

**Материјална одговорност**

Член 35

(1) Нотарот е одговорен за штета која во службата или во врска со службата, намерно или од крајна небрежност, ја предизвикал на странка или трето лице.

(2) Нотарот одговара за штета согласно со општите правила за надоместок на штета што ја предизвикале службени лица.

(3) Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се покрене, ако од денот кога е сторена материјалната штета поминале три години.

(4) Државата не одговара за штетата што ја предизвикал нотарот.

(5) Нотарот одговара и за штета предизвикана од неговиот помошник, заменик, стручни соработници или приправници, во однос на кои има право на регрес.

(6) Нотарот одговара солидарно со неговиот заменик, односно помошник ако го овластил самостојно да ги презема работите во вршење на служба.

(7) Задолжителното осигурување на нотарот од ризици во вршењето на неговата служба предвидена со овој закон не го ослободува нотарот од неговата директна одговорност кон оштетениот за износот на штетата исплатена од осигурувачот.

## IV. ОПШТИ ОДРЕДБИ ЗА НОТАРСКИТЕ ИСПРАВИ

**Начин на пишување на нотарските исправи**

Член 36

(1) Нотарските исправи треба да бидат напишани на машина за пишување или со други средства за пишување, јасно и читливо, или рачно во исклучителни случаи и тоа со трајно мастило или друго трајно хемиско средство.

(2) Кратенките во исправите можат да се употребуваат само ако се вообичаени или општопознати. Празните места во текстот се пополнуваат со црти и без никакви измени и бришења, како и дополнувањата меѓу редовите.

(3) Кога е неопходно да се изврши некоја измена, дополнување или бришење, тоа се врши на крајот на исправата, и тоа на следниов начин:

а) се заокружува зборот што се брише или менува, така што зборот да остане читлив;

б) се наведува измената или дополнувањето на крајот на исправата и

в) се назначува бројот на избришаните или изменетите зборови, со назначување дека тоа е прочитано и констатирано.

(4) Доколку измените и дополнувањата се вршат откако исправата е потпишана, тогаш исправата повторно ја потпишуваат странките, сведоците и другите учесници во составувањето на исправата, но сега по извршените измени и дополнувања назначени на крајот на исправата.

(5) По потписот на нотарот не смеат да се допишуваат никакви измени или дополнувања. Во случај исправата да содржи грешки кои ја менуваат материјалната содржина на актот, тогаш со учество на странките кои ја потпишале исправата се прави анекс кон актот или друг акт кој ја заменува исправата што содржи грешки. За техничките и јазичките грешки, по писмено овластување на странките, нотарот може сам да направи исправка на актот.

(6) Поблиските правила за формата, начинот на пишување и обележувањето ги определува министерот со посебен правилник.

**Потпишување на нотарските исправи**

Член 37

(1) Нотарот е должен нотарската исправа своерачно да ја потпише на крајот на исправата. Покрај потписот тој ќе го стави и својот службен печат.

(2) На крајот од изворникот на нотарскиот акт, но над потписот на нотарот, се ставаат потписите на учесниците и сведоците ако учествувале при составувањето на нотарскиот акт. Доколку нотарскиот акт се состои од повеќе страници нотарот, учесниците и сведоците ја потпишуваат секоја страница од нотарскиот акт.

(3) При потврдување на приватна исправа, нотарот и учесниците ја потпишуваат секоја страница на приватната исправа. На крајот на исправата, но над потписот на нотарот, се ставаат потписите на учесниците и сведоците ако учествувале во составувањето на исправата.

(4) Ако учесникот не знае да пишува нотарот ќе го забележи тоа во исправата. Ако тој не може да пишува во исправата ќе се наведе и причината за тоа.

(5) Ако странката не знае или не може да пишува, при ставање на ракознак на исправите составени или потврдени од страна на нотар, освен ако со закон поинаку не е утврдено, ќе се повикаат по нејзино барање двајца сведоци кои ги исполнуваат законските услови да бидат сведоци и кои не смеат да имаат каква било корист од исправата што се составува или потврдува.

(6) Ако со закон поинаку не е определено, во согласност со странките и со одобрение на нотарот, можат да се исклучат сведоците, а нотарот тоа ќе го забележи во исправата.

**Составување на исправи на странски јазик**

Член 38

(1) Сите акти што нотарот ги изготвил треба да имаат наслов “Република Македонија”.

(2) Сите нотарски акти треба да бидат изготвени на македонски јазик и на неговото кирилско писмо.

(3) Кога една или повеќе странки не го познаваат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, во тој случај:

а) нотарот ако истовремено е и судски преведувач за некој странски јазик, треба во актот да го наведе неговото својство на судски преведувач за секој странски јазик, како и тоа дека тој самиот го направил преводот и

б) ако нотарот не го познава јазикот на кој зборува странката потребно е учество на преведувач избран од двете странки. Преведувачот треба да ги исполнува сите законски услови за да биде сведок. Тој не може да биде избран меѓу сведоците кои учествувале при составувањето на актот. Тој треба да даде изјава пред нотарот дека правилно го извршил преводот, а нотарот тоа ќе го забележи во актот.

(4) Неопходно е присуството на двајца сведоци од кои барем едниот мора да го познава странскиот јазик. Ако некоја од странките не може да се потпише, сите сведоци треба да го познаваат странскиот јазик.

(5) Ако актот се составува на различни јазици, секој од текстовите ќе биде напишан еден до друг (или еден под друг) и потпишан од сите учесници во неговото изготвување (странки, сведоци, преведувач, нотар).

(6) Припадник на заедниците, граѓанин на Република Македонија, кој како странка не го разбира или не го зборува македонскиот јазик или неговото кирилско писмо има право на преведувач.

**Броеви во нотарската исправа**

Член 39

(1) Броевите во нотарската исправа се забележуваат со букви.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член нема да се применува при составувањето попис и исправи за делба на наследство, исправи за процени и за јавни продажби.

(3) Во исправите за делба на наследство со букви ќе се испише конечниот износ, како и износите што странките ги побаруваат една од друга.

(4) Во исправите за процени со букви ќе се напишат резултатите од извршената процена, а во исправите составени за јавни продажби (лицитации) на недвижности и подвижни предмети последната понуда.

(5) Датумот на нотарската исправа ќе се испише и со букви.

(6) Броевите на катастарските влошки и парцели и површината на парцелите се пишуваат само со броеви.

(7) При повикување на која било друга исправа и на одредби од закон и друг пропис, датумот и броевите се пишуваат само со броеви.

**Чување и издавање на исправи**

Член 40

Ако со овој закон поинаку не е предвидено, нотарските исправи се чуваат кај нотарот кој ги составил, а на странките им се издаваат изводи. Изводот има иста важност како и изворникот и тој се издава на странките за што на крајот на оригиналот ќе забележи дека е издаден извод. Следните изводи ќе се издаваат по барање на странките, а нотарот и тоа ќе го забележи на крајот на изводот и ќе стави реден број.

**Привремено одземање на исправи**

Член 41

(1) На нотарот може привремено да му се одземе нотарска исправа, само врз основа на одлука на суд. Судот е должен на нотарот да му издаде писмена потврда за одземената исправа.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член нотарот на местото на издадената исправа ќе вметне заверен препис и врз преписот ќе го забележи денот кога актот му е испратен на судот и бројот на одлуката врз основа на која актот е испратен.

## V. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ОВЛАСТУВАЊАТА И РАБОТЕЊЕТО НА НОТАРИТЕ

### 1. Нотарски акти за правните работи

**Правни работи за кои нотарскиот акт е задолжителен**

Член 42

(1) Нотарски акт е задолжителен за:

а) договори за уредување на имотните односи меѓу брачните другари и меѓу лицата кои живеат во вонбрачна заедница;

б) договори за подарок без предавање на предметот во владеење на даропримачот;

в) секој акт за основање, организирање, престанок, статусни и промени на правни лица кои вршат стопанска дејност, институции, фондации и други органи, освен трговските друштва;

г) сите правни работи кои ги преземаат слепи или глуви лица кои не знаат да читаат или неми лица кои не знаат да пишуваат и

д) договори за располагање со имот на малолетни лица и лица на кои им е одземена или ограничена деловната способност.

(2) Со одредбите од ставот (1) на овој член не се задира во одредбите на овој или друг закон според кои за важноста на правната работа е потребно исправата за нив да ја состави суд или нотар.

**Извршност на нотарскиот акт**

Член 43

(1) Нотарскиот акт е извршна исправа ако во него е утврдена определена обврска за чинење за која странките можат да се договорат и ако содржи изјава на обврзникот за тоа дека врз основа на тој акт може заради остварување на чинењето по пристигнувањето на обврската непосредно да спроведе присилно извршување.

(2) Ако нотарскиот акт од овој член е составен врз основа на полномошно, тоа мора да биде заверено и приложено во оригинал или заверен препис направен од нотарот кој го изготвува актот.

(3) Врз основа на нотарскиот акт во кој е содржана обврска за засновање, пренос, ограничување или престанок на некое стварно право може да се изврши упис во јавна книга, ако должникот изрично се согласил за тоа во нотарскиот акт.

(4) Врз основа на нотарскиот акт врз основа на кој е запишан залог во јавна книга, може непосредно да се бара извршување врз таа недвижност заради наплата на обезбеденото побарување, по пристигнувањето на обврската ако должникот со тоа во актот изрично се согласил.

(5) Ако обврската зависи од услов или рок кој не е одреден календарски, за извршноста на нотарскиот акт, потребно е со исправа да се докаже дека настапил условот, односно настапил рокот, а ако тоа не е можно тогаш се утврдува со пресуда во парнична постапка.

(6) Исто правно дејство, како и исправата од ставот (1) на овој член, има приватната исправа со таква содржина што ја потврдил нотарот. Доколку приватната исправа не ја содржи изјавата на должникот за тоа дека врз основа на неа може да се спроведе присилно извршување, таквата изјава ја внесува нотарот во согласност со странките и условите утврдени во членот 45 на овој закон.

(7) Нотарот ќе стави потврда за извршност на исправата, по писмено барање на странката, кон која е приложена заверена изјава дека побарувањето или дел од него пристигнало.

(8) Судот ќе го одложи извршувањето во случаите кога ќе утврди дека при составувањето или издавањето на нотарскиот акт не се почитувани условите кои мораат да бидат исполнети за тој акт да добие сила на јавна исправа или за да стане извршен.

**Постапка за составување на нотарскиот акт**

Член 44

(1) При составувањето на нотарскиот акт, нотарот мора да испита дали странките се способни и овластени за преземање на работите, да им ја објасни целта и последиците и да се увери во нивната вистинска и сериозна волја.

(2) Нотарот изјавите на учесниците целосно, јасно и определено ќе ги состави писмено и потоа сам ќе им ги прочита на странките и со непосредни прашања ќе се увери дали содржината на нотарскиот акт одговара на волјата на странките.

(3) Прилозите секогаш се читаат, освен ако странките не се одречат од тоа право и изјават дека се запознати со нивната содржина, а тоа мора да се утврди во нотарскиот акт.

(4) Нотарски акт се смета дека е составен откако ќе го потпишат сите учесници и нотарот.

**Потврдување на приватни исправи (солемнизација)**

Член 45

(1) Ако не е во прашање правна работа за која според овој или друг закон е задолжително постоење на нотарски акт, странките можат исправата за правната работа да ја потврдат кај нотарот.

(2) Нотарот ќе ја испита приватната исправа дали е во согласност со членовите 26, 27, 28 и 44 од овој закон и, ако за тоа не најде пречка, ќе ја потврди.

(3) Ако приватната исправа е во согласност со одредбите за содржината на нотарскиот акт од членот 55 на овој закон, нотарот таквата исправа ќе ја потврди без притоа посебно да состави нотарски акт на тој начин што потврдата ќе го содржи она што е утврдено во членот 55 став (1) точки б), в), г), е) и и) и став (2) на овој закон.

(4) Ако приватната исправа според формата и содржината не го содржи она што е предвидено во ставот (3) на овој член, потврдувањето ќе се изврши со составување посебен нотарски акт. Во тој случај приватната исправа ќе се пришие заедно со нотарскиот акт и ќе се смета за негов составен дел, односно дополнување. Приватната исправа се потпишува од нотарот и учесниците.

(5) Потврдената приватна исправа од страна на нотарот, кога тоа е во согласност со закон, има важност на јавна исправа.

Член 46

(1) Исправите за правните работи врз основа на кои се врши пренос на правото на сопственост, физичка делба на недвижност, односно размена на недвижности, нотарот ги потврдува согласно со одредбите на овој закон само ако претходно утврдил дека се исполнети условите и постапката предвидени со посебни закони, во спротивно ќе постапи согласно со членот 28 ставови (2) и (3) на овој закон.

(2) Ако е во прашање потврдување на исправа врз основа на која се врши пренос на правото на сопственост, физичка делба на недвижност, односно размена на недвижности, како една од договорните страни се јавува Република Македонија, нотарот е должен да испита дали е прибавено мислење од јавниот правобрани-

тел. Доколку за приватната исправа не е прибавено мислење од јавниот правобранител, нотарот ќе го извести за тоа јавниот правобранител и ќе го одложи потврдувањето на исправата додека не биде дадено мислењето, а најдоцна за 30 дена. Ако јавниот правобранител не даде мислење во определениот рок, нотарот ќе го изврши потврдувањето на исправата како да е дадено мислење.

(3) Доколку јавниот правобранител не достави мислење во рокот утврден во ставот (2) на овој член, надлежниот нотар за непостапувањето на јавниот правобранител ќе ги извести Јавниот правобранител на Република Македонија и надлежниот орган кој го именува јавниот правобранител.

(4) Исправите потврдени спротивно на одредбите на овој член немаат сила на јавна исправа и се сметаат за апсолутно ништовни.

**Утврдување на идентитет и субјективитет**

Член 47

(1) Ако нотарот не ги познава учесниците лично и по име, нивниот идентитет ќе го утврди со важечка лична карта или патна исправа. Ако тоа не е можно, или ако нотарот се сомнева во нивниот идентитет, тогаш идентитетот ќе биде посведочен од двајца сведоци на идентитетот кои пред нотарот ќе изјават дека лично ги познаваат учесниците и кои ги исполнуваат законските услови да бидат сведоци.

(2) Во исправата нотарот ќе наведе на кој начин го утврдил идентитетот на учесниците, со наведување на името, датумот и местото на раѓање, живеалиштето, единствениот матичен број, односно друг идентификационен број, датумот и бројот на исправата употребена за утврдување на идентитетот и органот кој ја издал исправата.

(3) Доколку учесник е правно лице, субјективитетот се утврдува врз основа на извод издаден од надлежен регистар.

**Сведоци при составување на нотарски акт**

Член 48

(1) При составување на нотарски акт се потребни двајца сведоци, и тоа:

а) за тестамент;

б) кога некој од учесниците не го знае службениот јазик;

в) кога некој од учесниците е слеп, глув, нем или глувонем;

г) кога некој од учесниците е неписмен и

д) при сите други случаи предвидени со закон.

(2) Во другите случаи ќе зависи од нотарот и од странките дали при составувањето на актот ќе бидат повикани сведоците на актот, како што е предвидено во ставот (1) на овој член.

**Кој може да биде сведок на составување на нотарски акт**

Член 49

Сведок на составување на нотарски акт мора да биде полнолетно лице, освен ако со овој закон поинаку не е предвидено. Тоа мора да знае да чита и да пишува.

**Кој не може да биде сведок на составување на нотарски акт**

Член 50

Сведок на составување на нотарски акт не може да биде:

а) лице кое не може да сведочи поради својата душевна состојба;

б) лице кое може да има некоја корист од работата при чие склучување сведочело и

в) лице кое со странката или со оној кој со нотарскиот акт би требало да добие некоја корист, или со самиот нотар е во однос поради кој може да бара иземање на нотарот.

**Присутност на сведоците на актот**

Член 51

Ако со законот поинаку не е предвидено, сведоците на актот мораат да бидат присутни кога нотарот им го чита на учесниците нотарскиот акт и кога тие го потпишуваат.

**Писмени глуви, неми и глувонеми учесници**

Член 52

(1) Глувиот учесник кој знае да чита, мора сам да го прочита актот и изрично да изјави дека го прочитал и дека тој одговара на неговата волја.

(2) Немиот или глувонемиот учесник кој знае да чита и пишува мора на нотарскиот акт своерачно да напише дека го прочитал и дека го одобрува. Тие изјави мора да се внесат во нотарскиот акт пред потписот.

(3) Во нотарскиот акт мора да биде назначено дека е постапено согласно со одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Неписмени глуви, неми и глувонеми учесници**

Член 53

Ако глувиот учесник не знае да чита или ако немиот и глувонемиот учесник не знаат да читаат и пишуваат, мора покрај сведоците на актот да се повика и толкувач.

**Преведувачи**

Член 54

(1) Ако некој од учесниците не го знае службениот јазик, покрај сведоците на актот, мора да се повика и судски преведувач. Во нотарскиот акт ќе се наведе дека е така постапено.

(2) Преведувач може да биде и лице вработено кај нотарот, но мора да ги има сите други својства на сведок на нотарски акт.

(3) Преведувач не е потребен ако нотарот и двајцата сведоци на актот, односно друг нотар, го владеат јазикот на учесникот.

(4) Доколку е потребен преведувач, нотарот преку преведувачот ќе ја утврди вистинската и сериозна волја на учесникот и според тоа на службен јазик ќе го состави нотарскиот акт, кој преведувачот ќе им го преведе на учесниците и тоа ќе се наведе во самиот акт. Доколку учесниците тоа го бараат, преведувачот ќе направи писмен превод на актот, на јазик на учесникот и истиот ќе се пришие со нотарскиот акт.

**Содржина на нотарскиот акт**

Член 55

(1) Нотарскиот акт треба да содржи:

а) податоци ( напишани со букви) за денот, месецот и годината, местото, а кога закон или учесниците тоа го бараат и часот кога актот е склучен;

б) податоци ( име, презиме и седиште) за нотарот кој го изготвил актот;

в) податоци ( име, презиме, место и датум на раѓање, живеалиште или престојувалиште, единствен матичен број, односно друг идентификационен број) за странките и учесниците. Ако некоја од странките има полномошник, тогаш истите податоци треба да се вне-

сат и за него, а полномошното треба да биде заверено, во оригинал или заверен препис и тоа е прилог кон изворникот на актот;

г) изјава на нотарот за начинот на кој го утврдил идентитетот на странките и учесниците;

д) детален опис на предметот на актот. Кога предмет на актот е недвижност точно да се наведат податоци од катастарот на недвижности, односно катастарот на земјиште. Ако недвижниот имот се наоѓа во катастарска општина за која нема утврден катастар на недвижности ниту е извршено поединечно запишување на правата на недвижностите, а имотот не е евидентиран во катастарот на земјиште, се наведуваат податоци од исправите за правниот основ, врз основа на кој е стекнато правото на недвижност, што е предмет на тој акт;

ѓ) прилози кон изворникот на актот;

е) забелешка дека актот и прилозите им биле прочитани или е постапено согласно со одредбите на овој закон. Читањето на прилозите може и да не се изврши ако сите странки изрично го бараат тоа и тоа само во случај кога тие знаат да читаат и пишуваат, а тоа ќе се наведе во самиот акт;

ж) назначување на бројот на листовите и страниците;

з) потпис на сите странки и учесници, а на крајот потпис на нотарот. Ако некој од учесниците на нотарскиот акт не знае или не може да се потпише, треба да ги наведе причините, а нотарот тоа да го забележи;

ѕ) податок за часот на потпишувањето на тестаментот. Ако нотарот или странките сметаат дека таков податок е потребен и за друг акт, тогаш тоа ќе се забележи и

и) потписи на учесниците кои се ставаат на крајот од секој лист од изворникот на нотарскиот акт и прилозите кон него. Може да се стави само дел од името или параф од страна на сите учесници во актот, освен на последниот лист од изворникот кој треба да содржи целосен потпис.

(2) На изводот од нотарскиот акт учесниците не се потпишуваат. На последната страница од изводот каде што се наведени имињата на учесниците се става ознака “с.р.”. Секоја страница на изводот од нотарскиот акт ја потпишува нотарот, а на последната страница нотарот го става и својот службен печат.

**Последици од повредата на правилата за составување на нотарскиот акт**

Член 56

(1) Нотарскиот акт е апсолутно ништовен, ако:

а) е изготвен од нотар кој не е запишан во Именикот на нотарите;

б) актот е изготвен од нотар на кој му престанала службата, односно е разрешен;

в) е изготвен надвор од службеното подрачје на нотарот;

г) не се почитувани одредбите за употреба на службениот јазик;

д) не се почитувани одредбите за неписмени, глуви и неми учесници;

ѓ) не се почитувани одредбите од членот 55 став (1) точки б), в), г) и з) на овој закон и

е) исправите за правните работи врз основа на кои се врши пренос на правото на сопственост, размена, физичка делба на недвижност или засновање на залог не ги составил нотарот на чие подрачје се наоѓа предметот.

(2) Нотарскиот акт е релативно ништовен, ако:

а) недостига датум и седиште на нотарот кој го составил актот;

б) актот не им е прочитан на странките и

в) не се почитувани одредбите од членот 55 став (1) точки а), д), е), ж), ѕ) и и) на овој закон.

(3) Акт кој поради ненадлежност, деловна неспособност на нотарот или неговиот заменик или поради недостатоци во формата го изгуби својството на јавна исправа ќе се смета за приватна исправа, доколку е потпишана од странките.

Член 57

(1) Нотарот не смее да внесува забелешки во нотарскиот акт, освен во случаите предвидени со овој закон.

(2) Посебно се дозволени забелешки што се однесуваат на формалностите за хипотеки, упис во регистри, при прогласување на ништовност од страна на надлежен суд, при повлекување на полномошно и други видови забелешки предвидени со закон.

**2. Составување на нотарски акт за изјавите на последна волја**
**Дејство, форма и начин на составување на нотарскиот акт за изјавите на последна волја**

Член 58

Тестаментот во форма на нотарски акт се составува според одредбите што важат за составување на судски тестамент.

**3. Потврдување на фактите и изјавите**
**Дејство на нотарското потврдување**

Член 59

(1) Нотарот издава потврди согласно со одредбите на овој закон. Потврдите имаат сила на јавни исправи .

(2) Нотарот може да издаде потврда за постоење на нотарска исправа или заверка во своите уписници по барање на странка или суд.

**Заверка на преписи**

Член 60

(1) Нотарот потврдува дека преписот на исправата е идентичен со изворната исправа.

(2) Преписот мора да е идентичен со изворната исправа и во правописот, интерпункцијата и скратувањето на зборовите. Ако во исправата нешто е преиначено, бришено, прецртано, вметнато или додадено, тоа мора да се наведе во заверката. Во заверката мора да се наведе и ако исправата е искината или оштетена.

(3) Нотарот мора точно да го спореди преписот со изворната исправа и ако утврди дека е идентичен да го потврди тоа на самиот препис и да наведе дека тоа е препис на исправата која странката ја назначила како изворна исправа, или дека тоа е препис од заверен препис на изворна исправа.

(4) Ако на исправата има некоја забелешка или клаузула и таа се внесува во преписот.

(5) Кога се заверува препис на еден дел на исправата или извадок од некоја исправа, од преписот мора да биде видливо на кои делови од исправата не е направен препис.

(6) Заверките на преписите се внесуваат во Уписникот за заверки и потврди.

(7) Согласно со овој закон со преписот е изедначена и фотокопијата на исправите.

**Заверка на исправи од трговски и деловни книги**

Член 61

(1) При заверка на изводи од трговски и деловни книги нотарот ќе го спореди изводот со соодветните ставки во изворната книга и на изводот ќе напише клаузула на заверката со забелешка дека изводот целосно е идентичен со соодветната ставка во изворната книга. Во изводот ќе се назначи датумот на прегледот на трговската, односно деловната книга.

(2) Заверката на изводот од ставот (1) на овој член ќе се забележи во нотарски уписник.

**Заверка на преводи**

Член 62

(1) Нотарот кој е и судски преведувач ќе ја завери точноста на преводот кој сам го извршил.

(2) Нотарот кој не е судски преведувач ќе го провери својството на судскиот преведувач кој го извршил преводот и го ќе завери преводот.

(3) Својството на судски преведувач од ставот (2) на овој член се утврдува врз основа на решение за овластен судски преведувач издадено од министерот.

(4) Нотарот својата заверка ќе ја стави на преводот и ќе го приложи кон исправата која се преведува, на начин пропишан со овој закон.

(5) Нотарот може да биде преведувач само за вршење на потреби на неговата служба.

**Заверка на потписи (легализација)**

Член 63

(1) Нотарот мора да потврди дека странката во негово присуство своерачно ја потпишала исправата, или ставила свој ракознак, или го признала потписот, односно ракознакот на писменото како свој.

(2) Идентитетот на странката мора да се утврди во согласност со одредбите на овој закон.

(3) Заверката со повикување на бројот на Уписникот за заверки и потврди, се става на исправата која се заверува.

(4) При заверката на потписот нотарот се запознава со содржината на исправата, само толку за да може да ги пополни рубриките на Уписникот за заверки и потврди, а тој не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

(5) При заверка на потписот нотарот е должен да ја запознае странката дека се потврдува само потписот, но не и содржината на исправата.

(6) Нотарот не може да завери потпис на исправа која не е составена на службен јазик.

(7) Ако се заверува потпис на лице како застапник на некое правно лице или државен орган, нотарот може во заверката да потврди дека тоа лице се потпишало за правното лице или државниот орган, само ако претходно утврдил дека лицето е овластено да го стори тоа.

(8) Застапник на правно лице може кај нотарот да депонира свој потпис. Врз основа на записникот за депонирање на потпис, нотарот кај кој е извршено депонирањето е овластен да изврши заверка на потпис на лицето кое го депонирало својот потпис.

**Потврда за времето кога исправата е поднесена**

Член 64

(1) Времето кога исправата му е поднесена на нотарот или во негово присуство на друго лице, се потврдува на самата исправа со точно назначување на денот, месецот, годината, а ако странката бара и часот.

(2) По барање на странката мора да се утврди и идентитетот на лицето кое ја поднело исправата и лицето на кое таа му е поднесена. Во потврдата ќе се назначи на кој начин е утврден идентитетот на тие лица.

**Потврда дека некој е жив**

Член 65

Нотарот може да потврди дека некој е жив, ако неговиот идентитет го утврдил на начин определен со овој закон.

**Потврда за други факти од регистар**

Член 66

Нотарот може да издаде потврда за постоењето или седиштето на некое правно лице, за промената на фирмата, за статусните измени или други полноважни факти ако тие произлегуваат од јавен регистар.

**Соопштување на изјави**

Член 67

(1) Нотарот по барање на странката издава потврда за дадена опомена, отказ, понуда и за други изјави, кои една странка и ги дава на друга, за да се постигне со тоа некое правно дејствие. Со известувањето може да се поврзе и преземањето правни дејствија кои нотарот по налог на едната странка треба да ги изврши спрема другата (понуда за плаќање, предавање, преземање на некоја исправа или други предмети).

(2) Нотарот за барањето ќе состави записник во кој целосно ќе ја наведе изјавата која треба да се соопшти, предметот, видот, местото и времето на правното дејствие кое треба да се преземе. Записникот мора да го потпише и странката.

(3) Со записникот од ставот (2) на овој член, нотарот ќе се упати на назначеното место кон спротивната странка, на која ќе í соопшти што му е наложено и ќе го преземе соодветното правно дејствие. Нотарот тоа ќе го потврди во продолжение на записникот.

(4) Одговорот на спротивната странка ќе се внесе во записникот само ако таа го побара или го дозволи тоа. Во тој случај, спротивната странка е должна да го потпише записникот.

**Примање изјави под заклетва**

Член 68

(1) Нотарот е овластен да прими изјава под заклетва од странка.

(2) Заклетвата од ставот (1) на овој член гласи:

"Се заколнувам во честа дека за сето тоа што ме праша нотарот ја зборував вистината и дека ништо што знаев за оваа работа не го премолчив".

**Потврда за извршено соопштение**

Член 69

(1) Нотарот за извршеното соопштение ќе и издаде потврда на странката која побарала службено дејствие, а и на спротивната странка ако таа го побара тоа.

(2) Во потврдата ќе се наведат: имињата на двете странки, денот, месецот и годината, а ако е потребно и часот на соопштението. Одговорот на спротивната странка во потврдата може да се внесе само ако тој одговор е внесен во записникот и ако спротивната странка го потпишала.

(3) На барање на странката ќе се утврди и идентитетот на странката која побарала службено дејствие, и во тој случај во записникот и во потврдата ќе се наведе на кој начин е утврден нејзиниот идентитет.

**Одбивање соработка**

Член 70

Ако нотарот на назначеното место не ја најде странката на која треба да и се соопшти изјавата или ако таа не му дозволи пристап, или ако одбие да го сослуша, нотарот на таа странка, по барање на странката која побарала правно дејствие, ќе и достави со препорачано писмо заверен препис на она што требало да го соопшти. Тоа ќе се наведе во записникот и во потврдата.

**Писмено барање за преземање дејствија**

Член 71

Барањето за соопштување на изјава и преземање на правни дејствија на нотарот му се упатува и писмено, како и по пат на телеграма или по електронски пат. Писмото и другите видови на писмени соопштенија го заменуваат записникот од членот 67 став (2) на овој закон и ќе се приклучат кон посебен записник кој нотарот ќе го состави за дејствијата од членот 67 став (3) на овој закон. Во потврдата ќе се назначи во која форма на писмено соопштение е поставено барањето.

**Потврда за писмените соопштенија**

Член 72

Нотарот може да издаде потврда за тоа дека на некоја странка, каде било таа да живее или да има седиште, со писмо или со друг вид на писмено соопштение и доставил соопштение со определена содржина. Во тој случај, нотарот во записникот и во потврдата ќе ги наведе: името и презимето, адресата на странката која го побарала тоа, точната содржина на соопштението, како и точен препис на адресата на која соопштението е испратено. Доказот за упатување на пораката се прицврстува кон записникот.

**Потврдување на заклучоци на собранија и седници на други органи**

Член 73

(1) Ако нотарот е повикан да потврди заклучоци на собрание или на седница на некој друг орган на правно лице, во записникот ќе ги внесе денот и времето на седницата, се што се предложило и било изјавено, а по потреба и други факти, доколку тоа е важно за оценување на правилноста на постапката, а посебно заклучоците донесени на седницата. Тој ќе потврди и се друго што со закон е пропишано.

(2) Записникот од ставот (1) на овој член, го потпишува и лицето кое претседавало со седницата.

(3) По барање се утврдува и идентитетот на претседателот и на другите лица кои биле присутни, а во записникот ќе се наведе како е утврден нивниот идентитет.

**Потврдување на факти**

Член 74

(1) По барање на заинтересирани лица, нотарот може да утврди и други факти, што се случиле во негово присуство, како што се: расправи за понуди, продажби, изјави на лица за факти и состојби за кои нотарот сам или со учество на стручни лица ги сознал.

(2) За потврдувањата од ставот (1) на овој член, нотарот ќе состави записник во кој ќе ги наведе местото, времето, имињата и адресите на странките и другите учесници, како и точниот опис на она што се случувало во негово присуство, или што на друг начин го утврдил. Записникот го потпишуваат сите учесници. Ако некој од учесниците одбие да го потпише записникот, нотарот ќе го забележи тоа во записникот.

(3) Во записникот од ставот (2) на овој член, посебно ќе се назначи како е утврден идентитетот на учесниците.

**Протести на меница и чек**

Член 75

Протестирање на меница и чек и водење на уписите за протести се врши согласно со прописите за меница и чек.

**Полномошно**

Член 76

(1) Во постапката пред нотар, за правни работи за кои тоа по закон е дозволено, учесникот може да презема дејствија преку полномошник, доколку истиот приложи уредно полномошно.

(2) За правните работи од ставот (1) на овој член со кои се врши располагање или оптоварување на имот на властодателот, полномошното мора да биде специјално, изрично да бидат наведени дејствијата кои може да ги презема полномошникот и истото не може да биде постаро од три месеца.

**4. Издавање извод, потврда, препис и извадок**

**Надлежност за издавање**

Член 77

(1) Нотарот е овластен и должен да им издаде на странките кои учествувале во составувањето на исправите, како и на лицата во чие име и корист е склучена правната работа, на нивните полномошници и застапници како и на наследниците и правните следбеници, по нивно барање и на нивна сметка: изводи, потврди и преписи од исправите кои нотарот сам ги чува.

(2) Нотарот е должен преписот од потврдената исправа, односно од нотарскиот акт за правни работи врз основа на кои се стекнува, престанува, пренесува или ограничува правото на сопственост или друго право врз недвижност како и за права за кои се водат јавни книги, да го достави до надлежен орган, односно институција, согласно со закон.

(3) Ако нотарот престане сам да ги чува своите списи, во случаите изрично предвидени во Законот, издавањето на исправите од ставот (1) на овој член го врши нотарот кој привремено ја врши службата, а ако тие се наоѓаат во судската архива, судот во чија архива се наоѓаат или друг орган надлежен за чување на списите.

**Општи одредби за издавање изводи и преписи**

Член 78

(1) Кога согласно со одредбите на овој закон се издава извод или препис на нотарска исправа, на него ќе се назначи дека е спореден со изворникот или преписот што го чува нотарот и дека тоа е извод или заверен препис (целосен или во извадок).

(2) Ако нотарската исправа е преправена или дополнета со анекс или друг подоцнежен акт, извод или препис на поранешниот акт, задолжително ќе се издаде заедно со извод или препис од подоцнежниот нотарски акт.

(3) Извод во смисла на овој закон претставува целосен препис на нотарската исправа кој е назначен како извод и кој во правниот промет го заменува изворникот на нотарскиот акт.

(4) Препис во смисла на овој закон се смета заверен препис на нотарска исправа кој како таков е означен и кој потврдува дека во времето на заверка постоел изворник од нотарскиот акт.

**Потврди**

Член 79

Лице кое има правен интерес, со писмено барање, може да побара од нотарот да му издаде потврда за постоење на одреден упис во уписниците. Во писменото барање мора да се наведат оправдани причини за издавање на ваквата потврда.

**Извадок (исечок) од нотарскиот акт**

Член 80

(1) Ако нотарскиот акт содржи повеќе самостојни правни работи, може по барање на странката наместо целосен извод да се издаде извадок кој ќе се однесува на одделна правна работа.

(2) Само целосен извод од нотарскиот акт може да биде извршна исправа. Извадокот (исечокот) не може да биде извршна исправа.

**Прилози кон изворникот и изводот од извршниот нотарски акт**

Член 81

(1) Прилози кон изворникот и изводите на извршниот нотарски акт ќе се приложат во оригинал или заверен препис, и истите со емственик се пришиваат со

изворникот и изводите. Прилозите кон изворникот се потпишуваат од страна на сите учесници. Доколку изводот или изворникот не ги содржат прилозите, истиот не е извршна исправа.

(2) По барање на странката, кон изводот на нотарскиот акт од ставот (1) на овој член нема да се приклучат прилозите. Во тој случај, изводот нема својство на извршна исправа, што ќе се прибележи на самата исправа.

**Забелешка (клаузула) за заверката**

Член 82

(1) Секој извод мора да биде заверен со печат отпечатен на секој лист на нотарскиот акт.

(2) Забелешката за заверката се става на крајот на изводот.

**Правни последици од недостатоци во содржината и формата на изводот на нотарскиот акт**

Член 83

Изводот на нотарскиот акт нема сила на јавна исправа ако не е составен во согласност со одредбите на овој закон.

**Рокови за издавање на изводи, потврди, извадоци и преписи**

Член 84

(1) Нотарот мора изводите, потврдите, извадоците и преписите да ги издаде веднаш, а најдоцна во рок од осум дена.

(2) Нотарот е должен без одлагање, да и дозволи на странката во негово присуство да ги разгледа списите.

**5. Преземање на исправи, пари и хартии од вредност заради чување и предавање**

**Чување на исправи**

Член 85

(1) Нотарот е должен да ги преземе на чување сите видови исправи. Нотарот е овластен да одбие преземање на чување на некоја исправа, ако за тоа постојат оправдани причини.

(2) За преземањето на исправите се составува записник, во кој ќе се наведе местото и времето на преземањето, името и презимето, занимањето и адресата на лицето кое ја предало исправата, ознака на исправата, причината поради која е дадена на чување и кому треба да му биде издадена. Записникот ќе го потпише лицето кое ја предало исправата и нотарот. На записникот нотарот ќе го стави својот печат.

(3) Нотарот е должен да го утврди идентитетот на лицето на кое му ја предава исправата во согласност со членот 47 од овој закон. Примателот е должен да го потврди приемот на исправата на записникот за преземање.

**Преземање на чување пари и хартии од вредност**

Член 86

(1) Нотарот може да преземе на чување готови пари, меници, чекови, јавни обврзници и други хартии од вредност.

(2) Нотарот е должен да преземе на чување готови пари, меници, чекови, јавни обврзници и други хартии од вредност само по одлука на суд или на друг орган или само ако му се дадени по повод составување на нотарскиот акт за да ги пренесе на друго лице, или за да ги даде на чување кај одреден орган.

(3) Ако преземањето при составувањето на нотарскиот акт не е потврдено во самиот акт, за преземањето ќе се состави записник во кој точно ќе се назначат броевите во уписникот и во депозитните книги, местото и времето на преземањето, односно ознаката и вредноста на износот на парите, преземените хартии, како и името на лицето кое ги предало и неговата изјава за тоа што треба со нив да се направи. Нотарот за преземањето ќе и издаде на странката потврда во која ќе изврши спецификација на парите и хартиите од вредност што му се предадени.

**Начин на чување и предавање на парите и хартиите од вредност**

Член 87

(1) Преземените пари и хартии од вредност нотарот е должен да ги чува одвоено од неговите пари и хартии од вредност, во посебна обвивка, на која ќе го напише предметот и името на странката. Парите што му се доверени, нотарот мора да ги чува на посебна сметка во банка или во друга финансиска организација.

(2) Преземените пари и хартии од вредност нотарот без одлагање ќе ги предаде на органот, на лицето на кое треба да му се предадат, откако претходно ќе го утврди неговиот идентитет. Примателот ќе го потврди приемот на актот или во депозитната книга.

**Неможност за предавање на парите и хартиите од вредност**

Член 88

Ако нотарот не може да го изврши наложеното предавање на парите и хартиите од вредност во определениот рок, должен е по истекот на тој рок, а ако рокот не е определен, најдоцна во рок од 30 дена од денот на преземањето, без одлагање да и ги врати на странката преземените вредности или ако тоа не е можно да ги предаде на судот на чување и за тоа да го извести подносителот со препорачаното писмо.

**Дејство на нотарскиот депозит**

Член 89

(1) Депозитот вложен кај нотарот има дејство на судски депозит.

(2) Одредбите од овој дел ќе се применат на соодветен начин и во секој случај кога нотарот како судски повереник ќе ги преземе наследните акти, парите, хартиите од вредност или скапоцеността.

VI. ЧУВАЊЕ НА ИСПРАВИ И ВОДЕЊЕ НА ДЕЛОВНИ КНИГИ

**Чување на исправи**

Член 90

Нотарот е должен сите нотарски исправи што сам ги составил, како и исправите што ги презел, да ги обезбеди и да ги чува одделно од другите акти.

**Регистар и книги на нотарот и Нотарската комора**

Член 91

(1) Нотарот е должен уредно да ги води овие уписници и книги:

а) општ деловен уписник, во кој ќе ги заведува сите нотарски акти, записници за потврди и докази, записници за преземање пари, исправи и хартии од вредност, како и сите други нотарски дејствија, освен оние наведени во точката б) на овој став;

б) уписник за протести;

в) уписник за заверки и потврди;

г) уписник за реализација на залог;

д) уписник за доверени работи;

ѓ) именик за доверени работи;

е) именик на лицата кои пред нотарот предале некое располагање во случај на смрт со назнака на бројот на соодветниот акт;

ж) депозитна книга за преземени и издадени туѓи пари, хартии од вредност и скапоцености во која, покрај точната назнака на преземениот депозит, треба да се внесе името и адресата на депонентот, како и на оној на кого предметот треба да му се предаде;

з) заеднички именик на странките за уписниците од точките а) и б) на овој став. Заедничкиот именик може да се води и во електронска форма и

ѕ) други уписници согласно со прописите за канцелариско работење.

(2) Нотарската комора води книга на депонирани потписи (КДП) на овластени лица на државни органи, јавни претпријатија, други јавни институции, банки и други органи и организации за кои постои неопходна потреба за непречено извршување на нотарските службени дејствија. Овластените лица го вршат депонирањето на својот потпис пред претседателот на Комората.

(3) Комората води именик и на помошници на нотарот, заменици-нотари, нотари кои привремено ја вршат службата, стручни соработници, приправници и други лица кои стручно се оспособуваат кај нотарот.

(4) Уписниците и книгите од ставот (1) точки а), б) и в) на овој член, мораат да бидат поврзани, нивните листови да бидат назначени со редни броеви, прошиени со конец и заверени со печат на Комората. Уписите се внесуваат без одлагање, по ред како што пристигаат предметите, читливо, без празни растојанија, без прецртување, бришење и исправки, а во општиот деловен уписник, на секоја страница нотарот ќе стави свој потпис и печат.

(5) Министерот со правилник ја пропишува формата на уписникот и книгите од овој член, а овластен е да ги пропишува и другите уписници и именици. Со овој правилник поблиску се уредува начинот на чување на нотарските акти, уписниците и имениците.

## VII. ПОСТАПКА СО НОТАРСКИТЕ СПИСИ ПО УПРАЗНУВАЊЕТО НА НОТАРСКОТО МЕСТО

### Затворање на нотарска канцеларија и предавање на нотарските списи

Член 92

(1) Претседателот на Комората го известува претседателот на надлежниот суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на нотарот, чија служба престанала заради заедничко преземање на дејствија за затворање на канцеларијата и чувањето на нотарските списи.

(2) За сите преземени дејствија, претседателот на Комората го известува министерот. Печатот и штембилот на поранешниот нотар ќе се поништат.

### Обнова на исчезнати списи

Член 93

Ако при постапувањето согласно со членот 92 на овој закон, се утврди дека некој акт недостига, претседателот на надлежниот суд ќе нареди постапка за обнова на списите.

### Издавање на исправи од страна на судот и нотар

Член 94

Надлежниот суд или нотарот кај кого се наоѓаат списите, врз основа на нотарските списи кои ги чува, со примена на одредбите на овој закон, ќе издава изводи, преписи извадоци и потврди, ќе дозволува разгледување на списите и ќе ги враќа исправите преземени од нотарот.

### Постапка на судот со располагањата во случај на смрт

Член 95

Располагањата во случај на смрт, кои со другите акти се предадени на надлежниот суд или нотар, се попишуваат и се чуваат одделно согласно со прописите за чување на овие акти кај судот. Во нотарскиот именик ќе се забележи бројот и ознаката под која исправата се чува кај судот. За тоа ќе се извести лицето кое го обезбедило располагањето.

## VIII. НОТАРСКИ ПРИПРАВНИЦИ, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, ЗАМЕНИК НОТАР , НОТАР КОЈ ПРИВРЕМЕНО ЈА ВРШИ СЛУЖБАТА И ПОМОШНИК НА НОТАРОТ

### Нотарски приправници

Член 96

(1) Нотарските приправници се дипломирани правници вработени во нотарска канцеларија, кои се запишани во Именикот на нотарските приправници.

(2) Нотарскиот приправник на работа кај нотарот, стручно се оспособува и се подготвува за нотарски кандидат. Нотарот е должен да го следи и помага стручното оспособување на приправникот и да го контролира неговото присуство и на секои два месеца да доставува потврда до Нотарската комора.

(3) Времето поминато како нотарски приправник се изедначува во поглед на правото на полагање на правосуден и нотарски испит, испит за извршители или друг стручен испит.

(4) Во текот на стручното оспособување на нотарскиот приправник, надзор врши Комората.

### Нотарски стручни соработници

Член 97

(1) Нотарските стручни соработници се дипломирани правници кои се вработени во канцеларијата на нотарот и кои се запишани во Именикот на нотарски стручни соработници што го води Комората.

(2) Во Именикот на нотарските стручни соработници може да биде запишано лице кое ги исполнува условите за именување предвидени во членот 9 став (1) точки а), б) и в) на овој закон.

(3) Нотарскиот стручен соработник може да ги врши сите работи кои според законот е овластен да ги врши нотарот, но под контрола на нотарот, и тој не смее да потпишува.

(4) Нотарскиот стручен соработник кој ги исполнува условите за именување на нотар може да биде именуван за помошник-нотар или заменик-нотар.

### Заменик-нотар

Член 98

(1) Ако нотарот е отсутен, болен или од други причини е спречен подолго време да ја врши својата служба ќе се именува заменик-нотар.

(2) Заменик-нотарот може да биде лице кое ги исполнува условите за именување од членот 9 на овој закон.

(3) Нотарот е должен да ја достави целокупната документација за заменик-нотарот и времетраењето на замената до Комората и Министерството.

(4) За да може заменик-нотарот да ја врши службата е потребно одобрение од Комората, по претходно писмено известување до Министерството, доколку нотарот е спречен да ја врши својата служба, но за временски период не повеќе од 60 дена.

(5) За спреченост на нотарот да ја врши својата служба за временски период повеќе од 60 дена, но не подолго од шест месеца, потребно е одобрение од министерот, а по претходно писмено известување до Комората. Доколку министерот не го одобри предложениот заменик , ќе го извести нотарот да предложи друго лице за свој заменик. Ако нотарот не определи друго лице, а поради спреченост да ја врши својата служба повеќе од 60 дена има потреба од заменик-нотар, по предлог на Комората, министерот ќе определи заменик-нотар.

(6) Заменик-нотарот ја води нотарската канцеларија на сметка и на товар на нотарот. Правниот однос на заменик-нотарот со нотарот се уредува со меѓусебен договор.

(7) Заменик-нотарот ги врши сите работи кои според закон е овластен да ги врши нотарот. При составување на актите, записниците и исправите мора да го назначи своето име, презиме и својство; одлуката со која е поставен; како и името и презимето на нотарот што го заменува; ги води книгите и уписниците на нотарот ги употребува службените штембили и печати на нотарот кај кого работи; како и свој печат со назнака “заменик-нотар”. Исправите што тој ги составува и заверува се чуваат во архивот на нотарот.

(8) Сите работи кои ги врши заменик-нотарот имаат иста правна сила како да ги врши нотарот кој го заменува. За штета која заменик-нотарот ќе ја стори спрема трети лица со повреда на својата службена должност одговара нотарот.

(9) Заменик-нотарот е должен пред да започне да ја врши службата да го депонира својот потпис и печат со назнака “заменик-нотар” на записник во судот на чие подрачје е службеното седиште на нотарот кој го заменува и пред претседателот на Комората да даде писмена изјава.

(10) Кога заменик-нотарот ја презема својата должност од нотарот се составува записник за примопредавање на службените штембили и печати, уписници и книги. Записникот го потпишува нотарот, заменик-нотарот и овластен претставник на Комората.

(11) Додека трае замената, заменик-нотарот не смее да врши нотарски работи.

### Нотар кој привремено ја врши службата

Член 99

(1) Ако нотарот умре, е преместен, привремено или трајно е оддалечен од својата служба, ако му престане службата нотар или ако даде оставка, претседателот на Комората по службена должност, по претходно прибавено мислење од Управниот одбор на Комората ќе определи нотар кој привремено ќе ја врши службата од соседните нотари или помошници-нотари.

(2) Нотарот кој привремено ќе ја врши службата ќе ги преземе списите и книгите на нотарот, како и исправите и предметите од вредност што му се доверени.

(3) За поставување на нотар кој привремено ќе ја врши службата, претседателот на Комората издава решение во кое се назначува времето за кое е поставен и за тоа е должен да го извести министерот и судот на чие службено подрачје се наоѓа нотарската канцеларија.

(4) Нотарот кој привремено ја врши службата е должен пред да започне со вршењето на службата да го депонира својот потпис и отпечаток од печатот на записник во судот на чие подрачје се наоѓа нотарската канцеларија, а пред претседателот на Комората да даде писмена изјава, која според содржината е иста како и за нотар, ако дотогаш не дал. За дадената писмена изјава ќе се состави записник.

(5) Нотарот кој привремено ја врши службата не може да презема нови работи. Нотарот кој привремено ја врши службата ги довршува започнатите работи на нотарот кој го заменува. При довршување на актите, записниците и исправите мора да го назначи своето име, презиме и својство; решението со кое е поставен; да ги води книгите и уписниците на нотарот и да ги употребува службените штембили и печати на нотарот, како и својот печат со назнака “Нотар кој привремено ја врши службата”. Исправите што тој ги составува и заверува се чуваат во архивот на нотарот.

(6) Сите работи што ги врши нотарот кој привремено ја врши службата имаат иста правна сила како непосредно да ги извршил самиот нотар. За штетата која нотарот кој привремено ја врши службата ќе ја стори спрема трети лица со повреда на службената должноста одговара лично согласно со одредбите на овој закон за одговорност на нотар .

### Помошник-нотар

Член 100

(1) Помошник-нотарот е лице кое ги исполнува условите за именување на нотар и е вработено во канцеларијата на нотарот.

(2) Помошник-нотарот се запишува во Именикот на помошници-нотари.

(3) По предлог на нотарот, министерот ќе именува помошник-нотар во неговата канцеларија. Писмениот предлог за именување помошник-нотар, кон кој е приложена целокупната документација од која се гледа дека лицето кое го предложил нотарот, ги исполнува условите за именување согласно со членот 9 од овој закон, се доставува до министерот.

(4) Ако министерот не го прифати предлогот на нотарот за именување на помошник-нотар, нотарот во наредните шест месеца не може да бара именување на помошник-нотар.

(5) Помошник-нотарот започнува со работа од денот на уписот во Именикот на Комората. Нотарот е должен без одлагање да ја извести Комората и Министерството за престанок и секој прекин на работа на помошник-нотарот.

(6) Помошник-нотарот е должен пред започнување со својата работа пред претседателот на Комората да даде писмена изјава, која по содржина е иста како и за нотарот.

(7) Помошник-нотарот ги потпишува актите, записниците, исправите, потврдите и заверките со напомена дека потпишува како помошник-нотарот, за што користи свој печат со содржина “помошник-нотар”.

(8) Сите работи кои ги врши помошник-нотарот имаат иста правна сила како непосредно да ги извршил самиот нотар. За штета која помошник-нотарот ќе ја стори спрема трети лица со повреда на својата службена должност одговара нотарот.

(9) Помошник-нотарот не може да постапува кога за полноважност на нотарската исправа со овој или друг закон е предвидено учество на двајца сведоци.

(10) Помошник-нотарот е должен пред да започне да ја врши службата да го депонира својот потпис на записник при судот на чие подрачје е службеното седиште на нотарот кај кого работи како помошник. Примерок од записникот се доставува до Министерството и до Комората.

(11) Нотарот може да ги извести Министерството и Комората дека неговиот помошник-нотар ќе го заменува за одреден временски период во својство на заменик-нотар доколку се исполнети условите од членот 98 на овој закон.

(12) Нотарот може во секое време на својот помошник-нотар да му ги одземе или да му ги даде одземените овластувања во поглед на одредени заверки или составување на акти, записници и други исправи и нивно потврдување.

## IX. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НОТАРИЈАТОТ И НЕГОВИТЕ ОРГАНИ

Член 101

(1) Нотарите на територијата на Република Македонија се организираат во Нотарска комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората). Седиштето на Комората е во Скопје.

(2) Органи на Комората се Собрание на Комората, Управен одбор на Комората и претседател на Комората. Комората има својство на правно лице.

### 1. Собрание на Комората

Член 102

(1) Собранието на Комората го сочинуваат сите нотари на територијата на Република Македонија.

(2) Собранието на Комората го чува угледот и честа на вршењето на нотарските работи и се грижи совесно и во согласност со законот, нотарите да ги вршат своите должности.

(3) Ако со овој закон поинаку не е одредено, организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на органите на Комората, се уредуваат со Статутот и другите акти на Комората.

### Надлежност на Собранието на Комората

Член 103

(1) Собранието на Комората:

а) донесува Статут и други акти на Комората;

б) донесува Нотарска тарифа во согласност со министерот за правда;

в) избира членови на Управниот одбор, претседател на Комората, и членови на другите органи на Комората, ако со овој закон или Статутот на Комората поинаку не е определено;

г) разгледува предлози, барања, и препораки за успешно работење на нотаријатот;

д) усвојува годишна сметка за изминатата година и предлог-пресметката за наредната година, разгледува и усвојува извештај за севкупните активности, изготвен од претседателот на Комората;

ѓ) одлучува за висината на членарината и начинот на нејзиното плаќање;

е) одлучува за употребата на паричните казни согласно со одредбите на овој закон и

ж) одлучува за сите други прашања предвидени со законот и Статутот на Комората.

(2) Собранието на Комората редовно се состанува еднаш годишно, и тоа најдоцна до крајот на март. На седницата е потребно присуство од најмалку половина од вкупниот број на нотари, а одлучува со мнозинство од присутните.

(3) На редовната годишна седница Собранието одлучува за годишната сметка и предлог-пресметката за наредната година и го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности на нотаријатот.

(4) Вонредна седница на Собранието на Комората, може да свика претседателот на Комората, а врз основа на одлука на Управниот одбор или по писмено барање од најмалку 30 членови на Комората. Ако претседателот не ја свика седницата во рок од еден месец од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно поднесувањето на барањето на членовите на Комората, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор, одреден од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето.

(5) Членовите на Управниот одбор, претседателот на Комората и на другите органи се избираат за време од три години.

### 2.Управен одбор

Член 104

(1) Управниот одбор:

а) го утврдува нацртот на статутот и другите акти на Комората;

б) подготвува и доставува до министерот предлози и мислења што се однесуваат на основната поставеност на нотаријатот, како и по сите други прашања што се однесуваат на професијата нотар;

в) презема и спроведува иницијативи за разгледување на прашања од интерес на нотаријатот, како што се прашањата за социјалната заштита на нотарите, основањето на солидарен фонд за економска помош на нотарите, како и други фондови и прашања за организирање на трајно осигурување на нотарите;

г) врши надзор над работењето на нотарите, и дава иницијатива за вршење на вонредна контрола за поведување дисциплинска постапка;

д) одлучува по жалбите против одлуките на Дисциплинскиот совет донесени во дисциплинска постапка;

ѓ) врши надзор над стручното оспособување нотарските приправници и издава уверенија за спроведено стручно оспособување, врз основа на потврда издадена од нотарот кај кого се врши оспособувањето;

е) се грижи за статусот на нотарите и за односите кон други органи и воопшто кон трети лица;

ж) го организира продолженото стручно оспособување на нотарите со организирање семинари и предавања за што изготвува годишна програма. Учеството на семинарите и предавањата е задолжително за сите нотари, а нивното неоправдано отсуство претставува дисциплинска повреда;

з) го води Именикот на нотари, помошници-нотари, заменици-нотари, нотарски приправници и стручни соработници;

ѕ) ги подготвува седниците на Собранието на Комората;

и) ги извршува одлуките на Собранието на Комората;

ј) составува предлог на годишната пресметка и предлог за пресметка за наредната година;

к) се грижи за наплата на членарината;

л) одлучува за други прашања кои со законот или Статутот на Комората се ставени во негова надлежност, како и за сите прашања што не се ставени во надлежност на некој друг орган на Комората;

љ) донесува одлука за свикување на редовна или вонредна седница на Собранието на Комората;

м) од своите членови избира потпретседатели на Управниот одбор, кои по функција се и потпретседатели на Комората и

н) донесува годишен план за надзор над работењето на нотарите.

(2) Бројот на членовите на Управниот одбор го одредува Собранието во согласност со статут. Бројот на членовите на Управниот одбор, вклучувајќи го и претседателот на Комората, мора да биде непарен.

(3) Управниот одбор на Комората го свикува претседателот на Комората или по барање на една третина од вкупниот број на членовите на Управниот одбор. За полноважност на одлуките на Управниот одбор потребно е на седницата да присуствуваат повеќе од половина од членовите на Управниот одбор. Одлуките се донесуваат по правило со мнозинство гласови на присутните членови на Управниот одбор. Со Статутот на Комората посебно ќе се утврди за кои случаи за полноважност на одлуката е потребно мнозинство на членовите на Управниот одбор.

**3. Претседател на Комората**

Член 105

(1) Претседателот на Комората воедно е и претседател на Управниот одбор и претседава со Собранието на Комората.

(2) Претседателот ја претставува и застапува Комората. Во случај на негова спреченост, неговите должности ги вршат потпретседателите, а во случај на спреченост на потпретседателите, најстариот член на Управниот одбор.

(3) Претседателот на Комората:

а) ги решава конфликтите меѓу нотарите, или меѓу нотарите и нивните странки и го изнесува своето мислење во случај на спор, кој се однесува на плаќање за извршената работа;

б) се грижи Комората да дејствува во согласност со закон и

в) ги врши другите работи предвидени со Статутот на Комората.

(4) Управниот одбор на Комората може да го овласти претседателот на Комората во итни случаи самиот да врши определени работи од негова надлежност. Претседателот на Комората е должен за секое такво преземено дејствие да го извести Управниот одбор и да побара одобрение за преземеното дејствие. Недавањето на дополнително одобрение не влијае на важноста на правната работа спрема третите лица.

**3. Дисциплински орган**

Член 106

(1) Дисциплински орган на Комората е Дисциплинскиот совет, составен од пет члена и нивни заменици, од кои два члена и нивни заменици ги избира Собранието на Комората, а три члена и нивни заменици по предлог на министерот.

(2) Дисциплинскиот совет ја спроведува дисциплинската постапка по предлог на надлежен подносител, води постапка и донесува одлука по неа.

(3) Другите прашања во врска со работењето на Дисциплинскиот совет се уредени со Статутот и другите акти на Комората.

**Награда и надоместок на членовите на органите на Комората**

Член 107

Претседателот и членовите на Управниот одбор, ја вршат својата функција бесплатно, освен ако со Статутот поинаку не е определено. Тие имаат право на надоместок на трошоците што ги имале во врска со вршењето на функцијата. Одлуката за тоа ја донесува Управниот одбор на Комората. Управниот одбор донесува Правилник за висината и надоместокот на патните трошоци.

**Правни средства**

Член 108

Против сите одлуки на органите на Комората со кои се одлучува за правата и должностите на нотарот, ако поинаку не е определено со закон, може да се поведе управен спор.

**Извештај за работа**

Член 109

Секоја година во март, Комората е должна до министерот за правда да достави писмен извештај за своето работење, со изложени мислења, предлози и ставови за состојбата на нотаријатот, како и предлог на мерки што треба да се преземат заради унапредување на тие состојби.

X. НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА НОТАРСКАТА СЛУЖБА

**Овластувања на министерот при надзор**

Член 110

Надзор над работењето на Нотарската комора и на нотарот врши министерот.

**Надзор над работа на Комората**

Член 111

(1) Надзорот над работата на Нотарската комора го опфаќа надзорот над законитоста и ефикасноста на нивната работа.

(2) Претседателот на Комората е должен на министерот за правда да му овозможи пристап до сите простории, списи и книги. Поради спреченост на претседателот на Комората по негово овластување може да го заменува член на органот на управување на Комората.

(3) За вршење на надзорот, министерот може да формира комисија составена од претставници на Министерството и судија од надлежниот суд на подрачјето на кое се наоѓа седиштето на Комората. При вршењето на надзорот од страна на министерот, мора да биде присутен претседателот на Комората или лице овластено од него.

(4) За спроведениот надзор се прави наод и мислење и се укажува за констатираните евентуални недостатоци и нивно отстранување.

(5) Ако при вршењето на надзорот се констатира кршење, односно повреда на законот ќе бидат известени надлежните органи за водење на кривична или дисциплинска постапка.

(6) Министерот може да го распушти Управниот одбор и да го замени претседателот на Комората ако при надзорот утврди повреда на закон или повреда на ефикасноста на работењето. Во решението, министерот ќе определи рок за избор на нов управен одбор и претседател на Комората, а ќе именува нотар кој привремено ќе ги врши работите до изборот на новите тела.

**Надзор над работењето на нотарот**

Член 112

(1) Министерот врши надзор над законитоста на работењето на нотарот.

(2) За вршење на надзорот, министерот може да формира комисија составена од претставници на Министерството и судија од надлежниот суд на подрачјето на кое се наоѓа седиштето на нотарот. При вршењето на надзорот од страна на министерот, мора да биде присутен претседателот на Комората или лице овластено од него.

(3) При вршење на надзорот нотарот е должен да овозможи пристап до просториите и нотарските исправи.

(4) При вршењето на надзорот не смее да биде повредена тајноста на списите и заштитените информации.

(5) За вршење на надзорот, министерот не е должен претходно да го извести нотарот.

(6) По извршениот надзор и констатираниот наод за евентуални недостатоци во работењето се укажува на потребата за нивно отстранување.

(7) За спроведениот надзор, во рок од осум дена од денот на завршениот надзор задолжително се доставува еден примерок од записникот до нотарот на кој се врши надзор и до Нотарската комора.

(8) Надзор се врши и по конкретен предмет, без претходно известување на нотарот над чие работење се врши тој надзор.

**Овластувања на Нотарската комора**

Член 113

(1) Надзор над работата на нотарите врши Нотарската комора.

(2) Надзорот се врши врз основа на Годишен план кој го донесува Управниот одбор на Комората.

(3) При вршење на надзорот, Комората или лицата овластени од Комората можат да даваат упатства и да ставаат забелешки за работењето на нотарите.

(4) Нотарот (или лицето овластено од него) е должен да постапи по упатството и забелешките. Спротивно на тоа, тој ќе биде привремено оддалечен од службата, а оддалечувањето трае до моментот кога ќе постапи по задолжението.

(5) При надзорот се врши преглед на канцеларијата на нотарот, кој го опфаќа целокупното работење на нотарот, од регистарот и книгите, со цел посебно да се контролира усогласеноста на нотарските активности со законските одредби.

(6) По спроведениот надзор се составува записник за текот на активностите. Записникот го потпишуваат лицата кои го спровеле надзорот и нотарот над чие работење тој е извршен. Во регистрите во кои е извршена контрола тоа се забележува на крајот на последниот текст.

(7) Записникот од ставот (6) на овој член се составува во три примероци. Од нив еден примерок останува во архивата на Комората, еден за нотарот и еден се доставува на Министерството за правда.

(8) Доколку при вршење на надзорот се утврдат неправилности во работењето на нотарот ќе се преземат мерки утврдени со овој закон и актите на Комората.

(9) Комората може да врши надзор и по конкретен предмет, без претходно известување на нотарот над чие работење се врши тој надзор.

Член 114

При вршење на надзорот од членовите 111, 112 и 113 од овој член не смее да се отвора и чита содржината на тестамент сé до неговото прогласување.

## XI.СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТЕЊЕ НА НОТАРОТ

**Неспособност за работа**

Член 115

(1) Ако нотарот поради телесна или душевна состојба трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, Комората или министерот, со наведување на причините за тоа, ќе го повика да се откаже од вршењето на службата. Ако во определениот рок нотарот не постапи така, Комората ќе побара од надлежниот суд на подрачјето на кое нотарот има седиште да поведе постапка за утврдување на трајна неспособност за вршење на работите поради телесни и душевни недостатоци.

(2) Постапката ја спроведува и одлука донесува основниот суд, врз основа на мислење на претседателот на Комората. Расправата пред судот ќе се одржи, во присуство на нотарот.

(3) Против одлуката на основниот суд од ставот (2) на овој член, нотарот може да поднесе жалба до апелациониот суд.

## XII. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРИТЕ

**Дисциплинска одговорност**

Член 116

Нотарот лично е одговорен за вршењето на нотарската служба.

Член 117

(1) За повреда на законот, Кодексот на професионалната етика на нотарите и актите на Комората нотарот одговара дисциплински.

(2) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на нотарот.

Член 118

(1) Нотарот одговара дисциплински ако со своето однесување во вршењето на службата, спротивно на Кодексот на професионалната етика на нотарите ја нарушува честа и угледот на нотарската служба , ја доведува во прашање довербата на нотарската служба или ако ја повреди нотарската должност со незаконито, нестручно односно несовесно постапување.

(2) Нестручно постапување е повреда на законот, со кое во вршењето на нотарските работи нотарот предизвикува повреда на правата на странките или на трети лица.

(3) Несовесно постапување е постапување спротивно на етичките норми, професионалните стандарди и правила на нотарската служба.

(4) Нотарот одговара дисциплински за незаконито, нестручно или несовесно постапување сторено со умисла или од небрежност.

(5) При изрекување на дисциплинските мерки се земаат предвид тежината на повредата на службената должност, последиците од таа повреда, степенот на одговорноста на нотарот, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување и вршењето на работите, како и други олеснителни и отежителни околности.

**Дисциплинска постапка**

Член 119

Дисциплинската постапка против нотарот ја води Дисциплинскиот совет при Комората, согласно со одредбите на овој закон и актите на Комората.

**Поведување на дисциплинска постапка**

Член 120

(1) Дисциплинска постапка се поведува по предлог на министерот за правда, претседателот на основниот суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот, претседателот на Комората.

(2) Овластените лица од ставот (1) на овој член поднесуваат предлог за поведување на дисциплинска постапка, по претставка на нотар или странка чиешто право или интерес се повредени со службени дејствија на нотарот.

(3) Предлогот за поведување дисциплинска постапка содржи факти и докази од кои се утврдува постоењето на дисциплинска повреда.

(4) По приемот на предлогот, Дисциплинскиот совет веднаш го доставува до нотарот на кој се однесува, кој во рок од осум дена од приемот доставува одговор и доказите кои се наведени во предлогот, а се наоѓаат кај него.

(5) Предлогот за поведување на дисциплинска постапка се доставува до Дисциплинскиот совет и до претседателот на Комората. Претседателот на Комората веднаш го известува министерот за правда дека е поднесен предлог за поведување на дисциплинска постапка против нотар.

Член 121

(1) Постапката пред дисциплинскиот совет е итна.

(2) За утврдување на факти во дисциплинската постапка, дисциплинскиот совет може да спроведе извиди за кои се составува записник.

(3) Нотарот против кого се води постапката има право на непосредно произнесување пред дисциплинскиот совет.

**Привремено оддалечување од службата**

Член 122

(1) По предлог на министерот за правда, Управниот одбор или претседателот на Комората, со цел за заштита на достоинството на нотарската служба Дисциплинскиот совет донесува одлука со која на нотарот привремено му се забранува вршење на службата кога е поведена дисциплинска постапка.

(2) Привременото оддалечување од службата трае до конечното завршување на дисциплинската постапка и може да се отповика во текот на дисциплинската постапка ако престанале причините за неговото изрекување.

(3) Предлогот од ставот (1) се поднесува заедно со предлогот за поведување дисциплинска постапка, или како посебно образложен предлог во текот на дисциплинската постапка и тој без одлагање се доставува до нотарот, кој има право да се изјасни за него во рок од три дена.

(4) За привремено оддалечување, Дисциплинскиот совет одлучува со решение, за кое без одлагање се известува претседателот на Комората и тој го известува министерот за правда.

(5) Против решението за привремено оддалечување нотарот има право на жалба до Управниот одбор на Комората во рок од три дена од приемот на решението. Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

(6) Против одлуката на Управниот одбор со која се потврдува решението нотарот има право да поведе управен спор.

**Дисциплински мерки**

Член 123

За сторена дисциплинска повреда спрема нотарот може да се изречат следниве дисциплински мерки:

- писмена опомена,
- јавна опомена,
- парична казна ,
- привремено одземање на правото на вршење нотарска служба и
- трајно одземање на правото на вршење на нотарска служба.

Член 124

Дисциплинската мерка писмена опомена или парична казна во висина на една плата на претседател на основен суд со проширена надлежност ќе се изрече за:

- непочитување на работното време истакнато во нотарската канцеларија,
- неистакнување на фирмата и патоказите, или нивно поставување спротивно на актите на Комората,
- неуредно чување на службените списи и податоци,
- неприсуствување на состаноците во Комората и други службени состаноци, на кои е должен да присуствува нотарот (семинари, советувања и друго),
- непристоен однос со странките или пред странките,
- однесување што го намалува угледот на нотарската служба и нотарот,
- непристоен однос кон службени или други лица со кои нотарот презема дејство во вршењето на нотарската служба и
- одбивање или несовесно исполнување на обврските определени со актите на Комората.

Член 125

Дисциплинската мерка јавна опомена или парична казна во висина од една до три плати на претседател на основен суд со проширена надлежност ќе се изрече за:

- ветување на нотарот лично или преку посредник дека нотарската награда ќе биде намалена,
- работење под дејство на алкохол или наркотични средства,
- неуредно водење на книга и
- непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа.

Член 126

Дисциплинската мерка парична казна во висина на три плати на претседател на основен суд со проширена надлежност или привремено одземање на правото на вршење на нотарска служба во траење од еден до шест месеца ќе се изрече за :

- неводење евиденција за наплатена награда, трошоци и такси согласно со овој закон и соодветните правилници,
- наплата на поголема награда, или трошоци спротивно на Нотарската тарифа,
- намалување на нотарската награда спротивно на Нотарската тарифа,
- вршење на службени дејности забранети со закон,
- застапување странки или составување исправи во случаи во кои со законот тоа му е забрането,
- грубо повредување на должното почитување спрема судовите и надзорните органи, како и на органите на Комората,
- непостапување по одлуки на судовите за привремено одземање на нотарски исправи и по одлуки на надзорните органи за отстранување на недостатоци во работењето,
- составување приватни исправи,
- составување на нотарски исправи или заверување на приватни исправи на јазик, спротивно на одредбите на овој или друг закон со кои е уредена употребата на јазикот,
- купување предмети на јавна продажба или стекнување на други права во текот на друга постапка, која тој ја води како нотар или повереник на судот или како застапник на странка за себе или за свои роднини (во права линија или до четврти степен во странична линија),
- преземање службени дејствија надвор од службеното подрачје на нотарот,
- постапување спротивно на членот 8 став (8) од овој закон и
- употреба на факсимил на службени исправи или книги.

Член 127

Дисциплинската мерка трајно одземање на правото на вршење нотарска служба или парична казна во висина од три до шест плати на претседател на основен суд со проширена надлежност ќе се изрече за:

- повреда на должноста утврдена со закон за вршење на нотарските работи со што сериозно се загрозува довербата во непристрасност на нотарот и во исправите кои ги составува, особено ако презема службено дејствие за работа за која според законот не е дозволена,
- непридржување кон законските одредби од кои зависи важноста на нотарската исправа,
- потврдување на факти што не се случиле во присуство на нотарот,
- потпишување на исправите за службените дејствија на кои не присуствувал нотарот,
- вршење за награда на некоја постојана или приватна служба,
- занимавање со трговија и посреднички работи,
- вршење занимање што не е во согласност со угледот, честа и независноста на нотарот,
- склучување договори во свое име за други лица или во туѓо име за себе или учество во правна работа во која презема службени дејствија како нотар или повереник на судот,

- вложување на пари што му се доверени на чување на нотарот на негово име, спротивно на одредбите на овој закон,

- преземање обврски на гаранција или одговорности во работи кои се склучуваат со негово учество во својство на нотар,

- вршење нотарски работи за време за кое нотарот е привремено оддалечен од работата или на друг начин избегнување на мерката привремено одземање на правото за вршење служба,

- застапување на политичко уверување во вршењето на нотарската служба,

- непреземање или делумно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети,

- непреземање на пропишаните мерки за спречување на перење пари и други приноси од казниви дела,

- предизвикување на материјална штета на странките,

- примање на подароци или друг вид корист или поставување на личниот финансиски интерес во судир со положбата и статусот на нотарот,

- оддавање класифицирана информација со степен на тајност определена согласно со закон,

- одбивање да се даде или давање на неточни податоци на државните органи, правните лица и на граѓаните, доколку давањето на податоци е пропишано со закон,

- незаконито располагање со материјалните средства што му се доверени,

- извршување на кривично дело или прекршок во вршењето на нотарската служба, или друго кривично дело или прекршок што го прави нотарот недостоен за вршење на нотарската служба или го нарушува угледот на нотарската служба или на нотарот и

- оставање на празни рубрики во службените книги на нотарот.

Член 128

(1) Доколку во водење на дисциплинската постапка, дисциплинскиот орган стекне сознанија дека е извршено кривично дело за дејствијата за кои се води постапката, ќе ја прекине постапката и ќе поднесе пријава до надлежниот орган за постапување.

(2) На исти начин дисциплинскиот орган ќе постапи и ако има сознанија за корупција на нотар.

**Застареност**

Член 129

(1) Поведувањето на дисциплинска постапка застарува во рок од две години од денот на сторување, или во рок од една година од дознавање за повредата при вршење на надзор.

(2) Ако дисциплинската повреда повлекува и кривична одговорност, дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на нотарот застарува во рок од две години од денот на дознавањето за повредата.

(3) Застареноста се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради поведување и водење на дисциплинска постапка.

(4) Застареноста на поведувањето настапува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време што според ставовите (1) и (2) на овој член се бара за застареност на поведувањето.

**Одлуки во дисциплинската постапка**

Член 130

(1) Дисциплинските мерки против нотарот ги изрекува Дисциплинскиот совет .

(2) Дисциплинскиот совет донесува:

- одлука со која нотарот се ослободува од одговорност дека сторил дисциплинска повреда и

- одлука со која нотарот се огласува за виновен за сторена дисциплинска повреда и му се изрекува дисциплинска мерка.

**Право на жалба**

Член 131

(1) Против одлуката на Дисциплинскиот совет со која се изрекува дисциплинска мерка, нотарот има право на жалба до Управниот одбор на Комората во рок од осум дена од приемот на одлуката.

(2) Во постапката по жалба Управниот одбор одлучува со одлука со која:

- ја укинува одлуката на Дисциплинскиот совет и предметот го враќа на повторно постапување и одлучување и

- ја потврдува одлуката на Дисциплинскиот совет.

(3) Против одлуката на Управниот одбор со која се потврдува одлуката на Дисциплинскиот совет за изрекување дисциплинска мерка нотарот има право да поведе управен спор.

**Извршување на дисциплински одлуки**

Член 132

(1) Конечната одлука донесена во дисциплинска постапка ја извршува претседателот на Комората.

(2) Конечната одлука за изрекување на дисциплинска мерка се доставува лично на нотарот и на министерот за правда.

(3) Конечната одлука за изречена парична казна и за трошоците на постапката имаат сила на извршна исправа и предлог за нивно присилно извршување може да поднесе претседателот на Комората. Средствата добиени со присилното извршување одат на сметката на Комората.

(4) Конечната одлука за изречената мерка одземање на правото на вршење на службата се извршува со бришење на нотарот од Именикот на Комората. Во Именикот се запишува и конечната одлука со која е изречена друга дисциплинска мерка, како и привремено оддалечување од службата во текот на дисциплинската постапка.

(5) Конечната одлука за изрекување на мерката привремено одземање на правото за вршење на службата или на мерката трајно одземање на правото за вршење на службата Нотарската комора ја објавува во "Службен весник на Република Македонија".

## XIII. НОТАРИТЕ КАКО ПОВЕРЕНИЦИ НА СУДОВИТЕ И ДРУГИТЕ ОРГАНИ

**Спроведување на оставинската постапка**

Член 133

Овластувањата на нотарите за расправање на оставината се уредуваат со законот кој ја уредува таа постапка.

**Други работи кои можат да му се доверат на нотарот**

Член 134

(1) Судот или друг орган може на нотарот да му ги довери сите работи што се утврдени со посебен закон.

(2) Доверената работа може во секое време, од оправдани причини, да му биде одземена на нотарот.

(3) Нотарот одговара за штетата која како повереник на кој било орган им ја направил на странките.

**Правната положба на нотарот како повереник**

Член 135

(1) На нотарот како повереник на судот или на друг орган на соодветен начин се применуваат правилата со кои се уредува постапката во која му е доверено вршењето на определени работи, особено правилата за изземање, за достава, барање правна помош, податоци и друго.

(2) По извршувањето на определено службено дејствие нотарот е должен без одлагање да му поднесе извештај на органот кој му ја доверил работата.

**Надзор над работењето на нотарот како повереник**

Член 136

Надзорот над работењето на нотарот како повереник на одреден орган го врши самиот тој орган. Органот е овластен да му нареди на нотарот да ги предаде актите и по службена должност присилно да го изврши таквиот налог.

**Чување на актите**

Член 137

Актите за службените дејствија кои нотарот ги извршил како повереник на судот или на некој друг орган се чуваат во архивата на тој орган одвоено од другите акти.

## XIV. НАГРАДА ЗА РАБОТАТА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ

**Нотарска тарифа**

Член 138

Нотарот има право на награда за работата и на надоместок на трошоците во вршењето на службените дејствија од неговиот делокруг во согласност со Нотарската тарифа која ја донесува Комората во согласност со Министерството за правда.

**Спорови за наградата и надоместокот на трошоците**

Член 139

Ако странката не ја прифати сметката на нотарот за висината на наградата и надоместокот на трошоците, претседателот на Комората ќе го реши спорот по претходно сослушување на нотарот и ќе ја определи висината на наградата.

**Награда и надоместок на трошоците**

Член 140

Ако повеќе лица учествувале во склучување на правна работа пред нотар или од него барале вршење на некое службено дејствие, сите тие солидарно му ги надоместуваат на нотарот наградата и трошоците.

**Плаќање на наградата и аванс**

Член 141

Нотарот е овластен да бара наградата да му се исплати веднаш по завршената работа, а може да бара и соодветен аванс.

**Забелешка и потврда за наградата и трошоците**

Член 142

(1) На секоја исправа и на секој извод нотарот ќе го забележи износот на пресметаната награда согласно со Тарифата за наградите.

(2) По барање на странките нотарот ќе издаде специфицирана сметка и признаница за платената награда и трошоците, која ја содржи главната награда и другите награди и трошоци.

Член 143

Исплаќањето на нотарот кој работел како повереник кај некои органи го врши органот кој го поставил согласно со Тарифата за наградите. Нотарот може да се договори наградата да ја плати странката согласно со Правилникот за нотарска такса и нотарска награда.

**Наплата на нотарските такси**

Член 144

(1) За службени дејствија што ги презема нотарот се плаќаат такси, врз основа на закон.

(2) Нотарот е должен да води грижа за тоа дали странките уредно ги платиле таксите за службените дејствија што тој ги презел. Нотарот не смее да им ги издаде бараните исправи на странките пред тие да докажат дека ги уплатиле таксите.

(3) Видот и висината на таксите се утврдуваат со Законот за нотарските такси.

(4) До донесувањето на Законот за нотарските такси се применува Законот за судските такси, така што износот на таксите е намален за 50%.

## XV. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ДРУГИ ПРИНОСИ ОД КАЗНИВО ДЕЛО И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

**Програма за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело**

Член 145

(1) Управниот одбор донесува долгорочна и годишна програма на мерки за спречување на перење пари и други приноси од казниви дела, со која се определуваат мерките што ги преземаат нотарите предвидени со Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело.

(2) Управниот одбор организира редовна и периодична задолжителна обука на нотарите за примена на мерките за спречување на перењето пари и други приноси од казниво дело.

(3) Неприменувањето од нотарот на мерките предвидени во Законот за спречување на перење пари и програмите и мерките што ги усвојува Комората претставува особено тежок дисциплински престап.

**Комисија за надзор**

Член 146

(1) Собранието на Комората именува од редот на своите членови Комисија составена од пет члена за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и програмите на Комората за мерки за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело.

(2) Членовите на Комисијата од ставот (1) на овој член се именуваат за време од четири години без право на повторно именување.

(3) За именувањето и составот на Комисијата од ставот (1) на овој член, претседателот на Комората ја известува Дирекцијата за спречување на перење пари.

Член 147

(1) Комисијата од членот 146 на овој закон врши надзор над примената на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, врз основа на годишните извештаи на нотарите.

(2) Комисијата може да врши надзор над одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело во работењето на нотарите, по сопствена иницијатива или по претставки на други но-

тари, службени лица или странки чии претставки содржат основано укажување дека е извршена сомнителна трансакција.

(3) Комисијата е должна да изврши контрола на работењето на нотарот по образложено барање на Дирекцијата за спречување на перење пари, доставено преку претседателот на Комората, и да ја извести Дирекцијата за резултатите од извршената контрола.

(4) Комисијата редовно, а најмалку еднаш годишно, го известува Управниот одбор и Собранието на Комората за примената на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело.

(5) Кога ќе утврди дека постои основано сомневање за сторено кривично дело или прекршок на перење пари и други приноси од казниво дело, од страна на нотарот или неговите соработници, Комисијата од ставот (1) на овој член без одлагање го известува претседателот на Комората, Управниот одбор и Дисциплинскиот совет.

(6) За поведувањето на дисциплинска постапка против нотарот, или поднесувањето кривична пријава или барање за прекршочна постапка во случаите од ставот (5) на овој член, претседателот на Комората без одлагање ја известува Дирекцијата за спречување на перење пари.

## XVI. НОТАРСКИ ИСПИТ

### Нотарски испит

Член 148

(1) Нотарски испит можат да полагаат дипломирани правници кои во време на полагањето на испитот имаат две години работно искуство на правни работи.

(2) Со нотарскиот испит се проверува познавањето на правните прописи со кои се уредува нотарската служба, составувањето, заверката и легализацијата на исправите во односите со меѓународен елемент, трговските друштва, претпријатијата и правните лица воопшто, евиденција на правата на недвижности, наследното, семејното и стварното право, кривичното право, парничната, вонпарничната и извршната постапка и други прописи неопходни за вршење на нотарската дејност. При определувањето на содржината на нотарскиот испит, кој се состои од устен и писмен дел ќе се води сметка за содржината на правосудниот испит, за да се избегне повторното полагање на правната материја која била опфатена со правосудниот испит. Содржината на нотарскиот испит поблиску се уредува со правилник што го донесува министерот.

## XVII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 149

Во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, постојните правилници се усогласуваат со одредбите на овој закон.

Член 150

Со денот на влегување во сила на овој закон , престанува да важи Законот за вршење на нотарски работи ("Службен весник на Република Македонија" број 59/96, 25/98, 6/2002 и 66/2006).

Член 151

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членот 12 "Осигурување од одговорност за штета" на овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2008 година.

# L I G J
# PËR NOTERIAT

## I. DISPOZITAT THEMELORE

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet procedura për emërimin dhe shkarkimin e noterëve, fushëveprimi i punës dhe i autorizimeve të tyre, përpilimi i dokumenteve noteriale dhe veprimi me ato pas lirimit të vendit të noterit, organizimi i noterisë dhe i organeve të tij, i noterëve si komisarë të gjykatave dhe të organeve të tjera, mbikëqyrja ndaj punës së noterëve dhe përgjegjësia disiplinore.

Neni 2

(1) Noteriati është shërbim i pavarur, i mëvetësishëm në të cilin kryhen punë nga lloji i autorizimeve publike në bazë të ligjit, me kërkesën e qytetarëve, organeve shtetërore, personave juridikë dhe institucioneve të tjera të interesuara.

(2) Noteri e kryen detyrën e vet si profesion themelor, për kohën për të cilën është emëruar.

Neni 3

Noteri, punët noteriale i kryen në mënyrë të lirë, të pavarur, të mëvetësishme, profesionale dhe të paanshme në bazë të Kushtetutës, ligjit, marrëveshjeve të ratifikuara ndërkombëtare dhe dispozitave të tjera dhe akteve të përgjithshme të bazuara në ligj.

Neni 4

(1) Dokumentet noteriale janë: dokumentet për punët juridike dhe deklaratat që i përpilon noteri në formë të aktit noterial; procesverbalet për punët juridike që i ka përpiluar noteri ose janë përpiluar në praninë e tij; si dhe vërtetimet për faktet të cilat noteri i ka konfirmuar me regjistrim të drejtpërdrejtë ose me ndihmën e dokumenteve.

(2) Dokumente noteriale, përshkrimet dhe ekstraktet e tyre, të lëshuara në pajtim me këtë ligj, janë dokumente publike nëse gjatë përpilimit dhe lëshimit të tyre janë plotësuar kushtet e nevojshme të parapara me këtë ligj.

(3) Dokumenti noterial, në rastet e përcaktuara me ligj, është dokument përmbarues.

Neni 5

Punët noteriale kryhen me zbatimin e parimeve për garantimin e kryerjes së ligjshme të punëve, përgjegjësinë për dëmin e shkaktuar në kryerjen e punëve noteriale, dispozicionin dhe pamohueshmërinë e raportit juridik, mbikëqyrjen ndaj ligjshmërisë në kryerjen e punëve noteriale dhe kompensimin për punët e kryera.

Neni 6

(1) Noteri e ka selinë e vet zyrtare dhe rajonin në të cilin e kryen detyrën e vet.

(2) Noteri e ka vulën e vet zyrtare, vulat katrore, vulën e thatë dhe të fshehtë, me të cilat e vërteton secilin dokument që e ka përpiluar ose e ka kontrolluar, lidhur me veprimet që i ka ndërmarrën gjatë kryerjes së detyrës.

Neni 7

Dokumentet noteriale të lëshuara jashtë vendit, e kanë vlefshmërinë e njëjtë sikur të jenë të lëshuara në pajtim me këtë ligj, me kusht reciprociteti.

Neni 8

(1) Noteriati organizohet në bazë të principit territorial, sipas rajoneve të gjykatave themelore.

(2) Selinë zyrtare dhe rajonin për të cilin emërohet noteri, i cakton ministri i Drejtësisë (në tekstin e mëtejmë: ministri).

(3) Numri i noterëve në rajonin e gjykatave themelore caktohet, rritet ose zvogëlohet, sipas nevojës për kryerjen e punëve noteriale në mënyrë të shpejtë dhe efikase.

(4) Selitë noteriale në Republikën e Maqedonisë i cakton ministri, duke mbajtur llogari me këtë rast që në çdo gjykatë themelore, të ketë së paku një noter.

(5) Nëse në rajonin e gjykatës themelore ka deri në 20 000 banorë, sipas regjistrimit të fundit zyrtar, sipas rregullës duhet të ketë së paku nga një noter në çdo 20 000 banorë.

(6) Gjatë caktimit të numrit dhe selive të noterëve, ministri do t'i marrë parasysh zhvillimin e jetës juridike në rajon, vëllimin dhe llojin e lëndëve në gjykatë dhe në organet dhe institucionet e tjera me ndikim, për vëllimin e punëve noteriale.

(7) Noteri doemos duhet që në vendin i cili i është caktuar si seli zyrtare, të ketë zyrë dhe vendbanim ose vendqëndrim.

(8) Shpërblimi i noterëve është i njëjtë në tërë territorin e Republikës së Maqedonisë, sipas tarifës së përcaktuar. Noteri Odës së noterëve për çdo vit i paraqet raport me shkrim për punën e tij në vitin paraprak, më së voni deri më 1 mars në vitin në vijim, në të cilin e shënon numrin e përgjithshëm të regjistrimeve, lartësinë e shpërblimit të realizuar gjatë punës së atij viti, lartësinë e taksës së arkëtuar dhe shumën e shpenzimeve të punës dhe të fitimit të realizuar. Kryetari i Odës gjatë 15 ditëve të ardhshme ia paraqet ministrit raportin për të dhënat e marra.

## II. EMËRIMI DHE SHKARKIMI I NOTERËVE

### Kushtet për emërim

Neni 9

(1) Për noter mund të emërohet personi, i cili:

a) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

b) ka aftësi për punë dhe i plotëson kushtet e përgjithshme të përcaktuara me ligj për themelimin e marrëdhënies së punës në organin shtetëror;

c) është jurist i diplomuar;

ç) e ka dhënë provimin për noter;

d) ka përvojë pune në punët juridike së paku pesë vjet;

dh) ka prestigj për kryerjen e punëve noteriale, dhe

e) do të deklarojë se do të sigurojë pajisje dhe lokale për zyrën e noterit, të vendosur në objektin ndërtimor më hyrje të veçantë dhe të mos jetë më e vogël se 30 m2.

(2) Ministri me Rregullore në mënyrë më precize i përcakton pajisjen dhe lokalet për kryerjen e shërbimit noterial.

(3) Do të konsiderohet se nuk i plotëson kushtet nga paragrafi (1) pika dh) e këtij neni, personi i cili ka shumë borxhe.

### Procedura për emërim

Neni 10

(1) Noteri emërohet me aktvendimin e ministrit në bazë të konkursit.

(2) Konkursin për emërimin e noterëve e shpall ministri ndërsa e zbaton Oda, e cila për këtë qëllim e formon komisionin e përbërë prej shtatë anëtarësh.

(3) Në konkurs doemos duhet të caktohet rajoni për të cilin duhet të emërohet noteri. Nëse njëkohësisht shpallet konkursi për më tepër vende noterësh, në konkurs theksohet se kandidatët munden të paraqiten për të gjitha vendet noteriale. Kandidatët munden ta caktojnë përparësinë e vendeve në të cilat dëshirojnë që të emërohen.

(4) Konkursi për emërimin e noterëve shpallet në shtypin ditor dhe në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

(5) Afati për paraqitjen e kandidatëve të interesuar, nuk guxon të jetë më i shkurtër se 15 ditë nga dita e shpalljes së konkursit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

(6) Fletëparaqitjet me dokumentet shtesë me të cilat dëshmohet se janë plotësuar kushtet për emërimin e noterit, në pajtim me nenin 9 të këtij ligji, i paraqiten me shkrim Odës.

(7) Pas kalimit të afatit nga paragrafi (5) i këtij neni, Oda është e detyruar që t'ia paraqesë ministrit fletëparaqitjet e pranuara me mendimin e vet, më së voni në afat prej 15 ditësh nga dita e përfundimit të konkursit.

### Deklarata solemne e noterit dhe dokumenti për emërim

Neni 11

(1) Pas emërimit, noteri është i obliguar që ta japë deklaratën solemne para ministrit, kryetarit të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë dhe kryetarit të Odës.

(2) Deklarata solemne e noterit, është si vijon:

"Deklaroj se shërbimin e noterit do ta kryej me përgjegjësi, me nder dhe paanshmëri, në pajtim me Kushtetutën dhe ligjet e Republikës së Maqedonisë, marrëveshjet ndërkombëtare të ratifikuara dhe se do t'i mbroj interesat e palëve".

(3) Pas dhënies së deklaratës solemne, ministri ose personi i autorizuar prej tij, ia dorëzon noterit kartën për emërim, ndërsa kopja e kartës i dërgohet Odës.

(4) Pasi të dërgohet kopja e kartës për emërim, Oda është e obliguar të caktojë datën kur do të fillojë me punë noteri, dhe ta shpallë në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

(5) Nëse noteri nuk fillon me punë në afat prej tre muajsh nga data e shpallur për fillimin e punës në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", do të konsiderohet se fare nuk ka filluar me punë.

(6) Noteri para skadimit të afatit të paraparë në paragrafin (5) të këtij neni, mund të kërkojë nga ministri vazhdimin e afatit edhe për 3 muaj, për shkaqe të arsyeshme.

(7) Noterët e emëruar regjistrohen në Listën emërore të noterëve, që e mban Oda.

### Sigurimi nga përgjegjësia për dëm

Neni 12

(1) Noteri është i obliguar që para fillimit me punë, të sigurohet nga përgjegjësia për dëmin që do të mund t'ua shkaktojë personave të tretë gjatë kryerjes së detyrës së noterit. Në kushtet për sigurim mund të parashihet që dëmin deri në një shumë të caktuar, noteri ta kompensojë në mënyrë të drejtpërdrejtë.

(2) Shuma më e vogël për sigurim është 50 000 euro me kundërvlerë në denarë.

(3) Noteri i cili sipas raportit nga neni 8 paragrafi (8) i këtij ligji, për shpërblimin e realizuar në vitin paraprak, ka realizuar shpërblim më të madh se shuma e siguruar nga paragrafi (2) i këtij neni, paguan sigurim deri në lartësinë e shpërblimit të realizuar.

(4) Gjatë ndryshimit të kushteve për sigurim dhe lartësisë së shumës për sigurim, noteri është i obliguar që në afat prej 30 ditësh ta harmonizojë sigurimin e tij me kushtet e ndryshuara dhe shumën, dhe për këtë ta njoftojë Odën.

(5) Noteri është i obliguar, që me rregull ta vazhdojë sigurimin nga përgjegjësia.

(6) Oda mund ta ndërmarrë sigurimin nga përgjegjësia për dëmin e të gjithë noterëve në Republikën e Maqedonisë. Në këtë rast noterët janë të obliguar që Odës t'ia paguajnë kompensimin për sigurim nga përgjegjësia për dëmin.

### Vula, vula katrore, vula e thatë dhe e fshehtë dhe nënshkrimi

Neni 13

(1) Pas dhënies së deklaratës solemne, noteri është i obliguar që pa prolongim të kërkojë nga Oda t'i përgatiten vula, vulat katrore, vula e thatë dhe e fshehtë.

(2) Gjurmët e vulës, vulave katrore, vulës së thatë dhe të fshehtë, si dhe nënshkrimin e noterit, i miraton dhe verifikon kryetari i gjykatës themelore në rajonin e së cilës noteri e ka selinë. Gjurmët dhe nënshkrimet e verifikuara deponohen në Odë dhe në gjykatë.

(3) Noteri mund të ketë vetëm një vulë zyrtare.

(4) Noteri është i obliguar që vulën e vet, vulën katrore, vulën e thatë dhe të fshehtë, t'i ruajë me kujdes të veçantë, e nëse i humb është i obliguar që menjëherë ta njoftojë gjykatën në rajonin e së cilës është selia e tij dhe Odën, dhe atë me telegram ose në mënyrë elektronike, si dhe me dërgimin e drejtpërdrejtë të njoftimit ose me letër rekomanduese.

(5) Për vulën, vulën katrore, vulën e thatë dhe të fshehtë të humbur, gjykata nga paragrafi (4) i këtij neni, do të botojë shpallje në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë". Në rast se vula, vula katrore, vula e thatë dhe e fshehtë gjendet, ajo do të prishet duke e prerë në dy pjesë.

(6) Leja dhe verifikimi i gjurmëve të vulës, vulës katrore, vulës së thatë dhe të fshehtë të re, bëhet sipas procedurës së paraparë në paragrafin (2) të këtij neni. E njëjta procedurë zbatohet edhe për ndryshimin e vulës, vulës katrore, vulës së thatë dhe të fshehtë.

**Shkaqet për shuarjen e detyrës së noterit**

Neni 14

(1) Detyra e noterit pushon:

(a) me vdekje;

b) me plotësimin e kushteve për pension sipas pleqërisë, në pajtim me ligjin;

c) me kërkesën e tij;

ç) nëse është dënuar me vendim të plotfuqishëm gjyqësor për vepër penale nga përfitimi, për të cilën ndiqet me detyrë zyrtare, ose nëse është dënuar me dënim me burgim të pakusht mbi gjashtë muaj, ose nëse i është kumtuar ndalimi për kryerjen e detyrës;

(1) Gjykata ose organ tjetër noterit mund t'ia besojë të gjitha punët që janë të përcaktuara me ligj të veçantë.

(2) Puna e besuar në çdo kohë, nga shkaqe të arsyeshme, mund t'i merret notarit.

(3) Noteri përgjigjet për dëmin, të cilin si komisar i cilitdo organ ia ka bërë palëve.

**Pozita juridike e noterit si komisar**

Neni 135

(1) Noterit si komisar i gjyqit apo i organit tjetër në mënyrë përkatëse aplikohen rregullat me të cilat rregullohet procedura me të cilën i është besuar kryerja e punëve të caktuara, veçanërisht rregullat për përjashtim, për dorëzim, kërkesë për ndihmë juridike, të dhëna e tjera.

(2) Pas kryerjes së veprimit të përcaktuar zyrtar noteri është i detyruar pa shtyrje t'ia dorëzojë raportin organit, i cili ia ka besuar punën.

**Mbikëqyrje mbi punën e noterit si komisar**

Neni 136

Mbikëqyrjen mbi punën e noterit si komisar i organit të caktuar e bën vetë organi. Organi është i autorizuar që ta urdhërojë noterin që t'i dorëzojë aktet dhe sipas detyrës zyrtare me detyrim ta zbatojë urdhëresën e tillë.

**Ruajtja e akteve**

Neni 137

Aktet për veprimet zyrtare të cilat noteri i ka zbatuar si komisar i gjykatës ose i ndonjë organi tjetër, ruhen në arkiv të atij organi, të veçuara nga aktet e tjera.

## XIV. SHPËRBLIM PËR PUNËN DHE KOMPENSIMI I SHPENZIMEVE

**Tarifa e Noterit**

Neni 138

Noteri ka të drejtë në shpërblim për punën dhe kompensim të shpenzimeve në kryerjen e veprimeve zyrtare nga fushëveprimi i tij në pajtim me tarifën e noterit të cilën e nxjerr Dhoma në pajtim me Ministrinë e Drejtësisë.

**Konteste për shpërblimin dhe kompensimin e shpenzimeve**

Neni 139

Nëse pala nuk e pranon llogarinë e noterit për lartësinë e shpërblimit dhe kompensimin e shpenzimeve, kryetari i Dhomës do ta zgjidh kontestin pas dëgjimit paraprak të noterit dhe do ta përcaktojë lartësinë e shpërblimit.

**Shpërblimi dhe kompensimi i shpenzimeve**

Neni 140

Nëse më shumë persona kanë marrë pjesë në lidhjen e punës juridike para noterit ose nga ai kanë kërkuar kryerjen e ndonjë veprimi zyrtar, të gjithë ata, në mënyrë solidare, ia kompensojnë noterit shpërblimin dhe shpenzimet.

**Pagimi i shpërblimit dhe i avancës**

Neni 141

Noteri është i autorizuar të kërkoje që shpërblimi t'i paguhet menjëherë pas punës së kryer, por mund të kërkojë edhe avancë përkatës.

**Shënimi dhe vërtetimi për shpërblimin dhe shpenzimet**

Neni 142

(1) Në çdo dokument dhe në çdo ekstrakt noteri do ta shënojë shumën e shpërblimit të përllogaritur në pajtim me Tarifën për shpërblimet.

(2) Me kërkesë të palëve, noteri do të japë llogari të specifikuar dhe vërtetim për shpërblimin dhe shpenzimet e paguara, i cili përmban shpërblimin kryesor dhe shpërblime e shpenzime të tjera.

Neni 143

Pagimin e noterit, i cili ka punuar si komisar te disa organe, e bën organi i cili e ka vendosur në pajtim me Tarifën për shpërblimet. Noteri mundet të merret vesh që shpërblimin ta paguajë pala në pajtim me Rregulloren për taksën noteriale dhe shpërblimin e noterit.

**Arkëtimi i taksave noteriale**

Neni 144

(1) Për veprimet zyrtare që i ndërmerr noteri paguhen taksa, në bazë të ligjit.

(2) Noteri është i detyruar të mbajë llogari për atë nëse palët në mënyrë të rregullt i kanë paguar taksat për veprimet zyrtare të cilat ai i ka ndërmarrë. Noteri nuk guxon palëve që t'ua lëshojë dokumentet e kërkuara para se ata të dëshmojnë se i kanë paguar taksat.

(3) Lloji dhe lartësia e taksave përcaktohet me Ligjin për taksa noteriale.

(4) Deri në nxjerrjen e Ligjit për taksat noteriale aplikohet Ligji për taksat gjyqësore, ashtu që shuma e taksave zvogëlohet për 50%.

## XV. MASA PËR PARANDALIMIN E PASTRIMIT TË PARAVE DHE TË ARDHURAVE TË TJERA NGA VEPRAT E NDËSHKUESHME DHE FINANCIM TË TERRORIZMIT

**Programi për parandalimin e pastrimit të parave dhe të ardhurave të tjera nga veprat e ndëshkueshme**

Neni 145

(1) Këshilli drejtues nxjerr program njëvjeçar dhe shumëvjeçar të masave për parandalimin e pastrimit të parave dhe të ardhurave të tjera nga vepra të ndëshkueshme, me të cilat përcaktohen masat që i ndërmarrin noterët të parapara me Ligjin për ndalimin e pastrimit të parave dhe të ardhurave të tjera nga veprat e ndëshkueshme.

(2) Këshilli drejtues organizon trajnim të obligueshëm të rregullt dhe periodik të noterëve për aplikimin e masave për parandalimin e pastrimit të parave dhe të ardhurave të tjera nga veprat e ndëshkueshme.

(3) Mosaplikimi nga noteri i masave të parapara me Ligjin për parandalimin e pastrimit të parave si dhe programet dhe masat që i miraton Dhoma, paraqet veçanërisht shkelje të rëndë disiplinore.

**Komisioni për mbikëqyrje**

Neni 146

(1) Kuvendi i Dhomës nga radhët e anëtarëve të vet emëron Komision të përbërë prej pesë anëtarëve për kryerjen e mbikëqyrjes mbi aplikimin e dispozitave nga Ligji për parandalimin e pastrimit të parave dhe të ardhurave të tjera nga veprat e ndëshkueshme.

(2) Anëtarët e Komisionit nga paragrafi (1) i këtij neni emërohen për kohë prej katër vitesh pa të drejtë riemërimi.

(3) Për emërimin dhe përbërjen e Komisionit nga paragrafi (1) i këtij neni, kryetari i Dhomës e njofton Drejtorinë për parandalimin e pastrimit të parave.

Neni 147

(1) Komisioni nga neni 146 i këtij ligji kryen mbikëqyrje mbi aplikimin e dispozitave nga Ligji për pengimin e pastrimit të parave dhe të ardhurave të tjera nga veprat e ndëshkueshme, në bazë të raporteve vjetore të noterëve.

(2) Komisioni mund të kryejë mbikëqyrje mbi dispozitat nga Ligji për pengimin e pastrimit të parave dhe të ardhurave të tjera nga veprat e ndëshkueshme në punën e noterëve, me vetiniciativë ose në bazë të parashtresave të noterëve të tjerë, të personave zyrtarë ose të palëve, parashtesat e të cilëve përmbajnë vërejtje të bazuara se është kryer transaksion i dyshimtë.

(3) Komisioni është i detyruar të bëjë kontroll mbi punën e noterit në bazë të kërkesës së arsyetuar të Drejtorisë për parandalimin e pastrimit të parave, të dorëzuar përmes kryetarit të Dhomës, dhe ta informojë Drejtorinë për rezultatet nga kontrolli i kryer.

(4) Komisioni rregullisht, e së paku një herë në vit, e njofton Këshillin drejtues dhe Kuvendin e Dhomës për zbatimin e dispozitave të Ligjit për pengimin e pastrimit të parave dhe të ardhurave të tjera nga veprat e ndëshkueshme.

(5) Kur të vërtetohet se ekziston dyshim i bazuar për kryerjen e veprës së ndëshkueshme ose kundërvajtje për pastrim të parave dhe të ardhurave të tjera nga veprat e ndëshkueshme nga ana e noterit ose bashkëpunëtorëve të tij, Komisioni nga paragrafi (1) i këtij neni pa shtyrje e njofton kryetarin e Dhomës, Këshillin drejtues dhe Këshillin disiplinor.

(6) Për ngritjen e procedurës disiplinore kundër noterit, ose paraqitjes së kallëzimit penal ose kërkesës për procedurë për kundërvajtje në rastet nga paragrafi (5) i këtij neni, kryetari i Dhomës pa shtyrje e njofton Drejtorinë për parandalimin e pastrimit të parave.

XVI. PROVIMI NOTERIAL

**Provimi noterial**

Neni 148

(1) Provimin noterial mund ta japin juristët e diplomuar, të cilët në kohën e dhënies së provimit kanë dy vjet përvojë pune në punë juridike.

(2) Me provimin noterial kontrollohet njohja e dispozitave juridike me të cilat rregullohet shërbimi noterial, përpilimi, vërtetimi dhe legalizimi i dokumenteve në relacion me elemente ndërkombëtare, shoqëritë tregtare, ndërmarrjet dhe personat juridikë në përgjithësi, evidentimi i të drejtave të patundshmërive, të drejtave trashëgimore, farefisnore dhe i së drejtës reale, e drejta penale, procedura kontestimore, jashtë kontestimore dhe procedura përmbaruese dhe i dispozitave të tjera të domosdoshme për kryerjen e veprimtarisë noteriale. Gjatë përcaktimit të përmbajtjes së provimit noterial, i cili përbëhet nga pjesa me gojë dhe me shkrim do të mbahet llogari për përmbajtjen e provimit të jurisprudencës, që të mënjanohet provimi i përsëritur i materies juridike e cila ka qenë e përfshirë me provimin e jurisprudencës. Përmbajtja e provimit noterial më për së afërmi rregullohet me rregullore që e nxjerr ministri.

XVII. DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 149

Në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji, rregulloret ekzistuese harmonizohen me dispozitat e këtij ligji.

Neni 150

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, pushon të vlejë Ligji për kryerjen e punëve noteriale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 59/69, 25/98, 06/2002 dhe 66/2006).

Neni 151

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa dispozitat nga neni 12 "Sigurimi nga përgjegjësia për dëm" të këtij ligji do të zbatohen nga 1 janari 2008.

---

**728.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И НА ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 април 2007 година.

Бр. 07-1744/1
20 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И НА ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

Член 1

Во Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на Република Македонија" број 66/2004), во членот 26 став 1 зборот "автоматизирана" се заменува со зборот "електронска".

Во ставот 2 зборовите: "автоматизиран регистар води Министерството за транспорт и врски" се заменуваат со зборовите: "електронски регистар води Централниот регистар на Република Македонија".

Во ставот 3 по зборовите: "геодетски работи" се става запирка и се додаваат зборовите: "Централниот регистар на Република Македонија".

Во ставот 4 зборовите: "директорот на Државниот завод за статистика" се заменува со зборовите: "директорот на Централниот регистар на Република Македонија".

Во ставот 5 зборовите: "Државниот завод за статистика" се заменуваат со зборовите: "Централниот регистар на Република Македонија".

Ставот 6 се менува и гласи:

"Централниот регистар на Република Македонија на својата веб страница го објавува единствениот систематски список на улици и постојано го ажурира. Истиот е бесплатно достапен до сите заинтересирани корисници."

Член 2

Во членот 27 ставот 1 се менува и гласи:

"Општините, односно градот Скопје се должни заради водење на регистарот од членот 26 став 2 на овој закон, да обезбедат иницијален пренос на податоците на електронски медиум или по електронски пат и тековно, а најдоцна во рок од осум дена од евидентирањето на какви било промени, податоците за промените на електронски медиум или по електронски пат да ги достават до Централниот регистар на Република Македонија."

Ставовите 3 и 4 се бришат.

Член 3

Насловот во Главата "VI. Казнени одредби" се заменува и гласи: "VI. Прекршочни одредби".

Член 4

Во членот 33 зборовите: "Со парична казна од 8.000 до 10.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице во општината" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во општината".

Член 5

Во членот 34 став 1 зборовите: "Со парична казна од 10.000 до 20.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице".

Во ставот 2 зборовите: "Со парична казна од 5.000 до 8.000 денари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на".

Член 6

Во членот 35 зборовите: "Со парична казна од 8.000 до 10.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице".

Член 7

Во членот 36 зборовите: "Со парична казна од 2.000 до 5.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Член 8

Во членот 37 зборовите: "Со парична казна од 10.000 до 20.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице ".

Член 9

Во членот 38 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице".

Член 10

По членот 38 се додава нов член 38-а, кој гласи:

"Член 38-а

За прекршоците утврдени со овој закон комуналниот инспектор на општината, односно градот Скопје може на сторителот на прекршокот да му понуди посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

Комуналниот инспектор на општината, односно градот Скопје во случаите од ставот 1 на овој член, составува записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапката за посредување кој го потпишува и сторителот на прекршокот.

Постапката за посредување се покренува со барање од страна на комуналниот инспектор на општината, односно градот Скопје во рок од осум дена од денот кога е констатиран сторениот прекршок.

Согласноста за посредување треба да се постигне во рок од осум дена од денот кога е започната постапката за посредување, која се води пред Комисија за посредување формирана од министерот за транспорт и врски.

Комисијата од ставот 4 на овој член е составена од три члена од кои еден е претседател. Членовите на Комисијата се избираат од редот на државните службеници вработени во Министерството за транспорт и врски.

Претседателот е должен да ја започне постапката на Комисијата во рок од 24 часа од денот кога е пристигнато барањето од ставот 3 на овој член.

Комисијата работи на седница со задолжително присуство на претставници на сторителот на прекршокот и комуналниот инспектор на општината, односно градот Скопје.

За склучената согласност по посредувањето се составува спогодба во која се констатира согласноста на двете страни.

Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:

- висината и начинот на плаќање на глобата,
- висината и начинот на плаќање на други давачки и трошоци и
- мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да ги отстрани последиците од прекршокот.

Во случаите во кои е постигната согласноста за порамнување, глобата на сторителот може да биде намалена најмалку за една половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.

Министерот за транспорт и врски донесува деловник за работа на Комисијата.

Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

Спогодбата од ставот 9 на овој член има сила на извршна исправа.

Ако постапката за посредување не успее, комуналниот инспектор поднесува барање за прекршочна постапка."

Член 11

Прописот од членот 26 став 3 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на Република Македонија" број 66/2004), ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 12

Поради установување на единствениот електронски регистар на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, општините и градот Скопје ќе извршат пренос на податоците за имињата на улиците, плоштадите, мостовите и на другите инфраструктурни објекти, како и за броевите на нумерирањето на објектите, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR CAKTIMIN E EMRAVE TË RRUGËVE, SHESHEVE, URAVE DHE TË OBJEKTEVE TË TJERA TË INFRASTRUKTURËS

Neni 1

Në Ligjin për caktimin e emrave të rrugëve, shesheve, urave dhe të objekteve të tjera të infrastrukturës ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 66/2004) në nenin 26 paragrafi 1, fjalët: "të automatizuar" zëvendësohet me fjalën "elektronike".

Në paragrafin 2, fjalët: "regjistër të automatizuar mban Ministria e Transportit dhe Ndërlidhjeve", zëvendësohen me fjalët: "regjistër elektronik mban Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë".

Në paragrafin 3 pas fjalëve: "punë gjeodezike", vihet presje dhe shtohen fjalët: "Regjistrit qendror të Republikës së Maqedonisë".

Në paragrafin 4, fjalët: "drejtori i Entit Shtetëror të Statistikës", zëvendësohen me fjalët: "drejtori i Regjistrit qendror të Republikës së Maqedonisë".

Në paragrafin 5, fjalët: "Enti Shtetëror i Statistikës", zëvendësohen me fjalët: "Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë".

Paragrafi 6 ndryshon si vijon:

"Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë në ueb faqen e vet, e shpall listën unike sistematike të rrugëve dhe vazhdimisht e përditëson. I njëjti është i kapshëm pa pagesë te të gjithë shfrytëzuesit e interesuar".

Neni 2

Në nenin 27 paragrafi 1 ndryshon si vijon:

"Komunat përkatësisht Qyteti i Shkupit, janë të obliguara që për shkak të udhëheqjes së regjistrit nga neni 26 paragrafi 2 i këtij ligji, të sigurojnë bartjen nistore të të dhënave në mediumin elektronik ose përmes mënyrës elektronike dhe rrjedhëse, ndërsa më së voni në afat prej 8 ditësh nga evidentimi i çfarëdo ndryshimeve, të dhënat për ndryshimet në mediumin elektronik ose përmes formës elektronike, t'i dorëzojnë në Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë".

Paragrafët 3 dhe 4 fshihen.

Neni 3

Titulli i kreut "VI. Dispozita ndëshkuese" ndryshon si vijon: "VI: Dispozita për kundërvajtje".

Neni 4

Në nenin 33 fjalët: "Me dënim me para prej 8000 deri në 10 000 denarë, do të dënohet për kundërvajtje personi përgjegjës në komunë", zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 200 deri në 300 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit përgjegjës në komunë".

Neni 5

Në nenin 34 paragrafi 1 fjalët: "Me dënim me para prej 10 000 deri në 20 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje personi juridik", zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 200 deri 400 euro me kundërvlerë në denarë, për kundërvajtje do t'i kumtohet personit juridik".

Në paragrafin 2 fjalët: "Me dënim me para prej 5000 deri në 8000 denarë, do të dënohet për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni edhe", zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 100 deri në 150 euro me kundërvlerë në denarë, për kundërvajtje do t'i kumtohet edhe".

Neni 6

Në nenin 35 fjalët: "Me dënim me para prej 8000 deri në 10 000 denarë, do të dënohet për kundërvajtje personi përgjegjës", zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 100 deri në 200 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit përgjegjës".

Neni 7

Në nenin 36 fjalët: "Me dënim me para prej 2000 deri në 5000 denarë do të dënohet për kundërvajtje", zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 50 deri në 100 euro me kundërvlerë në denarë, për kundërvajtje do t'i kumtohet".

Neni 8

Në nenin 37 fjalët: "Me dënim me para prej 10 000 deri në 20 000 denarë, do të dënohet për kundërvajtje personi përgjegjës", zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 200 deri në 400 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit përgjegjës".

Neni 9

Në nenin 38 fjalët: "Me dënim me para prej 20 000 deri në 30 000 denarë, do të dënohet për kundërvajtje personi përgjegjës", zëvendësohen me fjalët: "Gjoba në shumë prej 300 deri në 500 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit përgjegjës".

Neni 10

Pas nenit 38 shtohet neni i ri 38-a, si vijon:

"Neni 38-a

Për kundërvajtjet e përcaktuara më këtë ligj, inspektori komunal i komunalieve, përkatësisht i Qytetit të Shkupit, kryerësit të kundërvajtjes mund t'i ofrojë ndërmjetësimin dhe arritjen e pajtimit, me të cilin kryerësi i kundërvajtjes duhet ta paguajë gjobën, detyrimet e tjera ose t'i evitojë pasojat e kundërvajtjes.

Inspektori komunal i komunalieve përkatësisht i Qytetit të Shkupit, në rastet nga paragrafi 1 i këtij neni, e përpilon procesverbalin në të cilin konstatohet pajtueshmëria e të dypalëve për ngritjen e procedurës për ndërmjetësim, të cilin e nënshkruan edhe kryerësi i kundërvajtjes.

Procedura për ndërmjetësim ngrihet me kërkesën e inspektorit komunal të komunalieve përkatësisht të Qytetit të Shkupit, në afat prej 8 ditësh nga dita kur është konstatuar kundërvajtja e kryer.

Pajtimi për ndërmjetësim duhet të arrihet në afat prej 8 ditësh nga dita kur ka filluar procedura për ndërmjetësim, e cila zhvillohet në Komisionin për ndërmjetësim, i formuar nga ministri i Transportit dhe Ndërlidhjeve.

Komisioni nga paragrafi 4 i këtij neni, përbëhet nga tre anëtarë, prej të cilëve njëri është kryetar. Anëtarët e Komisionit zgjidhen nga radhët e nëpunësve shtetërorë, të punësuar në Ministrinë e Transportit dhe Ndërlidhjeve.

Kryetari është i obliguar që ta fillojë procedurën e Komisionit në afat prej 24 orësh, nga dita kur ka arritur kërkesa nga paragrafi 3 i këtij neni.

Komisioni punon në mbledhje me praninë e detyrueshme të përfaqësuesve të kryerësit të kundërvajtjes dhe të inspektorit komunal të komunalieve përkatësisht të Qytetit të Shkupit.

Për pajtimin e arritur pas ndërmjetësimit, përpilohet marrëveshja në të cilën konstatohet pajtimi i të dy palëve.

Në marrëveshje përcaktohen obligimet e kryerësit të kundërvajtjes, e veçanërisht:

- lartësia dhe mënyra e pagesës së gjobës;
- lartësia dhe mënyra e pagesës së detyrimeve dhe shpenzimeve të tjera, dhe
- masat që duhet t'i ndërmarrë kryerësi me qëllim që t'i mënjanojë pasojat nga kundërvajtja.

Në rastet kur është arritur pajtimi për barazim, gjoba e kryerësit mund të zvogëlohet së paku për gjysmën e gjobës maksimale të përcaktuar për kundërvajtjen.

Ministri i Transportit dhe Lidhjeve miraton rregullore për punën e Komisionit.

Komisioni për ndërmjetësim është i obliguar që të mbajë evidencë për procedurat e udhëhequra për ndërmjetësim dhe për përfundimin e tyre.

Marrëveshja nga paragrafi 9 i këtij nenin e ka fuqinë e dokumentit përmbarues.

Nëse procedura për ndërmjetësim nuk ka sukses, inspektori i komunalieve paraqet kërkesë për procedurë për kundërvajtje”.

Neni 11

Dispozita nga neni 26 paragrafi 3 i Ligjit për caktimin e emrave të rrugëve, shesheve, urave dhe të objekteve të tjera të infrastrukturës (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 66/2004), do të miratohet në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 12

Për shkak të themelimit të regjistrit unik elektronik për emrat e rrugëve, shesheve, urave dhe të objekteve të tjera të infrastrukturës, komunat dhe Qyteti i Shkupit, do të bëjnë bartjen e të dhënave për emrat e rrugëve, shesheve, urave dhe të objekteve të tjera të infrastrukturës, si dhe për numrat e objekteve të numëruara, në afat prej 60 ditësh, nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 13

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**729.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОЛИЦИЈА**

Се прогласува Законот за Финансиската полиција, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2007 година.

Бр. 07-1792/1
23 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОЛИЦИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се уредува организацијата, надлежноста, раководењето, начинот на вршење на работата, овластувањата и одговорностите на Финансиската полиција.

(2) Со овој закон се уредуваат и специфичностите во правата, обврските и одговорностите на финансиските полицајци од работен однос, кодексот на однесување, дисциплинската одговорност, наградите и признанијата, како и финансирањето.

### II. ОРГАНИЗАЦИЈА, НАДЛЕЖНОСТИ И РАКОВОДЕЊЕ

#### 1. Организација

Член 2

(1) Работите на Финансиската полиција ги врши Управата за Финансиска полиција како орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице (во натамошниот текст: Финансиската полиција).

(2) Финансиската полиција своите надлежности ги спроведува на територијата на Република Македонија.

(3) Седиштето на Финансиската полиција е во Скопје.

(4) Финансиската полиција може во согласност со закон и ратификуваните меѓународни договори да врши определени дејствија од својата надлежност и надвор од територијата на Република Македонија.

(5) Финансиската полиција има печат и штембил и работи под името Министерство за финансии - Управа за Финансиска полиција.

Член 3

(1) Финансиската полиција има свој симбол во форма на штит со три натписа: во горниот дел во два реда на кирилско писмо со темно сина боја е испишано РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, под него во два реда стои натписот УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА, а во долниот дел, полукружно, со латинско писмо во златна боја е испишано FINANCIAL POLICE. Во средишниот дел е стилизирано знамето на Република Македонија слично на кована монета од еден денар, обиколена со венец од двете страни. Под стилизираното знаме стои изгравиран сериски број од четири нули.

(2) Начинот на употреба на симболот од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за финансии на предлог на директорот на Финансиската полиција.

Член 4

(1) Финансиската полиција работите од својата надлежност ги извршува преку:

1) Управа и

2) подрачни единици.

(2) Управата ги координира надлежностите и раководи со Финансиската полиција на целата територија на Република Македонија.

Член 5

(1) Надлежностите на Финансиската полиција ги извршуваат финансиските полицајци кои ги назначува и разрешува министерот за финансии по предлог на директорот на Финансиската полиција (во натамошниот текст: директорот).

(2) Во зависност од службените задачи кои ги извршуваат вработените во Финансиската полиција, работните места се класифицираат во следниве групи и категории на работни места:

I. раководители во Финансиската полиција,

II. финансиски полицајци и

III. државни службеници во Финансиската полиција.

I. Раководители во Финансиската полиција се:

- советник на директорот - координатор на раководителите на сектори,
- раководител на сектор и
- раководител на одделение-главен инспектор;

II. финансиски полицајци се:

- финансиски полицаец - самостоен инспектор,
- финансиски полицаец - виш инспектор,
- финансиски полицаец - инспектор и
- финансиски полицаец - помлад инспектор и

III. државни службеници во Финансиската полиција се стручно-административни државни службеници согласно со Законот за државните службеници.

(3) Вработените во Финансиската полиција од I и II група од ставот (2) на овој член имаат високо образование, а вработените од III група од ставот (2) на овој член имаат средно образование.

(4) Сите вработени од I и II група од ставот (2) на овој член, по назив на работното место, се финансиски полицајци во Финансиската полиција и согласно со овој закон имаат овластувања 24 часа на ден.

Член 6

(1) Финансиските полицајци имаат службена униформа, службена легитимација и значка.

(2) Пред преземање на кое било службено дејствие финансиските полицајци се легитимираат, освен кога со легитимирањето може да се загрози целта на мерките што се преземаат согласно со закон.

(3) Формата и содржината на службената легитимација и формата на значката, како и начинот на нејзиното користење ги пропишува министерот за финансии на предлог на директорот.

**2. Надлежности**

Член 7

Финансиската полиција има надлежност да:

1) спроведува финансиска контрола, ја следи примената на даночните, царинските и други прописи од областа на финансиите, прибира и анализира податоци за готовински трансакции, презема предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на организиран финансиски криминал;

2) спроведува финансиска истрага за кривични дела од областа на организиран финансиски криминал кои се гонат по службена должност и ја следи трагата на парите од казниви дела утврдени со закон што вклучуваат значителни и износи од големи размери;

3) открива и документира кривични дела, пред сé, од областа на организираниот финансиски криминал и кривични дела коишто се гонат по службена должност, како што се даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело, даночни, банкарски, осигурителни, берзански, царински и други измами со износи од значителни и големи размери, тешки форми на корупција, како што се злоупотреба на службената положба и овластување од значителни износи или на штета на средствата на Буџетот на Република Македонија, примање поткуп и давање поткуп, како и предизвикување на лажни стечаи, фалсификување и уништување на деловни книги, фалсификување исправи, финансирање на тероризмот, неплаќање на царина, акцизи или други јавни давачки пропишани со закон, што вклучуваат поголеми, значителни и износи од големи размери;

4) спроведува постапка за испитување на имот и имотна состојба врз основа на јавни податоци и регистри што се водат согласно со закон;

5) спроведува предистражни мерки да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, да се пронајде сторителот на кривичното дело, сторителот или соучесникот да не се сокрие или да не побегне, како и да ги соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка;

6) поднесува кривична пријава до надлежниот јавен обвинител за кривични дела од нејзина надлежност, кои се гонат по службена должност, за кои е известена или за кои ќе дознае на друг начин;

7) поведува и води прекршочна постапка, како и поднесува иницијативи за поведување на прекршочна постапка до надлежните органи, доколку при извршување на своите надлежности утврди постоење на прекршочна одговорност пропишана со закон;

8) поднесува иницијатива за поведување постапка за утврдување и наплата на јавните давачки пред надлежниот орган;

9) врши експертска компјутерска анализа на одземени предмети, компјутерски информации или податоци од други електронски и механички направи кои содржат информации и кои можат да послужат како доказ во водењето на предистражната и прекршочната постапка од нејзина надлежност;

10) организира и спроведува обуки, проверка на знаење на финансиските полицајци и врши управување со човечките ресурси;

11) по барање на други државни органи и институции изготвува и дава стручни наоди и мислења од нејзина надлежност;

12) соработува со сродни органи од други земји во согласност со билатерални договори и ратификувани меѓународни договори и

13) врши други надлежности пропишани со овој и друг закон.

Член 8

Финансиската полиција при вршење на работите од своја надлежност има овластување да:

1) врши увид во деловни книги, документи, записници, меморандуми, компјутерски податоци, податоци добиени од други електронски или механички направи, даночни пријави и друга евиденција, како и врши финансиски анализи на истите;

2) врши увид и преглед на објекти и простории на државни органи, правни лица што вршат јавни овластувања и на други правни лица, во присуство на одговорното лице или овластено лице од него;

3) заради прибирање на потребни известувања, со писмена покана повикува граѓани и прибира потребни известувања од нив со цел да се обезбедат потребни информации и докази;

4) користи методи на посредно и непосредно докажување на непријавен приход, во согласност со закон;

5) обезбедува примероци од ракопис и потпис за споредување и докажување на автентичноста и потеклото на документите;

6) прибавува наоди и мислења од стручни лица;

7) врши претрес на дом и други простории, како и претрес на деловни простории регистрирани за вршење на стопанска дејност магацини и други објекти за складирање на стока, како и други помошни простории, ако постојат основи на сомневање дека во нив ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети што можат да послужат како доказ, со наредба од надлежен суд;

8) врши преглед на деловни простории регистрирани за вршење на дејност, магацини и други објекти за складирање на стока, како и други помошни простории, ако постои основ за сомневање дека во нив ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети што можат да послужат како доказ;

9) врши претрес на лица кога постои сомнение дека лицето кај себе крие документи, пари, предмети од вредност или други предмети кои можат да бидат материјален доказ во кривичната постапка;

10) приведува лица, привремено задржува или лишува лица од слобода по наредба од надлежен суд, согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка;

11) привремено запира и врши преглед на превозни средства, стока, лица и багаж, ако постои основ за сомневање дека во нив ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети што можат да послужат како доказ;

12) привремено одзема возило или друго превозно средство со кое е сторено казниво дело, согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка;

13) привремено одзема стока, пари, хартии од вредност, предмети и документи, електронски, механички или други направи, или делови од нив, кога постои основ за сомневање дека тие биле средство или цел на кривично дело;

14) евидентира, обработува и заштитува лични и други податоци прибавени непосредно од лица на кои тие се однесуваат, од лица кои истите ги поседуваат или од постоечката евиденција што се води согласно со закон;

15) поднесува иницијатива до надлежен јавен обвинител за изрекување на привремена мерка замрзнување на недвижен имот, парични средства, хартии од вредност, банкарски сметки и финансиски трансакции коишто се во тек, како и поднесува иницијативи до други надлежни државни органи за изрекување на привремени мерки согласно со закон;

16) поднесува предлог за примена на посебните истражни мерки и ја извршува наредбата за примена на истите во постапка согласно со закон;

17) предлага до јавниот обвинител или истражниот судија, преземање на одделни истражни дејствија, кога сторителот е непознат или кога постои опасност од одлагање;

18) врши контрола над материјално-финансиското работење и применување на законите и други прописи и акти од страна на трговските друштва и другите правни лица, регистрирани и нерегистрирани физички лица кои вршат дејност и

19) изрекува прекршочни санкции за одговорност на правни и физички лица кои вршат дејност врз основа на закон и во постапка согласно со закон.

### 3. Директор

Член 9

(1) Со работата на Финансиската полиција раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии. За својата работа и работата на Финансиската полиција директорот е одговорен пред Владата на Република Македонија и министерот за финансии.

(2) Директорот е самостоен во извршувањето на работите на Финансиската полиција и ги има сите овластувања согласно со овој закон.

(3) Директорот може да има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии .

(4) Именувањето на директорот и заменикот на директорот се врши врз основа на нивната стручност, при што се земаат предвид и другите нивни способности релевантни за вршење на функцијата.

(5) Директорот и заменикот на директорот се именуваат за време од четири години и можат повторно да бидат именувани за уште еден мандатен период.

Член 10

(1) Директорот ја претставува Финансиската полиција и на министерот за финансии му предлага донесување на акти за извршување на законите и други прописи кои се однесуваат на спроведување на надлежностите на Финансиската полиција.

(2) На предлог на директорот на Финансиската полиција, министерот за финансии одлучува за вработување и престанок на работен однос и одлучува за дисциплинска и материјална одговорност, унапредување, распоредување и суспендирање на вработените во Финансиската полиција, согласно со одредбите на овој закон.

(3) Директорот е надлежен за донесување оперативни инструкции во писмена форма кои се однесуваат на практичното работење на Финансиската полиција.

(4) Директорот може во писмена форма привремено да пренесе одделни негови надлежности на раководни финансиски полицајци, согласно со закон.

Член 11

(1) Мандатот на директорот на Финансиската полиција и неговиот заменик престануваат:

- по истекот на четири години од денот кога е именуван,
- во случај на смрт,
- во случај на оставка,
- во случај на разрешување,
- во случај кога е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца,
- кога од страна на судот му е изречена прекршочна санкција односно казна забрана за вршење на дејност на раководно лице во институција,
- ако трајно ја загубат работната способност за вршење на функцијата и
- кога ќе ги исполнат условите за старосна пензија.

(2) Директорот и неговиот заменик можат да бидат разрешени согласно со ставот (1) алинеја 4 од овој член поради:

- нестручно и несовесно извршување на функцијата и изостанување на позитивни резултати во работата на Финансиската полиција, што го утврдува комисија формирана од Владата на Република Македонија врз основа на споредбена анализа на извештаите за постигнатите резултати на Финансиската полиција во период од два мандати и
- во случај на долготрајна тешка болест која го спречува во извршувањето на функцијата.

## III. НАЧИН НА РАБОТА И МЕТОДИ КОИ ГИ КОРИСТИ ФИНАНСИСКАТА ПОЛИЦИЈА

### 1. Начин на работа

Член 12

(1) Финансиските полицајци своите овластувања ги извршуваат професионално, совесно, стручно и одговорно во согласност со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

(2) Сите дејствија што ги презема Финансиската полиција во извршувањето на работите од својата надлежност, ги презема во согласност со овој закон, врз основа на овластувања предвидени во Законот за кривичната постапка, со цел да се открие кривично дело, неговиот сторител и да се прибават докази во кривичната постапка.

(3) Во извршувањето на своите надлежности, Финансиската полиција не смее да врши дискриминација врз ниедна основа, како што се: пол, раса, боја на кожа, национално или социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба или друг статус.

(4) Финансиската полиција своите овластувања ги спроведува со потребна ефикасност и брзина, но на таков начин да не се стори поголема штета или други штетни последици отколку што е неопходно за извршување на одредени дејствија.

### 2. Методи на докажување на приход

Член 13

(1) Финансиската полиција во рамките на нејзината надлежност, спроведувајќи ги законските овластувања, користи методи за докажување на приход како: метод на нето вредност, метод на трошоци, метод на банкарски депозити, метод на процентуална маржа и метод на посебни ставки.

(2) Методите за докажување претставуваат систематизирана целина на постапки утврдени со закон и друг пропис со цел за утврдување на приход и законитост во финансиското работење на субјектите. Методите се користат за добивање на докази преку анализа на повеќе собрани материјални докази по конкретен предмет што произлегуваат или укажуваат на конкретен кривично правен настан.

(3) Методите за докажување на приход се користат во случаи кога физичкото или правното лице: не го пријавува целокупниот приход за оданочување; невистинито или лажно прикажува трошоци; пријавува лажна набавка на стока; лажно прикажува даночни олеснувања, ослободувања или повластувања; не евидентира продажба на стоки, услуги и имот; не евиден-

тира производство; склучува фиктивни или сомнителни договори за плати, провизии и дивиденда; прикрива добивка од продажба на недвижности, од кирии или хонорари; злоупотребува буџетски средства, средства од јавни фондови, државни заеми или јавни набавки; злоупотребува вршење на јавни овластувања или работи од јавен интерес или со перење на пари легализира приходи од казниви дела.

(4) Методите за докажување на приход се применуваат и на даночни обврзници што поседуваат имот или располагаат со средства поголеми од оданочените, односно поседуваат имот и средства кои потекнуваат од приходи на кои не е утврден или не е доволно утврден данок или друга јавна давачка согласно со закон.

### 2.1. Метод на нето вредност

Член 14

(1) Методот на нето вредност се применува кога даночниот обврзник: не води деловни книги и друга евиденција на која е обврзан со закон; води деловни книги и евиденција, но тие не се целосни и не се водени согласно со закон; евиденцијата на даночниот обврзник е уништена или не е достапна; даночниот обврзник одбива да ги прикаже деловните книги и евиденцијата или кога даночниот обврзник (физичко лице) нема обврска да води деловни книги или евиденција.

(2) Нето вредноста на даночниот обврзник претставува разлика меѓу неговите средства и неговите обврски на крајот на даночната година.

(3) Нето вредноста се пресметува за неколку последователни години, при што се утврдува зголемување или намалување на нето вредноста во секоја наредна година, на што се додаваат трошоците направени во текот на секоја година, како што се: трошоци за живот, платени даноци, дадени подароци, платени премии за животно осигурување, загуби од продажба на сопствени средства, дел од капиталната загуба кој не се одбива од даночната основа и други трошоци во согласност со закон. Добиениот износ претставува вкупно зголемување на нето вредноста за таа година.

(4) Од вкупното зголемување на нето вредноста според ставот (3) од овој член, се одземаат познатите извори на приходи, и тоа: примени подароци, наследство, пензии и плати, камата која е ослободена од данок, други законски даночни олеснувања, дивиденда, приходи од животно осигурување, пренесени нето оперативни загуби, дозволени преноси на капитални загуби, вратен данок и други приходи во согласност со закон.

(5) Од вкупното зголемување на нето вредноста се одземаат познатите извори на приход и добиената разлика претставува непријавен приход од непознати извори.

(6) Со споредбата на добиениот износ на непријавен приход од непознати извори и приходот пријавен во даночната пријава, Финансиската полиција утврдува дали даночниот обврзник правилно го пресметал и пријавил оданочивиот приход.

### 2.2. Метод на трошоци

Член 15

Методот на трошоци се применува со цел да се утврди дали постои покритие на трошоците, дали истите го надминуваат пријавениот приход и кога постојат индиции за несразмерност на трошоците и добивката на субјектите.

### 2.3. Метод на банкарски депозити

Член 16

(1) Методот на банкарски депозити се применува за утврдување непријавен приход кој подлежи на оданочување преку анализи на вкупните депозити на сите банкарски сметки, парични и други трансакции.

(2) Методот на банкарски депозити може да се применува доколку книгите и евиденцијата на осомничениот не се достапни или доколку евиденцијата на осомничениот не го одразува целосно неговиот оданочив приход.

### 2.4. Метод на процентуална маржа

Член 17

(1) Методот на процентуална маржа се применува за пресметка на определени мерења на деловните односи со определени стандарди за тие деловни односи преку користење на стандардни проценти и соодноси на исти или слични деловни работења со цел за откривање кривични дела на перење пари.

(2) Методот на процентуална маржа најчесто се применува кај физички и правни лица што се занимаваат со малопродажба, каде што постојат информации за почетната состојба на стоките ускладиштени во магацините, стоките што се наоѓаат во промет и крајните залихи, споредено со нестандардната процентуална маржа.

### 2.5. Метод на посебни ставки

Член 18

Методот на посебни ставки се применува за да се утврди дека одредени трансакции извршени од страна на даночниот обврзник во текот на годината не се прикажани целосно или делумно се прикажани во неговата даночна пријава.

### 3. Постапка за утврдување непријавени приходи

Член 19

(1) Доколку Финансиската полиција, од сознанијата и материјалните докази прибрани со примена на методите за докажување на приход, утврди непријавен приход или имот од непознати извори за кои не се платени јавни давачки, за тоа писмено ја известува Управата за јавни приходи да покрене постапка за утврдување и наплата на јавните приходи за тој имот или приход.

(2) Основа за утврдување на данокот за неоданочените приходи претставува вредноста на имотот, односно висината на паричните средства на лицето или членови на неговото семејство што потекнуваат од непријавените приходи во времето кога истите требало да бидат оданочени.

(3) Данокот на непријавените приходи се пресметува со стапка од 70%.

(4) Во постапката лицето е должно да ги презентира доказите за изворите на средствата од кои е набавен имотот или средствата со кои располага лицето или членовите на неговото семејство.

(5) Постапката од овој член може да се покрене доколку со одредбите на овој закон не настанала застареност на правото за утврдување на данок или на друга јавна давачка.

### 4. Увид или преглед

Член 20

(1) Увид или преглед се врши на местото каде што е извршено кривичното дело или каде што настапила последицата, но и на секое друго место на кое може да се најдат траги на кривичното дело.

(2) Увид или преглед во деловните книги и друга евиденција се врши кога е потребно непосредно забележување, кога документацијата послужила како средство за повреда на законите или сокривање на важни факти и кога можат да се најдат траги или докази за кривично дело за кое се гони по службена должност.

(3) Финансискиот полицаец пред започнување со вршењето на увидот или прегледот се претставува, легитимира и го запознава субјектот со целта на увидот или прегледот.

(4) Во текот на вршењето на увидот или прегледот, доколку постојат основи на сомневање за сторено кривично дело, финансискиот полицаец може привремено да одземе документација и други предмети, за да изврши финансиска и друга анализа, доколку истите би послужиле како доказ, а за кои постои можност да бидат уништени или сокриени.

### 5. Повикување граѓани и собирање потребни известувања

Член 21

(1) Финансиската полиција со писмена покана, повикува граѓани во службените простории да дадат потребни известувања за непосредните забележувања во врска со одредени факти и околности.

(2) Постапката и начинот на повикување на граѓаните се врши согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка.

(3) Финансискиот полицаец зема потребни известувања од граѓани само откако претходно ќе изврши идентификација на лицето и тоа ќе се поучи на јазик кој го разбира за неговите права, согласно со Законот за кривичната постапка.

(4) Ако лицето кое дава потребни известувања се откажало од правата утврдени со Законот за кривичната постапка, земањето потребни известувања се прекинува за најдолго од 2 часа, доколку истото лице побара да се консултира со својот адвокат.

(5) При земање потребни известувања од граѓани, Финансиската полиција ќе го повика да присуствува и јавниот обвинител кој е известен или по чие барање се преземаат дејствија во предистражната постапка.

(6) По потреба Финансиската полиција зема потребни известувања со уреди за визуелно и тонско снимање , но откако претходно ќе го извести лицето за употребата на вакви уреди и со негова писмена согласност.

(7) Потребните известувања од граѓани во предистражната постапка спроведена од страна на Финансиската полиција во постапка согласно закон, претставува доказ во кривичната постапка.

### 6. Обезбедување примероци од ракопис и потпис

Член 22

(1) Финансискиот полицаец ќе обезбеди примероци на ракопис и потпис од лице, доколку е неопходно да се утврдат и докажат определени факти и да се утврди автентичноста и потеклото на документот за што соодветно се применуваат стандардите за вештачење на потписи или ракописи уредени со пропис.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член е должно да даде свои примероци од ракопис и потпис.

### 7. Претрес и преглед на деловни простории регистрирани за вршење дејност, магацини и други објекти за складирање на стока

Член 23

(1) За претресот на деловни простории регистрирани за вршење дејност, магацини и други објекти за складирање на стока, соодветно се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка.

(2) Финансиската полиција врши преглед на простории, магацини и други објекти за складирање на стока кои согласно со пропис се регистрирани со намена за вршење на деловна активност на правни и физички лица и каде што можат да се пронајдат предмети и книги од деловното работење за што врз основа на закон се должни да водат евиденција, согласно со Законот за кривичната постапка без судска наредба.

(3) Доколку претресот или прегледот поради објективни околности не може да започне или да продолжи, а постои сомневање дека доказите ќе бидат уништени, скриени или изменети, финансискиот полицаец може да преземе мерки за обезбедување на деловни и магацински простории во кои се наоѓа стока, други предмети, документација за деловно работење и слично, како и да отстрани лица од местата каде што се врши претресот.

(4) Мерките за обезбедување се спроведуваат со ставање пломба, други обележја на Финансиската полиција или на друг начин, а кои можат да бидат отстранети, сменети или уништени само од страна на Финансиската полиција, а истите се применуваат во најкратко нужно време потребно за непречено извршување на претресот или прегледот.

(5) Мерките од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

### 8. Претрес на лица

Член 24

(1) Финансискиот полицаец може да изврши претрес на лице кога се сомнева дека лицето кај себе крие документи, пари, предмети од вредност или други предмети што би можеле да претставуваат материјален доказ во кривичната постапка.

(2) Финансискиот полицаец за време на извршувањe на своите надлежности заради лична безбедност во секој случај ќе изврши претрес на лице за кое се сомнева дека кај себе носи оружје кое може да го употреби.

(3) Претрес на лице се врши од страна на најмалку двајца финансиски полицајци припадници на истиот пол.

(4) Доколку при претресот се пронајдат предмети со кои е извршено или произлегуваат од кривично дело или се пронајде оружје, истите привремено ќе се одземат.

### 9. Запирање, прегледување и привремено одземање на превозно средство

Член 25

(1) Финансискиот полицаец може да запре и да изврши преглед на превозно средство, ако постои основ за сомневање дека се користи за забранет превоз на стока, лица или багаж, заради откривање и фаќање на сторител или соизвршител на кривично дело од областа на организираниот финансиски криминал, пронаоѓање на предмети кои можат да послужат како доказ и за да се утврди потребната документација, потеклото, квалитетот и количината на стоката.

(2) Пред започнување на прегледот на превозното средство, стоката или багажот кои се транспортираат, се повикува возачот или сопственикот да овозможи преглед и да присуствува на истиот.

(3) Доколку е потребно финансискиот полицаец може да побара лицето од ставот (2) на овој член да го пренесе транспортното средство до соодветно место за преглед и претрес.

(4) Финансиската полиција, привремено ќе одземе возило или друго превозно средство, ако со истото се транспортира стока за која не постои доказ за платени јавни давачки или документација за потеклото на стоката и ако вредноста на истата е поголема од една третина од вредноста на превозното средство со кое се транспортира, ако превозното средство е приспособено со дополнително вградување на посебен простор за криумчарење и тајно транспортирање на стока или се користи за превоз на експлозивни средства и орудија или други материи забранети со закон.

(5) Со одземените возила се постапува на начин определен со закон.

### 10. Привремено одземање стока, пари, хартии од вредност, предмети и документи

Член 26

(1) Финансискиот полицаец при извршување на своите овластувања може привремено да одземе стока што се транспортира, која е складирана или ставена во промет, доколку утврди дека за истата не постои документација за потеклото или не се платени јавни давачки пропишани со закон.

(2) Финансискиот полицаец привремено одзема пари, хартии од вредност, предмети и други документи, ако постои основ за сомневање дека тие се стекнати со извршување на кривично дело или можат да послужат како доказ за извршено кривично дело.

(3) Финансискиот полицаец при вршење на своите надлежности може привремено да одземе компјутер и други технички уреди, како што се компакт-дискови, дискети, мемориски карти, опрема за телекомуникација која вклучува телефонска секретарка, мобилни телефони, електронски дневник, пејџер, факс и секој друг уред кој содржи електронски доказ, кога постои основ за сомневање дека тие биле средство или цел на кривично дело од обласа на финансискиот криминал.

(4) Финансискиот полицаец постапката за одземање на компјутер и други електронски уреди ја врши со асистенција на експерт - информатичар за да се заштитат доказите во нивната првична форма, согласно со стандардите за ваков вид опрема.

(5) Со привремено одземената стока, пари, хартии од вредност, предмети и документи, електронски, механички и други направи, или делови од нив, се постапува на начин определен со закон.

### 11. Собирање, обработка, анализирање и користење на личните и други податоци

Член 27

(1) Финансиската полиција собира, обработува, анализира, користи и води евиденции за личните и други податоци за правни и физички лица за чие прибирање е овластена со овој и друг закон, заради спречување и откривање на казниви дела од нејзина надлежност.

(2) Финанансиската полиција собира лични и други податоци непосредно од лице на кое тие податоци се однесуваат и од други лица кои за тоа нешто знаат или од веќе постојните евиденции на податоци, кои согласно со закон ги водат надлежните државни органи, институции и установи.

(3) При собирање на лични и други податоци за идентификација на сторителите, финансиските полицајци можат да употребат технички средства за фотографирање и видео и аудио снимање.

(4) Директорот на Финансиската полиција одлучува за начинот на пристап до овие податоци и евиденциите кога тие се бараат за користење од страна на надлежни стручни и научни институции заради истражувачка работа, како и нивно доставување до домашни и странски полициски служби и меѓународни организации во согласност со прописите за класифицирани информации, прописите за заштита на личните податоци и ратификуваните меѓународни договори.

### 12. Привремени мерки

Член 28

(1) Финансиската полиција може да иницира постапка за поднесување предлог од страна на надлежниот јавен обвинител до надлежниот истражен судија за изрекување привремена мерка замрзнување на недвижен имот, парични средства, хартии од вредност, банкарски сметки и финансиски трансакции коишто се во тек, согласно со Законот за кривичната постапка.

(2) Финансиската полиција може да поднесе предлог до надлежниот суд за изрекување привремена мерка со која ќе се забрани на физичко или правно лице да располага и отуѓи имот, опрема, средства од сметка и друга имотна корист која произлегува од извршено казниво дело или да врши определена дејност, професија или должност, како и да поднесе предлог за одземање на привремено одземените предмети - стоки.

(3) Писмениот предлог треба да содржи писмено образложение со доставување на сите неопходни податоци за субјектите, имотот, банкарските сметки, хартиите од вредност, финансиските трансакции во тек како и основаноста на сомнението за сторените казниви дела, како и потребата од издавање на времената мерка.

### 13. Контрола

Член 29

Финансиската полиција при вршење на контролата над применување на законите, прописите и други акти од страна на трговските друштва и другите правни и физички лица кои вршат дејност и граѓани, врз основа и согласно со закон, може да изрече прекршочни санкции согласно со Законот за прекршоците, за одговорност на истите, доколку:

- не водат или нецелосно водат евиденција за набавка и продажба на стоките на големо и мало, како и за давање на трговски услуги определени со закон и на начин утврден со закон,
- евиденцијата не се наоѓа во соодветната просторија во која се врши трговија и во секое време не е достапна,
- деловните книги или евиденцијата на даночниот обврзник не се достапни или се изгубени, исчезнати и уништени,
- даночниот обврзник не сака да ги прикаже деловните книги и евиденцијата,
- без да е регистриран во соодветниот регистар согласно со закон, врши трговија и дава услуги во трговијата и
- постапуваат спротивно на прописите за регистрирање на готовинските плаќања.

## IV. ТЕХНИЧКА ОПРЕМА, ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И КРИМИНАЛИСТИЧКО-ТАКТИЧКИ МЕРКИ

Член 30

(1) Финансиската полиција може заради спроведување на своите надлежности да користи службени возила опремени со светлосна и звучна сигнализација, како и друга техничка опрема.

(2) Финансиските полицајци при спроведување на своите надлежности носат и поседуваат службено огнено оружје и други средства за присилба кои можат да ги употребат во согласност со овој закон.

(3) Средства за присилба на Финансиската полиција се средства за врзување на лица кои се користат заради совладување на отпор при приведување на лица и лишување од слобода на лица, во случаи предвидени со овој закон, при вршењето на работите од нејзина надлежност.

(4) Финансискиот полицаец е овластен да употреби огнено оружје, доколку со другите средства за присилба не може да одбие од себе или од друг истовремен непосреден противправен напад со кој се загрозува неговиот живот или телесниот интегритет, како и животот или телесниот интегритет на други лица.

(5) Министерството за финансии í обезбедува на Финансиската полиција периодична обука и тренинг за ракување со огнено оружје и употреба на други средства за присилба, под непосреден стручен надзор од страна на лица за обука од Министерството за внатрешни работи.

(6) Техничката опрема и огненото оружје се користи само за извршување на работните задачи на финансискиот полицаец кој е задолжен со истата во согласност со прописите кои важат за Министерството за внатрешни работи.

Член 31

(1) Финансиската полиција по потреба може да користи и криминалистичко-тактички мерки во согласност со закон и други прописи кои важат за Министерството за внатрешни работи, како што се итно возење, блокада, заседа, рација и други мерки.

(2) Примената на криминалистичко-тактичките мерки и употребата на техничката опрема на предлог на директорот ја пропишува министерот за финансии.

## V. КРИВИЧНА ПРИЈАВА

Член 32

(1) Врз основа на собраните докази за утврдените факти за постоење на основано сомнение за сторено кривично дело од областа на организираниот финансиски криминал и кривична одговорност на сторителите, Финансиската полиција поднесува кривична пријава до надлежниот јавен обвинител во која ги наведува доказите. Кон кривичната пријава се доставува документација, предмети, скици, фотографии, прибавени извештаи, записници, службени белешки, изјави, други материјали и други докази.

(2) Кривичната пријава се поднесува најдоцна во рок од 15 дена од завршувањето на предистражната постапка.

## VI. СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА, ЗАПИСНИК, ПОТВРДА И ОПЕРАТИВНА ИНФОРМАЦИЈА

Член 33

(1) За преземените дејствија во постапката за откривање и докажување на кривични дела од својата надлежност финансискиот полицаец составува записник, службена белешка или оперативна информација, а за привремено одземените предмети се издава потврда.

(2) Финансискиот полицаец составува записник за преземените дејствија на: увид во деловни книги и друга евиденција; претрес и увид на деловни простории; претрес и приведување лица, како и запирање и прегледување на превозно средство. Записникот содржи податоци за сите факти и околности при преземање дејствија, истиот го потпишуваат финансискиот полицаец и лицето кај кое или врз кое се преземаат дејствијата.

(3) За преземените мерки и дејствија за утврдување и проверка на одделните факти и околности што ќе ги утврди финансискиот полицаец при спроведување на овластувањата составува службена белешка.

(4) За добиените сознанија нови податоци коишто можат да придонесат за отворање на нова предистражна постапка, во врска со сторено кривично дело од областа на организираниот финансиски криминал спрема конкретни сторители, финансискиот полицаец составува оперативна информација.

(5) Финансискиот полицаец ќе издаде потврда за: привремено одземено превозно средство; привремено одземена стока при транспорт, складирана или ставена во промет; привремено одземени парични средства, хартии од вредност, предмети и документи и привремено одземени електронски, механички и други апарати. Потврдата ја потпишуваат финансискиот полицаец и лицето од кое се одзема.

(6) Доколку лицето врз кое се преземаат дејствијата одбие да ја потпише потврдата или записникот, истото финансискиот полицаец ќе го наведе во документот.

## VII. ОБВРСКИ НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 34

(1) Правните и физичките лица се должни на Финансиската полиција да и овозможат непречен пристап до деловни книги и друга евиденција, документи, записници, меморандуми, компјутерски податоци, податоци од даночните пријави и да создадат потребни услови за пристап во деловни и работни простории, магацини и други објекти за складирање на стока, во согласност со одредбите на овој закон.

(2) На барање на Финансиската полиција податоците за вршење на работите во платниот промет на учесникот во платниот промет, не претставуваат деловна тајна за носителот на платен промет и истиот е должен на барање да ги достави во определениот рок.

(3) Финансиската полиција во работите од нејзина надлежност не плаќа такси, надоместоци и други трошоци за работите кои во текот на спроведување на надлежноста и ги даваат државни органи, органи надлежни за водење регистри, носители на платен промет, учесниците во платниот промет, како и судски трошоци.

## VIII. СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ

Член 35

(1) Во извршување на работите од својата надлежност Финансиската полиција соработува со Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Бирото за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државниот завод за ревизија, Државниот девизен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат и други инспекциски органи, државни органи и правни лица кои со закон се надлежни за спречување и откривање на казниви дела.

(2) Органите на државната управа и другите државни органи, институции или правни лица кои по службена должност прибираат податоци и водат евиденции, во согласност со закон, се должни да ги достават тие податоци на барање на Финансиската полиција.

(3) Финансиската полиција соработува со Министерството за внатрешни работи особено при:

- случаите на преземање оперативни активности на собирање докази, распит на граѓани, приведување лица, потраги, асистенции, вршење на достава и проверки на лица и нивно живеалиште или престојувалиште,
- проверка на податоци за лица и моторни возила кои ја преминувале границата на Република Македонија, на граничните премини,
- вештачење при утврдување на веродостојност на трагите на кривичното дело, веродостојност на потписи, фалсификувања и слично,
- on-line користење на воспоставените ХОСТ бази на податоци: евиденции на граѓани, криминалитет и странци, државјанство, ЕМБГ, моторни возила, оружје и патни исправи и други евиденции со кои располага Министерството за внатрешни работи,
- координација, работа во тимови, размена на криминалистички податоци во случаите на преземање заемни оперативни активности,
- соработка со Меѓународните полициски организации - ИНТЕРПОЛ и ЕУРОПОЛ, учество во Националното биро за меѓународна полициска соработка и други механизми за соработка со полициите на други држави,
- користење на опрема и простории во случаите на преземање на активности за следење на комуникациите, оперативно извидување и документирање, електронско набљудување и документирање и прикриени операции и

- заедничко усовршување на професионалните стандарди и техниките во борбата против организираниот или друг вид криминал од надлежност на двете страни.

## IX. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Член 36

Во врска со работите од својата надлежност, Финансиската полиција може да соработува и разменува информации со странски полициски и државни органи, организации од други држави и меѓународни организации во областа на организираниот финансиски криминал.

## X. СПЕЦИФИЧНОСТИ ВО ПРАВАТА, ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОЛИЦАЈЦИ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

### 1. Примена на општи прописи

Член 37

(1) На финансиските полицајци се применува овој закон, Законот за работните односи и општите и посебните прописи од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) За државните службеници во Финансиската полиција во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос ќе се применува Законот за државните службеници.

### 2. Вработување на финансиски полицаец

Член 38

(1) Во Финансиската полиција како финансиски полицаец може да се вработи лице кое покрај општите услови ги исполнува и посебните услови предвидени со овој закон и актот за систематизација и организација на работните места во Финансиската полиција.

(2) За финансиски полицаец може да биде вработено лице кое:

- е државјанин на Република Македонија,
- не е постаро од 35 години,
- е психофизички здраво (способно) и со предиспозиции за вршење на работите на финансиски полицаец од страна на определена здравствена установа, во согласност со прописите кои важат за Министерството за внатрешни работи,
- има завршено соодветно високо образование и
- ги исполнува и посебните услови пропишани со актот за систематизација.

(3) При вработувањето во Финансиската полиција треба да бидат соодветно и правично застапени граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност.

(4) При вработувањето во Финансиската полиција да се почитува принципот на еднаквост на половите.

### 3. Постапка за вработување

Член 39

(1) Финансиски полицаец заснова работен однос врз основа на јавен оглас и на начин и под услови утврдени со овој закон.

(2) По исклучок, работен однос во Финансиската полиција без јавен оглас се заснова за определени работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во Финансиската полиција и за стипендисти на Министерството за финансии, како и завршени студенти на Полициската академија - криминалисти. Лицата од овој став можат да бидат и постари од условот предвиден во членот 38 став (2) алинеја 2 од овој закон.

(3) Постапката по јавен оглас за прием на лице во Финансиската полиција може да трае и подолго, но не подолго од три месеца.

(4) Во Финансиската полиција може да се вработи лице со преземање, без огласување на работното место, од еден во друг државен орган со негова согласност, на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка, односно квалификации, кога тоа го налага потребата на Финансиската полиција, по претходно мислење на министерот за финансии.

(5) Директорот може да побара од надлежните државни институции податоци за лице кое е во постапка за вработување како финансиски полицаец, за постоење на евентуални пречки кои ја загрозуваат безбедноста на работењето на Финансиската полиција.

(6) Директорот врз основа на квалификациите, стручноста и знаењата на пријавените кандидати, одлучува за изборот и ги предлага на министерот за финансии.

### 4. Престанок на работен однос

Член 40

На финансискиот полицаец работниот однос му престанува во следниве случаи, ако:

1) сам тоа го побара;

2) трајно ја загуби здравствената и физичка способност за извршување на должностите во Финансиската полиција како последица на болест или намалување на физичките или менталните капацитети;

3) не ги исполнува посебните услови од членот 38 став (2) алинеи 1, 3 и 5 на овој закон за вработување на финансиски полицаец;

4) му е изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос со денот на врачување на конечното решение;

5) поради издржување казна затвор мора да биде отсутен од работа подолго од шест месеца - со денот на упатувањето на издржувањето на казната или ако му биде изречена прекршочна санкција, односно казна во траење подолго од шест месеца;

6) ги исполни условите за пензија согласно со закон;

7) се укине работното место поради организациски промени, намалување на надлежноста и обемот на работата на Финансиската полиција, а истиот одбие прераспоредување и

8) се утврди дека врз основа на оцена преку примена на систем на вреднување и процена на работата, дека нема знаења или незадоволително ги исполнува работните задачи и барањата на работното место.

## XI. ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ФИНАНСИСКАТА ПОЛИЦИЈА

### 1. Општи обврски

Член 41

(1) Вработените во Финансиската полиција имаат обврска:

1) работните задачи да ги вршат совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено во согласност со Уставот, закон и други прописи за Финансиската полиција;

2) да ги извршува наредбите од непосредно претпоставениот раководител и да постапува по нив во согласност со Уставот, закон и друг пропис;

3) да го почитува пропишаното работно време и

4) опремата што му е дадена на користење за извршување на неговите должности да ја употребува со должно внимание и како добар домаќин во согласност со нејзината намена и истата да не ја користи во приватни цели;

(2) Финансискиот полицаец покрај обврските од ставот (1) на овој член ги има и следниве обврски:

1) да ја врши својата работа непристрастно и без влијание од политичките партии, да не се раководи од свои политички уверувања, од лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот и да го штити угледот на Финансиската полиција;

2) по наредба на непосредниот раководен финансиски полицаец, полициските работи да ги извршува и подолго од полното работно време, ако тоа е нужно заради нивно успешно и навремено извршување;

3) стручно да го усовршува своето знаење заради унапредување на професионалните барања со постојано почитување и применување на прописите за вршење на своите службени должности;

4) да се однесува во согласност со Кодексот на однесување на Финансиската полиција и пропишаните правила за ред и дисциплина на Финансиската полиција;

5) да ги почитува сите безбедносни мерки да не дојде до загрозување на неговиот живот и здравје, како и животот и здравјето на другите вработени во Финансиската полиција и граѓаните;

6) не смее да биде член на управен одбор и надзорен орган на трговски друштва, јавни претпријатија и установи;

7) да не се однесува непристојно и недолично спрема странките;

8) да не дава послуга или овозможување на послуга на друго лице со пари или со други работи од вредност, кои на работникот му се доверени во вршењето на работите и задачите и

9) да не користи привилегии и ослободувања, барање или примање материјална или друга корист при исполнување на своите службени обврски.

(3) Вработените во Финансиската полиција се должни да ги чуваат класифицираните информации согласно со прописите за класифицирани информации.

(4) Вработениот во Финансиската полиција за непридржување кон обврските пропишани со ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе биде повикан на дисциплинска одговорност, како и прекршочна или кривична одговорност во согласност со закон.

**2. Посебни обврски**

**2.1. Барање за медицински преглед**

Член 42

(1) Засновање работен однос во Финансиската полиција се врши откако од страна на определена здравствена установа, во согласност со прописите кои важат за Министерството за внатрешни работи, ќе се утврди дека кандидатот за финансиски полицаец исполнува соодветни здравствени стандарди за вршење на работите на работното место.

(2) Во случаите кога финансискиот полицаец не ги исполнува задоволително своите работни задачи, а кога подолго време отсуствува од работа, или постои сомневање за неговата здравствена состојба, директорот може да одлучи да го упати финансискиот полицаец на вонреден медицински преглед.

(3) Начинот и постапката за проверка на работните способности за вработување во Финансиската полиција ги пропишува министерот за финансии по предлог на директорот.

**2.2. Надворешни активности**

Член 43

(1) Финансиските полицајци не смеат да вршат никаква друга функција поврзана со остварување на профит, а која е во судир со нивната службена должност.

(2) Против финансиските полицајци кои се однесуваат спротивно на одредбите од овој член ќе биде покрената дисциплинска постапка.

## XII. ОСНОВНИ И ПОСЕБНИ ПРАВА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОЛИЦАЈЦИ ОД РАБОТЕН ОДНОС

**1. Плата, осигурување и надоместоци**

Член 44

(1) Финансиските полицајци имаат право на плати, надоместоци на плата и други надоместоци кои се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(2) Финансискиот полицаец, поради специфичностите на работите кои ги извршува, има право на плата зголемена за 30% од основицата утврдена со актот за исплата на плата и надоместоци.

(3) Финансискиот полицаец има право на додаток на плата за работа подолга од полното работно време и за работа ноќе и викенд денови од 40% и за работа во денови на празник од 50%. На финансискиот полицаец во случај на привремена неспособност за работа, настаната при вршење или по повод вршење на работите и задачите, му припаѓа надоместок во висина на тековната плата за времето на отсуство од работа.

(4) На финансискиот полицаец согласно со прописите за пензиско и инвалидско осигурување, стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, така што старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува зависно од степенот на зголемување на стажот и тоа за по една година за секои четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеца.

(5) Платата на финансискиот полицаец може да се утврди во зголемен или намален износ до 30%, сразмерно на извршените работи од работното место, односно доверените работи и придонесот на финансискиот полицаец во вкупното работење во Финансиската полиција, а врз основа на оценување за работењето.

(6) Министерството за финансии ги осигурува финансиските полицајци за случај на смрт, телесно оштетување или губење на работната способност, за време на вршење на работите од нивна надлежност.

(7) Финансиски полицаец кој во вршењето на работите и задачите ќе го загуби животот ќе се погребе на трошок на Министерството за финансии, а на неговото семејството му припаѓа еднократен паричен надоместок во висина на вкупниот износ од остварените плати во последните 24 месеца.

**2. Прераспоредување, унапредување, работно време, одмор и отсуства**

Член 45

(1) Финансискиот полицаец, по потреба заради извршување на надлежностите на Финансиската полиција, може да биде прераспореден на друго работно место кое одговара на степенот на неговото образование.

(2) Прераспоредувањето на определено време може да трае до шест месеца, со можност за продолжување од дополнителни шест месеца. По престанокот на потребата за прераспоредување, финансискиот полицаец се враќа на поранешното или слично слободно работно место.

(3) Во случаите на прераспоредување за определено време финансискиот полицаец има право на:

- надоместок на трошоци за превоз, доколку секој ден патува до друго место,

- утврден надоместок доволен за надоместување на дополнителни трошоци за храна, сместување и трошоците за превоз до постојаното живеалиште еднаш неделно, доколку финансискиот полицаец привремено определено време престојува надвор од местото на живеење и

- надоместок за трошоците за селење, доколку прераспоредувањето трае повеќе од шест месеца.

(4) Финансискиот полицаец во зависност од постигнатите исклучителни и натпросечни резултати во работењето, стручното знаење и способности во работењето, залагањето, креативноста и совесноста при извршувањето на службените должности може да биде унапреден на повисоко работно место.

Член 46

Финансискиот полицаец може да биде прераспореден или унапреден на друго работно место на предлог на директорот.

Член 47

(1) Поради потребите на службата, а по наредба на непосредниот раководител, финансиските полицајци може да работат во смени, или со варијабилно работно време, вклучувајќи специфично работно време и прекувремено работење.

(2) Кога неодложни потреби тоа го бараат, директорот на Финансиската полиција или од него овластен раководен финансиски полицаец, може на финансискиот полицаец да му го одложи, односно прекине користењето на годишниот одмор.

(3) Во случаите на ставот (2) од овој член, финансискиот полицаец има право на надоместок на стварните трошоци настанати со одложувањето, односно прекинувањето на годишниот одмор.

**3. Посебни права**

Член 48

Финансиските полицајци при вршење на своите овластувања имаат посебни права да:

1) влегуваат и да имаат слободен премин на станиците, аеродромите, пристаништата и јавните паркинзи само со покажување на службена легитимација;

2) бесплатна употреба на јавен превоз и

3) посебна заштита на нивната личност, семејство и имот, по нивно барање, во местото на живеење секогаш кога за тоа постојат сериозни безбедносни причини.

**4. Оценување на работата**

Член 49

(1) Финансиските полицајци во текот на своето работење ќе бидат оценувани најмалку еднаш годишно.

(2) Финансиските полицајци кои оправдано отсуствувале од работа подолго од шест месеца во текот на годината (боледување, неплатено отсуство итн.) нема да бидат оценувани.

(3) Оценувањето на финансиските полицајци се врши врз основа на податоци кои се однесуваат на стручното знаење и способности во работењето, залагањето, постигнатите резултати, креативноста и совесноста при извршувањето на службените должности. Оцената за финансискиот полицаец може да биде “се истакнува”, ”задоволува”, ”делумно задоволува” и “незадоволува”.

(4) Резултатите од оценувањето ќе служат како основа за одлуките за унапредувањето или прераспоредувањето на друго работно место.

(5) Процената и оценувањето на работата на финансискиот полицаец може да се изврши и пред годишното оценување на работата секогаш кога се врши прераспоредување, унапредување или доколку е започната дисциплинска постапка.

(6) Начинот и постапката на оценување на работењето на финансиските полицајци ги пропишува министерот за финансии на предлог на директорот.

## XIII. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТИ

**1. Кодекс на однесување**

Член 50

(1) Финансиските полицајци се должни да ги почитуваат највисоките стандарди на сопствениот интегритет и интегритетот на старешините во Финансиската полиција во извршување на сите активности кои ја вклучуваат јавноста, како и органите на државната управа и другите државни органи.

(2) Кодексот на однесување ги опишува стандардите на однесување кои треба да се почитуваат од сите финансиски полицајци и дава насоки и упатства за решавање на етичките прашања за оние кои работат во Финансиската полиција и оние кои соработуваат и работат со финансиските полицајци.

(3) Случаите на спротивно однесување на Кодексот на однесување можат да бидат предмет на дисциплинска одговорност, вклучувајќи ја и мерката престанок на работен однос со отказ.

(4) Кодексот на однесување го пропишува министерот за финансии на предлог на директорот на Финансиската полиција.

**2. Дисциплинска одговорност**

Член 51

(1) За повреда на службената должност финансискиот полицаец одговара дисциплински.

(2) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на финансискиот полицаец.

Член 52

(1) Финансискиот полицаец одговара дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

(2) Дисциплинска неуредност, во смисла на ставот (1) од овој член, е полесна незначителна повреда на службената должност, односно полесна повреда на угледот на Финансиската полиција или угледот на финансискиот полицаец.

(3) Дисциплинскиот престап, во смисла на ставот (1) од овој член, е потешка значителна повреда на службената должност, односно потешка повреда на угледот на Финансиската полиција или угледот на финансискиот полицаец.

Член 53

(1) За повреда на службената должност на финансискиот полицаец може со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1) јавна опомена;

2) парична казна во висина од 10% до 30% од висината на едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на повредата на службената должност;

3) распоредување на работно место во пониска категорија која одговара на степенот на образование во траење од шест месеца до една година и

4) престанок на вработувањето.

(2) При изрекување на дисциплинските мерки од ставот (1) на овој член се земаат предвид тежината на повредата на службената должност, последиците од таа повреда, степенот на одговорноста на финансискиот полицаец, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување и вршењето на работите, како и други олеснителни и отежителни околности.

Член 54

(1) Дисциплинска неуредност е:

1) недоаѓање на работа во определеното време и одење од работа пред истекот на работното време и покрај опомената од непосредно претпоставениот;

2) неуредно чување на службените списи и податоци;

3) неоправдано недоаѓање на работа до два работни дена во текот на една календарска година;

4) неносење на службените ознаки на Финансиската полиција, ако таква обврска постои;

5) неоправдано неизвестување на непосредно претпоставениот за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од 24 часа и

6) одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое финансискиот полицаец се упатува.

(2) За дисциплинска неуредност може да се изрече јавна опомена или парична казна во висина од 10% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на дисциплинската неуредност во траење од еден до три месеца.

Член 55

(1) Дисциплински престап е:

1) неизвршување или несовесно, непристојно, ненавремено или небрежно вршење на службената должност;

2) покажување на незадоволителни резултати во работата;

3) изразување и застапување на политичко уверување во вршењето на овластувањата;

4) одбивање да се даде или давање на неточни податоци на државните органи, правните лица и на граѓаните, доколку давањето на податоци е пропишано со закон;

5) незаконито располагање со материјалните средства;

6) одбивање на вршење на службените задачи од работното место на кои е распореден или одбивање на наредби од министерот, односно директорот;

7) непреземање или делумно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети;

8) предизвикување на поголема материјална штета;

9) повторување на дисциплинска неуредност;

10) примање на подароци или друг вид корист;

11) злоупотреба на статусот или пречекорување на овластувањата во вршењето на службените задачи;

12) злоупотреба на боледување;

13) оддавање класифицирана информација со степен на тајност определен согласно со пропис;

14) непридржување кон обврската за медицински преглед;

15) внесување, употреба и работење под дејство на алкохол или наркотични средства;

16) непридржување кон прописите за заштита од болест, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и повреда на прописите за заштита на животната средина;

17) поставување на личниот финансиски интерес во судир со положбата на финансискиот полицаец и

18) навредливо или насилничко однесување.

(2) За дисциплинските престапи од ставот (1) на овој член се изрекува:

- парична казна од 10% до 30% од едномесечниот износ на платата исплатена на финансискиот полицаец во месецот пред извршувањето на дисциплинскиот престап, во траење од еден до шест месеца,

- распоредување на работно место во пониска категорија на работно место која одговара на неговото образование, во траење од шест месеца до една година, по истекот на кое финансискиот полицаец се враќа на работното место во категорија на работното место на кое бил распореден пред изрекувањето на дисциплинската мерка;

- распоредување на работно место во пониска категорија на работно место која одговара на неговото образование и

- престанок на вработувањето, кога настапиле штетни последици за органот, а притоа не се утврдени олеснителни околности за финансискиот полицаец кој го сторил престапот.

Член 56

Збирот на паричните казни изречени на финансискиот полицаец во еден месец за дисциплинска неуредност и дисциплински престап, не може да надмине 30% од износот на неговата вкупна плата за тој месец.

Член 57

(1) Дисциплинските мерки против финансискиот полицаец за дисциплинска неуредност ги изрекува министерот, а по претходен писмен предлог на директорот.

(2) Пред изрекување на мерката финансискиот полицаец се известува писмено за наводите што постојат против него и тој има можност да даде одговор на писмениот предлог од ставот (1) на овој член.

Член 58

(1) Министерот за финансии, формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап на финансискиот полицаец (во натамошниот текст: Комисијата), во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот за покренување на дисциплинска постапка.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од три члена и тоа еден раководен финансиски полицаец, еден финансиски полицаец со категорија на работно место од истата група како и финансискиот полицаец против кого се води дисциплинската постапка и еден член претставник од Министерството за финансии.

(3) Комисијата од ставот (1) на овој член по спроведената дисциплинска постапка му предлага соодветна дисциплинска мерка на министерот.

(4) Ако Комисијата од ставот (1) на овој член утврди дека државниот службеник не е одговорен или не се исполнети условите за донесување решение за изрекување на дисциплинска мерка, му предлага на министерот, да го отфрли предлогот, односно да ја запре постапката.

(5) Министерот, врз основа на предлогот на Комисијата, донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка, односно за отфрлање на предлогот, односно за запирање на постапката.

(6) Решението за изрекување на дисциплинска мерка се врачува лично на финансискиот полицаец, по правило во работните простории на органот во кој финансискиот полицаец работи, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето од кое финансискиот полицаец секојдневно доаѓа на работа.

(7) Ако финансискиот полицаец не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во Министерството за финансии. По изминувањето на три работни дена од денот на објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

(8) Дисциплинската постапка завршува во рок од 60 дена сметано од денот на донесување на решение за формирање на Комисијата од ставот (1) на овој член.

Член 59

(1) Секој, во согласност со закон, има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против финансиски полицаец која треба да биде образложена.

(2) Предлог за покренување на дисциплинска постапка против финансискиот полицаец поднесува директорот.

(3) Предлогот од ставот (2) на овој член се доставува до финансискиот полицаец и синдикалната организација, чиј член е финансискиот полицаец.

Член 60

Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминал еден месец од денот кога директорот или министерот дознале за повредата на службената должност.

Член 61

Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминале три месеца од денот кога е сторена повредата на службената должност.

Член 62

Ако повредата на службената должност повлекува и кривична одговорност, дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на финансискиот полицаец застарува во рок од две години од денот на дознавањето за повредата.

**3. Суспендирање**

Член 63

(1) Финансискиот полицаец може да биде суспендиран во случаи кога против него е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата или е покрената дисциплинска постапка за дисциплински престап, а повредата е од таква природа што неговото натамошно присуство во органот додека трае постапката штетно ќе се одрази врз Финансиската полиција, односно ќе го осуети или оневозможи утврдувањето на одговорноста за дисциплински престап.

(2) За суспендирање или враќање на работа на финансискиот полицаец решава директорот на Финансиската полиција.

(3) За времето кога финансискиот полицаец е суспендиран му следува надомест од 60% од основната плата. Во случај на враќање на работа и доколку не се утврди постоење на дисциплинска одговорност на финансискиот полицаец му следува надомест ретроактивно до 100% од основната плата.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член финансискиот полицаец има право на жалба до министерот за финансии во рок од осум дена од денот на доставување на решението.

XIV. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 64

(1) За долгогодишна стручна работа, организациски унапредувања, успех во вршењето на работните задачи, подобрување на угледот на службата, на финансиските полицајци, на органите на државната управа или други државни органи, на носители на јавни овластувања и поединци, им се доделуваат признанија.

(2) Финансиските полицајци можат да добијат и еднократен износ на парична награда за постигнати натпросечни, исклучителни резултати во работењето.

(3) Парични награди во еднократен паричен износ се доделуваат и на соработниците на правдата на Финансиската полиција во откривање на финансискиот криминал.

(4) Признанијата и наградите од ставовите (1) и (2) на овој член по правило се доделуваат на денот на Финансиската полиција. Денот на Финансиската полиција е 26 Јуни.

(5) За паричните награди решава министерот за финансии на предлог на директорот на Финансиската полиција.

XV. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 65

(1) Финансиската полиција, за својата работа подготвува годишен извештај за работата во претходната година и истиот го поднесува преку министерот за финансии до Владата на Република Македонија, најдоцна до крајот на јануари во тековната година.

(2) Финансиската полиција преку печатените и електронските медиуми, со извештаи, информации, соопштенија или на друг погоден начин ја информира јавноста за својата работа во согласност со Уставот и со закон, на начин што ќе се води сметка да не се загрозат доверливоста и успешноста на преткривичната постапка, како и правата на трети лица.

XVI. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 66

(1) Средствата за работа, унапредување, модернизација и опремување на Финансиската полиција, како и за стимулирање на финансиските полицајци се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(2) Покрај средствата од ставот (1) на овој член Финансиската полиција остварува средства во висина на 25% од приходите од откриени и наплатени даноци, како и од пленување на непосредната и посредната имотна корист прибавени со извршени казниви дејствија или од извршена конфискација во корист на Република Македонија, согласно со Кривичниот законик.

XVII. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

Член 67

(1) Финансискиот полицаец согласно со Законот за прекршоците, при извршувањето на работите од своја надлежност може да изрече глоба за сторен прекршок од страна на физички и правни лица, на самото место кога е тоа утврдено со овој закон.

(2) Финансиската полиција согласно со овој закон е исклучиво надлежна за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочни санкции глоба, опомена и забрана за вршење професија, дејност или должност во согласност со Законот за прекршоците.

Член 68

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок, ако на Финансиската полиција:

- не ги презентира доказите за изворите на средствата од кои е набавен имотот, односно средствата со кои располага согласно со членот 19 став (4) од овој закон,
- не се јави на писмена покана, согласно со членот 21 став (1) од овој закон и

- не даде примероци од ракопис и потпис согласно со членот 22 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност од 15 дена.

(5) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност од 30 дена.

(6) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место на правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(7) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(8) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место на физичкото лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 69

(1) Глоба во износ од 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок, ако на Финансиската полиција:

- не и овозможи увид или преглед на објекти и други простории согласно со членот 23 став (2) од овој закон,

- не и овозможи преглед на превозни средства согласно со членот 25 ставови (1) и (3) од овој закон,

- не и овозможи непречен пристап до деловни книги и друга евиденција или не создаде потребни услови за пристап до деловни и работни простории, магацини и други објекти согласно со членот 34 став (1) од овој закон и

- не ги отстрани утврдените недостатоци од извршената контрола согласно со членовите 29 став (1) и 34 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност од 15 дена.

(5) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност од 30 дена.

(6) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место на правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(7) Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(8) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место на физичкото лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 70

(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во органот на државната управа, во органите на локалната самоуправа и другите државни органи и организации, ако на Финансиската полиција:

- не и овозможи непречен пристап до деловни книги и друга евиденција или не создаде потребни услови за пристап до деловните и работните простории согласно со членот 34 став (1) од овој закон,

- на барање на Финансиската полиција, учесникот во платниот промет во определен рок не ги достави податоците за вршење на работите во платниот промет согласно со членот 34 став (2) од овој закон и

- не и овозможат увид во податоци и евиденции кои ги прибираат и водат согласно со закон, а со тоа ќе ја попречат Финансиската полиција во извршување на надлежности согласно со овој закон, согласно со членот 35 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 71

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорно лице во правно лице, службено лице или финансиски полицаец, ако:

- издаде или објави информации во врска со конкретното извршување на надлежноста на Финансиската полиција што се однесуваат на контрола на конкретни деловни односи со што на друг ќе предизвика поголема имотна штета или истото го стори од користољубие и

- издаде или објави информации од соодветен степен на доверливост согласно со прописите за класифицирани информации за кои узнало во текот на надлежното постапување или истото го стори од користољубие.

(2) Глоба во износ од најмалку 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 72

(1) За прекршоците предвидени со овој закон, прекршочната постапка ја води комисија на Финансиската полиција.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

(3) Членовите на комисијата треба да имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку седум години на предметната материја, а претседателот на комисијата треба да е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку девет години на предметната материја.

XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 73

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон Финансиската полиција продолжува да работи како Управа за Финансиска полиција.

(2) Директорот именуван согласно Законот за финансиската полиција ("Службен весник на Република Македонија” број 55/2002) продолжува да ја врши својата функција до истекот на мандатот.

Член 74

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 75

3) të bëjë kontroll nëse institucionet e autorizuara shkencore dhe/ose institucionet profesionale nga nenet 9, 10, 15, 23 dhe 25 të këtij ligji i plotësojnë kushtet për kryerjen e autorizimeve të dhëna;

4) të kryejë kontrollin e procesit të prodhimit, si dhe të procedurave për ripërpunimin, hulumtimin dhe përcaktimin e kualitetit të materialit reproduktiv;

5) të kryejë kontrollin e procedurave për pranimin e materialit themelor;

6) të kryejë kontrollin e procedurave për kontroll profesional të prodhimtarisë së materialeve reproduktive dhe dhënien e vërtetimeve të përcaktuara;

7) të kryejë kontrollin e mbledhjes dhe të grumbullimit të materialit reproduktiv nga fidanët farore, plantacione fidanësh dhe plantacione;

8) të kryejë kontrollin e tregtarëve dhe jep urdhër që përkohësisht të tërhiqen nga qarkullimi ato sasi të materialit reproduktiv, për të cilat do të vërtetohet se nuk i përmbushin kushtet për lëshimin në qarkullim, deri sa të mënjanohet mangësitë;

9) të marrë mostra pa kompensim nga materiali reproduktiv për shkak të hulumtimit dhe përcaktimit të kualitetit të tij;

10) të marrë mostra për analizë nga materiali reproduktiv pa kompensim, në qoftë se ekziston dyshim se materiali nuk përputhet me kualitetin e përcaktuar dhe me rregullsinë shëndetësore. Përcaktimi i kualitetit të mostrave i ndahet institucionit të autorizuar nga sfera e pylltarisë nga neni 25 i këtij ligji;

11) të kërkojë ndihmë nga organet për punë të brendshme, nëse vlerëson se pa ndihmën e tyre nuk mund që ta realizojë mbikëqyrjen;

12) të ndalojë prodhimin, përpunimin plotësues dhe përcaktimin e kualitetit të materialit reproduktiv, nëse për atë nuk janë të plotësuara kushtet e përcaktuara ose nëse këto veprime realizohen pa dëshmi për plotësimin e kushteve të përcaktuara;

13) të ndalojë futjen në qarkullim të materialit reproduktiv i cili nuk është i përpunuar plotësisht, nuk është i paketuar sipas rregullës, nuk ka deklaratë të përcaktuar, nuk i përgjigjet kualitetit të përcaktuar dhe të deklaruar ose kualiteti i tij nuk është përcaktuar të mënyrë të rregullt;

14) të ndalojë përdorimin dhe futjen në qarkullim të materialit reproduktiv të importuar pa lejen e organit kompetent;

15) të urdhërojë shkatërrimin dhe bëjë mbikëqyrjen e procedurës për shkatërrimin e materialit reproduktiv prodhimi i të cilit kryhet në kundërshtim me dispozitat nga ky ligj;

16) të sekuestrojë dhe urdhërojë shkatërrimin e materialit reproduktiv, i cili është futur në qarkullim në kundërshtim me dispozitat nga ky ligj, dhe

17) të urdhëron shmangien e parregullsive të konstatuara në procedurën gjatë mbikëqyrjes.

(2) Harxhimet që do të shkaktohen në lidhje me përcaktimin e kualitetit të mostrës së materialit reproduktiv nga paragrafi (1) pika 10 i këtij neni, janë në barrë të subjektit nga i cili është marrë mostra, nëse mostra nuk i përgjigjet kualitetit të përcaktuar (deklaruar), gjegjësisht Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, nëse mostra i përgjigjet kualitetit të përcaktuar (deklaruar).

(3) Harxhimet që do të shkaktohen në lidhje me marrjen, ruajtjen dhe shkatërrimin e materialit reproduktiv nga paragrafi (1) pika 16 i këtij neni, janë në barrë të subjektit nga i cili është marrë materiali reproduktiv.

Neni 38

(1) Për masat e ndërmarra, të përcaktuara me këtë ligj, inspektori për pylltari merr aktvendim.

(2) Kundër aktvendimit të inspektorit për pylltari nga paragrafi (1) i këtij neni, mund t'i paraqitet ankesë në afat prej 8 ditë nga dita e pranimit të aktvendimit ministrit të Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

(3) Ankesa e paraqitur kundër aktvendimit paragrafi (1) i këtij neni, nuk e prolongon zbatimin e tij në rastin nëse me moszbatimin e masave të përcaktuara do të shkaktohen pasoja të cilat vështirë mund të mënjanohen.

## 9. DISPOZITAT PËR KUNDËRVAJTJE

Neni 39

(1) Gjobë në shumë prej 10 000 deri 20 000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:

1) për kultivimin dhe përtëritjen e pyjeve nuk përdor material reproduktiv të seleksionuar, të kualifikuar dhe të testuar, cili është prodhuar në pajtim me dispozitat e këtij neni (neni 6);

2) bën prodhimin e materialit reproduktiv, por nuk është regjistruar në Regjistrin e prodhuesve dhe tregtarëve të materialit reproduktiv (neni 15 paragrafi 1);

3) merret me prodhimin e materialit reproduktiv, por nuk i plotëson kushtet e përcaktuara nga neni 15 të këtij ligji.

4) mbledh material reproduktiv edhe nëse nuk i plotëson kushtet nga neni 17 të këtij ligji;

5) fut në qarkullim material reproduktiv në kundërshtim me dispozitat nga neni 30 i këtij ligji, dhe

6) lëshon në qarkullim material reproduktiv cili nuk i përgjigjet kualitetit të shënuar në deklaratë (neni 31);

(2) Krahas gjobës nga paragrafi (1) i këtij neni, personit juridik do t'i shqiptohet edhe sanksion për kundërvajtje ndalim për kryerjen e veprimtarisë prej 6 muaj deri 2 vjet.

(3) Gjoba në shumë prej 700 euro deri 1000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik.

(4) Krahas gjobës nga paragrafi (3) i këtij neni personit përgjegjës në personin juridik do t'i shqiptohet sanksion për kundërvajtje ndalim për kryerjen e veprimtarisë ose detyrës në kohëzgjatje prej 3 muaj deri 1 vjet.

Neni 40

(1) Gjobë në shumë prej 4.000 deri 8.000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:

1) materialin reproduktiv, me përjashtim të materialit cili është i përzierë në pajtim me dispozitat e nenit 20 nga ky ligj, në të gjitha fazat të prodhimit dhe gjatë qarkullimit, nuk e ruan në parti të ndara, veças për secilën njësi të pranuar (neni 16);

2) prodhon material reproduktiv pa pajtueshmëri paraprake sipas nenit 21 paragrafi (2) nga ky ligj;

3) nuk mban libra afaristë për materialin reproduktiv, gjegjësisht nuk i mban në mënyrë të përcaktuar (neni 22 dhe neni 29 paragrafi 4);

4) nuk siguron kontroll profesional të prodhimit të materialit reproduktiv (neni 23), dhe

5) dërgesa e materialit reproduktiv në qarkullim nuk është e përcjellë me vërtetimet dhe deklaratat e nevojshme (neni 31) dhe nuk është e futur në ambalazh të vulosur (neni 34).

(2) Gjoba në shumë prej 700 deri 1.000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik.

Neni 41

(1) Procedurat për zbatimin e sanksioneve për kundërvajtje sipas këtij ligji do të mbahen para gjykatës kompetente.

(2) Barazim dhe ndërmjetësim sipas dispozitave të këtij ligji nuk do të bëhet.

## 10. DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 42

(1) Personat juridikë të cilët bëjnë prodhimin dhe qarkullimin e materialit reproduktiv, janë të detyruar që ta harmonizojnë punën e tyre me dispozitat e këtij ligji në afat prej 1 (një) viti nga dita e hyrjes në fuqi të gjithë aktet nënligjore.

(2) Në qoftë se subjektet nga paragrafi (1) i këtij neni nuk e harmonizojnë punën e tyre në afatin e përcaktuar nga paragrafi (1) i këtij neni, do të shlyhen nga Regjistri i prodhuesve dhe tregtarëve.

(3) Procedurat e filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të vazhdojnë në pajtim me ligjet që kanë vlejtur deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(4) Materiali themelor i pranuar dhe i regjistruar para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji do të shfrytëzohet si material themelor deri në regjistrimin e ri, në pajtim me dispozitat e këtij ligji. Regjistrimi i ri i materialit themelor do të realizohet në afat prej dy vjetësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 43

(1) Deri në ditën e hyrjes në fuqi të dispozitave më të afërta të parashikuara me këtë ligj, do të zbatohen dispozitat që ka qenë në fuqi deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(2) Dispozitat më të afërta të parashikuara në nenin 3 paragrafët (2) dhe (4), neni 8 paragrafi (2), neni 9 paragrafi (6), neni 10 paragrafi (5), neni 12 paragrafi (3), neni 15 paragrafi (7, neni 18 paragrafi (4), neni 22 paragrafi (2), neni 24 paragrafi (2), neni 26 paragrafi (2) dhe neni 27 paragrafi (2) nga ky ligj, do të miratohen në afat deri 2 (dy) vjetësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(3) Neni 11 nga ky ligj do të fillojë të zbatohet nga dita e pranimit të Republikës së Maqedonisë në Unionin Evropian.

Neni 44

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**733.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Се прогласува Законот за безбедност на козметичките производи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2007 година.

Бр. 07-1800/1
23 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## З А К О Н ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

**(Опфат на Законот)**

Со овој закон се уредуваат условите што во поглед на здравствената безбедност (во натамошниот текст: безбедност) треба да ги исполнуваат козметичките производи што се произведуваат или се ставаат во промет, испитувањето на безбедноста, како и надзорот.

Одредбите од овој закон се однесуваат и на супстанциите што се користат за производство на козметичките производи, како и на супстанциите што им се додаваат заради одржување или подобрување на нивните органолептички и други својства.

Член 2

**(Поими)**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Состојка на козметички производ" е секоја хемиска супстанција или препарат од вештачко или природно потекло, освен парфемите и ароматските состојки употребени во составот на козметичкиот производ.

За состојка не се сметаат онечистувањата на суровините, дополнителни технички материјали кои се користат во изработката, но не се присутни во финалниот производ, како и материи кои се користат во точно определени неопходни количини како растворувачи или како носачи на парфеми или мирисни композиции;

2. "Готов производ" е козметички производ во неговата финална форма, во облик како што се става во промет на пазарот и е достапен на потрошувачот или неговиот прототип;

3. "Прототип" е прв модел или дизајн кој не е произведен во серија и од кој готовиот козметички производ се копира или е негова финална верзија;

4. "Производител" е:

- секое правно или физичко лице на територијата на Република Македонија кое изработува козметички производи и кое со својата фирма, заштитен или друг знак се претставува како производител на козметичкиот производ и

- застапник на производителот, ако производителот нема седиште во Република Македонија или увозник на козметичките производи, ако производителот нема застапник;

5. "Промет" е секоја постапка по завршувањето на производството која вклучува складирање, превоз, продажба, употреба во фризерски, козметички и други салони за нега на телото, продажба на готови производи, вклучувајќи ги и нивниот увоз и извоз чија цел е снабдување на потрошувачите со козметички производи без или со паричен надоместок, освен ако е наменет во научни цели;

6. "Производство" е подготовка, изработка и доработка, обработка, преработка, полнење, преточување и мешање на козметичките производи до меѓупроизводи и готови производи со користење на хемиски, физички и биолошки процеси во постапката. За производство се сметаат и пакувањето, складирањето кај производителот и превозот во објектот за производство;

7. "Добра производна пракса" е систем од стандардизирани постапки во однос на персоналот, просторот, опремата, документацијата, производството и контролата на квалитетот на козметичките производи.

8. ”Добра лабораториска пракса” е систем на квалитет кој се однесува на процесот на организација и условите под кои неклиничките студии за безбедност по здравјето и животната средина се планираат, изведуваат, следат, забележуваат, чуваат и бележат;

9. "Конзерванс" е супстанција која се додава на козметичкиот производ чија цел е инхибиција на растот на микроорганизми во производот;

10. "Козметичка боја" е супстанција која се додава на козметичкиот производ со цел да се обои производот и/или дел од човечкото тело;

11. "Ултра-виолетови филтри" се супстанции кои се додаваат на козметичкиот производ за да филтрираат одредени ултра-виолетови зрачења со цел да извршат заштита на кожата од несаканите ефекти на овие зрачења;

12. "INCI" е меѓународно означување на козметичките состојки;

13. "Производна серија" е дефинирана количина на суровина, амбалажа или готов производ, произведен во еднакви услови со метода или серија на методи кои овозможуваат добивање на уедначен производ;

14. "Производен сериски број" е определена комбинација на знаци кои специфично го обележуваат производот и

15. "Рок на траење" е датум до кој производот ги задржува почетните особини и е безбеден за употреба.

### II. БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Член 3

**(Козметички производ)**

Козметички производ, во смисла на овој закон, е секоја супстанција или производ наменет да биде употребен во контакт со различни надворешни делови од човечкото тело (епидерм, систем на косата, ноктите, усните и надворешните генитални органи или со забите и слузниците на усната шуплина), со цел или најчесто за да ги чисти, парфимира, да го промени нивниот изглед и/или да ги корегира мирисите на телото и/или да ги заштитува или одржува во добра состојба.

Министерот за здравство донесува листа на производи што се сметаат за козметички производи согласно со ставот 1 на овој член.

Член 4

**(Безбеден козметички производ)**

За безбеден козметички производ се смета производ што:

- не предизвикува штета по здрвјето на луѓето кога се применува под вообичаени или под услови кои можат да се предвидат, имајќи ги предвид посебно презентацијата на производот, неговото означување, упатството за употреба и чување, како и која било друга напомена и информација обезбедена од страна на производителот или неговиот овластен претставник,

- што содржи супстанции што смеат да се користат при производството на козметички производи и

- на кој не му изминал рокот на траење.

Член 5

**(Забрани)**

Се забранува ставање во промет на козметички производ кај кој финалната формулација, или состојките или комбинацијата на состојките била предмет на вршење на испитувања на животни и покрај постоењето на алтернативни валидирани методи.

Забрането е козметичкиот производ да содржи:

- супстанции од Листата на супстанции што не смеат да бидат користени во козметичките производи,

- супстанции од Листата на супстанци што се класифицирани како карциногени, мутагени или токсични за репродукција, донесена согласно со прописите за опасни супстанции (хемикалии) и

- супстанции од листите од членот 8 ставови 2, 3 и 4 на овој закон, надвор од утврдените рамки и граници.

Присуството на траги од супстанции што не смеат да бидат користени во козметичките производи може да биде дозволено под услов нивното присуство да не може технички да се избегне при Добрата производна пракса, како и доколку тие ги исполнуваат условите од членот 4 став 1 алинеја 1 на овој закон.

Министерот за здравство ја донесува Листата од ставот 2 алинеја 1 на овој член.

Член 6

**(Одговорност за безбедност на козметичкиот производ)**

За безбедноста на козметичкиот производ одговорен е производителот кој го става производот во промет.

За одржување на безбедноста на производот во однос на начинот на чување и рокот на траење одговорно е правното или физичкото лице кое врши промет со производот.

III. ПРОИЗВОДСТВО НА КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ

Член 7

**(Добра производна пракса)**

Производителот на козметичките производи е должен производството да го врши во согласност со Добрата производна пракса.

Министерот за здравство ја пропишува Добрата производна пракса.

Член 8

**(Дозволени супстанци во производството)**

При производството на козметичките производи производителот е должен да употребува само супстанции од Листата на супстанции кои се користат при производството на козметички производи.

Употребата на средства за боење е дозволена во рамките и границите утврдени во Листата на бои што смеат да се употребуваат во одредени видови на козметички производи, со исклучок на козметичките производи кои содржат бои наменети исклучиво за боење на косата.

Употребата на конзерванси е дозволена во рамките и границите утврдени во Листата на конзерванси што смеат да се употребуваат во одредени видови на козметички производи.

Употребата на УВ филтри е дозволена во рамките и границите утврдени во Листата на УВ филтри што смеат да се употребуваат во одредени видови на козметички производи.

Министерот за здравство ги пропишува листите од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член.

Член 9

**(Оцена на безбедноста на козметичкиот производ)**

Производителот е должен да подготви оцена на безбедноста на козметичкиот производ за човековото здравје која треба да биде изработена врз основа на резултатите од извршените испитувања, при што е потребно да се почитуваат токсиколошките податоци за секоја употребена состојка, нејзината хемиска структура и нивото на изложеност.

Испитувањата на козметичкиот производ, врз основа на кои се издава оцената за безбедност по човековото здравје, се изведуваат во согласност со Добрата лабораториска пракса, како и со прописите од областа на заштитата на животната средина.

Член 10

**(Одговорно лице за издавање на оцена на безбедноста)**

За издавање на оцена на безбедноста на козметичкиот производ производителот е должен да определи одговорно лице со високо образование од областа на фармацијата, хемијата, микробиологијата, биологијата, токсикологијата, односно медицината.

Член 11

**(Евиденции на производителот)**

Производителот што ги става козметичките производи во промет е должен да води евиденција и да поседува податоци за:

1) квалитативниот и квантитативниот состав на козметичкиот производ, а во случај на ароми и парфеми, името и бројот на кодот на составот, како и името на добавувачот од кого се набавени;

2) физичко-хемиските и микробиолошките анализи на суровините употребени во козметички производ, како и податоци за чистотата и микробиолошките стандарди;

3) пишана изјава на производителот како доказ дека начинот на производство е во согласност со Добрата производна пракса;

4) оцена на безбедноста за човековото здравје на козметичкиот производ;

5) името и адресата на квалификуваното лице или лицата одговорни за изработка на оцената за безбедност на козметичкиот производ;

6) постоечките податоци за несакани дејства кај луѓето кои настанале како резултат на користење на козметичкиот производ;

7) доказ за прокламираната ефикасност на козметичкиот производ, ако таа е оправдана со оглед на природата на ефектот или производот;

8) рефенци од литературата, како и резултати од дејството на козметичкиот производ кои ги обезбедил производителот и

9) Податоци за тестирања извршени кај животни.

Производителот е должен податоците од ставот 1 точки 1 до 7 на овој член да ги даде на увид на Државниот санитарен и здравствен инспектор заради вршење на инспекциски надзор во рок од три дена по доставеното барање.

Член 12

Пред првото ставање во промет на козметичкиот производ, производителот, или неговиот застапник, или лицето по чија нарачка производот е произведен, или увозникот на козметичкиот производ е должен да го пријави кај Државниот санитарен и здравствен инс-

пекторат местото или местата на производство, односно при увоз, името на државата извозник или државата од која производот потекнува, како и местото на првиот влез на територија на Република Македонија.

## IV. ПРОМЕТ СО КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ

Член 13
**(Безбедност на козметички производи во промет)**

Во промет можат да се ставаат само козметички производи кои во целост ги исполнуваат условите по однос на нивната безбедност пропишани со овој закон.

Член 14
**(Означување на козметичките производи)**

Козметичките производи можат да бидат ставени во промет само доколку на амбалажата се наведени следниве податоци:

1) трговското име на производот;
2) видот на производот;
3) името и адресата на седиштето на производителот или на правното лице кое е овластено за ставање во промет на козметичкиот производ;
4) количината на козметичкиот производ во пакувањето во моментот на полнење, изразена тежински или волуменски, со исклучок на пакувањата кои содржат помалку од 5 г или 5 мл, бесплатните примероци или пакувањата за единечна употреба. На пакувањата кои вообичаено се продаваат на парче и за кои овие податоци не се значајни, се означува бројот на поединечните парчиња во пакувањето;
5) минималниот рок на траење;
6) серискиот број на производот или референца која служи за идентификација на производот;
7) функција на производот, доколку таа не е јасно видлива преку изгледот на производот и
8) составот на козметичкиот производ (со INCI имиња на состојките).

Сите ознаки и упатството за употреба мора да бидат и на македонски јазик и неговото кирилско писмо, добро видливи и читливи, без можност да бидат избришани.

Содржината на податоците и начинот на означувањето на козметичките производи ги пропишува министерот за здравство.

Член 15
**(Рекламирање)**

Рекламирањето на козметичките производи не смее да ги доведе во заблуда потрошувачите во однос на предвидената намена.

При рекламирањето не смее да се декларираат ефекти на подобрување на здравјето кај луѓето со употреба на производот.

Член 16
**(Безбедност на козметички производи од увоз)**

Козметичките производи кои се увезуваат мора да ги исполнуваат условите по однос на безбедноста кои се пропишани со овој закон.

Член 17
**(Преглед на пратка од увоз)**

Правното лице кое врши увоз при поднесувањето на царинската декларација за увоз на козметички производи поднесува барање за преглед на пратката за утврдување на безбедноста до Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Во Република Македонија се применуваат листите за усогласеност, како и знаците за усогласеност согласно со ратификуваните меѓународни договори.

Заради заштита на здравјето на населението Државниот санитарен и здравствен инспекторат може при прегледот на пратката да определи вршење на лабораториска анализа на козметичките производи.

Член 18
**(Царински зони и царински складишта)**

Одредбите од овој закон се применуваат и за козметички производи кои се во царински зони и царински складишта.

## V. ИСПИТУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Член 19
**(Овластени лаборатории)**

Испитувањата на безбедноста на козметичкиот производ ги вршат лаборатории акредитирани во согласност со прописите за акредитација.

Член 20
**(Добра лабораториска пракса)**

Испитувањата на безбедноста на козметичкиот производ се изведуваат во согласност со Добрата лабораториска пракса, методите за анализа неопходни за проверка на составот на козметичкиот производ, како и критериумите за микробиолошка и хемиска чистота на козметичките производи и методите за проверка на тие критериуми.

Министерот за здравство ги пропишува Добрата лабораториска пракса, методите за анализа неопходни за проверка на составот на козметичкиот производ, како и критериумите за микробиолошка и хемиска чистота на козметичките производи и методите за проверка на тие критериуми.

## VI. НАДЗОР

Член 21
**(Надзор)**

Надзорот над примената на овој закон го врши Министерството за здравство.

Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон го врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Член 22
**(Анализа на мостри)**

Во вршењето на инспекцискиот надзор во производството и прометот, државниот санитарен и здравствен инспектор (во натамошниот текст: инспектор) зема мостри од готовиот козметички производ, амбалажата и состојките на козметичките производи без надоместок на нивната вредност.

Анализите на мострите земени во вршењето на инспекцискиот надзор се вршат во акредитирани лаборатории од членот 19 на овој закон.

Трошоците за анализа на мострите ги поднесува производителот, неговиот застапник, односно увозникот согласно со реалните трошоци за вршење на анализите.

Член 23
**(Овластувања на здравствените инспектори)**

При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот има овластување да:

- наредат отстранување на утврдени недостатоци во производството или прометот во рокот кој го определиле,
- бараат податоци за козметичките производи,
- вршат надзор над спроведувањето на Добрата производна пракса,
- наредат на козметичкиот производ да се наведат неопходните ознаки за внимание во врска со опасностите кои би претставувале опасност по здравјето на потрошувачите,
- забранат несоодветно рекламирање на козметичките производи,

- наредат повлекување и уништување на несоодветниот рекламен материјал на сметка на производителот,

- забранат промет и повлечат од промет производи за кои не е изработена оцена за безбедност, кои се неправилно означени, на кои им истекол рокот на употреба или кои се покажале штетни по здравјето на човекот и

- наредат поништување на козметичките производи, доколку е тоа потребно заради зачувување на здравјето на човекот.

Член 24

**(Меѓународна размена на информации)**

Државниот санитарен и здравствен инспекторат разменува информации за козметичките производи со други надлежни органи во согласност со ратификуваните меѓународни договори кои се однесуваат на системите за меѓународно известување.

Врз основа на информација за појава на небезбеден козметички производ добиена во рамките на системот за размена на информации на меѓународно ниво, инспекторот ќе го забрани прометот на таквиот производ.

Ако се докаже дека одреден козметички производ, и покрај тоа што ги задоволува барањата од овој закон, претставува опасност по здравјето на луѓето, инспекторот издава забрана за промет на козметички производ на територија на Република Македонија или дозволува промет под определени услови.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

Член 25

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице, ако:

- произведе и стави во промет козметички производ спротивно на членот 4 од овој закон,

- стави во промет козметички производ кај кој финалната формулација, или состојките или комбинацијата на состојките била предмет на вршење на испитувања на животни и покрај постоењето на алтернативни валидирани методи (член 5 став 1),

- произведе и стави во промет козметички производ кој содржи супстанции од Листите на супстанции од членот 5 став 2 на овој закон,

- стави во промет небезбеден козметички производ (член 6 став 1),

- не го чува козметичкиот производ на начинот и во рокот на траење за да ја одржи безбедноста на производот (член 6 став 2),

- произведува козметички производи спротивно на Добрата производна пракса (член 7 став 1),

- употреби во производството на козметички производи средства за боење надвор од дозволените рамки и граници утврдени во Листата на бои што смеат да се употребуваат во одредени видови на козметички производи, освен за козметичките производи кои содржат бои наменети исклучиво за боење на косата (член 8 став 2),

- употреби во производството на козметички производи конзерванси надвор од дозволените рамки и граници утврдени во Листата на конзерванси што смеат да се употребуваат во одредени видови на козметички производи (член 8 став 3),

- употреби во производството на козметички производи УВ филтри надвор од дозволените рамки и граници утврдени во Листата на УВ филтри што смеат да се употребуваат во одредени видови на козметички производи (член 8 став 4),

- не подготви оцена на безбедноста на козметичкиот производ за човековото здравје која треба да биде изработена врз основа на резултатите од извршените испитувања, при што е потребно да се почитуваат токсиколошките податоци за секоја употребена состојка, нејзината хемиска структура и нивото на изложеност (член 9 став 1),

- не определи одговорно лице согласно со членот 10 од овој закон,

- не води евиденција, не ги поседува и не ги даде на увид податоците согласно со членот 11 од овој закон,

- не го пријави местото или местата на производство, односно при увоз, името на државата извозник или државата од која производот потекнува, како и местото на првиот влез на територијата на Република Македонија пред првото ставање во промет (член 12),

- стави во промет козметички производи кои во целост не ги исполнуваат условите по однос на нивната безбедност пропишани со овој закон (член 13),

- стави во промет козметички производи на кои на амбалажата не се наведени податоците согласно со членот 14 од овој закон,

- рекламира козметички производи на начин на кој ќе ги доведе во заблуда потрошувачите во однос на нивната намена или при рекламирањето декларира ефекти на подобрување на здравјето кај луѓето со употреба на производот (член 15),

- козметичките производи кои се увезуваат не ги исполнуваат условите по однос на безбедноста кои се пропишани со овој закон (член 16),

- не поднесе барање за преглед на пратката при увоз согласно со членот 17 став 1 од овој закон и

- не врши испитувања на безбедноста на козметичкиот производ согласно со Добрата лабораториска пракса, методите за анализа неопходни за проверка на составот на козметичкиот производ, како и критериумите за микробиолошка и хемиска чистота на козметичките производи и методите за проверка на тие критериуми (член 20).

За прекршокот од ставот 1 на овој член глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичкото лице кое го сторило прекршокот.

За прекршокот од ставот 1 на овој член глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на одговорното лице во правното лице.

За прекршокот од ставот 1 на овој член глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на работникот во правното лице кој го сторил прекршокот.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Министерот за здравство ќе ги донесе прописите што произлегуваат од овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 27

Правните и физичките лица кои вршат производство и промет со козметички производи се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 28

Лабораториите што вршат испитувања на здравствената безбедност на козметичките производи се должни да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 29

Козметичките производи што се наоѓаат во промет на денот на влегувањето во сила на овој закон, остануваат во промет 48 месеца по денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 30

Започнатите постапки во производството и прометот на козметички производи ќе се завршат според прописите донесени пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 31

Министерот за здравство во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе овласти лаборатории за вршење на испитувања на здравствената безбедност на козметичките производи.

Овластувањето од ставот 1 на овој член ќе има важност до акредитација на лаборатории според прописите за акредитација.

До овластувањето на лаборатории од ставот 1 на овој член, контролата продолжуваат да ја вршат лабораториите што дотогаш вршеле лабораториска анализа на козметичките производи.

Член 32

Производителите се должни да ја воведат Добрата производна пракса во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До воведувањето на Добрата производна пракса, производителите се должни да ги применуваат постојните прописи за производство на козметички производи кои се однесуваат на кадарот, просторот, опремата, документацијата, производството и контролата на квалитетот.

Член 33

Производителите се должни да ја воведат Добрата лабораториска пракса во рок од две години од денот на влегувањето на сила на овој закон.

До воведувањето на Добрата лабораториска пракса, производителите се должни да ги применуваат постојните прописи за лабораториско испитување на козметичките производи, а кои се однесуваат на кадарот, просторот, опремата, документацијата и контролата на квалитетот.

Член 34

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да се применуваат одредбите од Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба ("Службен лист на СФРЈ" број 53/91 и "Службен весник на Република Македонија" број 15/95) кои се однесуваат на средствата за одржување на личната хигиена, за нега и разубавување на лицето и телото и амбалажата за тие средства.

Член 35

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

# L I G J
# PËR SIGURINË E PRODHIMEVE KOZMETIKE

## I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Neni 1

**(Përfshirja e Ligjit)**

Me këtë ligj rregullohen kushtet të cilat në aspektin e sigurisë shëndetësore (tekstin e mëtejmë: siguria), duhet t'i plotësojnë prodhimet kozmetike të cilat prodhohen ose vihen në qarkullim, analiza e sigurisë, si dhe mbikëqyrja.

Dispozitat e këtij ligji kanë të bëjnë edhe me substancat që shfrytëzohen për prodhimin e prodhimeve kozmetike, si dhe për substancat të cilat u shtohen për shkak të mirëmbajtjes dhe përmirësimit të cilësive të tyre organoleptike dhe cilësive të tjera.

Neni 2

**(Nocione)**

Shprehje të veçanta të përdorura në këtë ligj, e kanë kuptimin si vijon:

1."Përbërës i prodhimit kozmetik" është secila substancë kimike ose preparat, me prejardhje artificiale ose natyrore, përveç parfumeve dhe përbërësve aromatikë të përdorur në prodhimin kozmetik.

Si përbërës nuk konsiderohen mbeturinat e lëndëve të para, materialet plotësuese teknike që përdoren gjatë përpunimit, por nuk janë të pranishme në prodhimin final, si dhe materiet që shfrytëzohen në sasi të caktuara të domosdoshme të sakta, si tretës ose si bartës të parfumeve ose të kompozimeve aromatike.

2."Prodhim i gatshëm" është prodhimi kozmetik në formën e tij finale, në formën në të cilën vihet në qarkullim në treg dhe është i kapshëm për konsumatorin, ose prototipi i tij.

3."Prototip" është modeli i parë ose dizajni që nuk është prodhuar në seri dhe prej të cilit prodhimi i gatshëm kopjohet, ose është versioni final i tij.

4."Prodhues" është:

- secili person juridik ose fizik në territorin e Republikës së Maqedonisë, i cili prodhon prodhime kozmetike dhe i cili me firmën e tij, shenjën mbrojtëse ose shenjën tjetër, paraqitet si prodhues i prodhimit kozmetik, dhe
- përfaqësuesi i prodhuesit, nëse prodhuesi nuk ka seli në Republikën e Maqedonisë, ose importuesi i prodhimeve kozmetike, nëse prodhuesi nuk ka përfaqësues.

5."Qarkullim" është çdo procedurë pas përfundimit të prodhimit, që përfshin magazinimin, transportin, shitjen, përdorimin në sallone ondulimi, kozmetike dhe sallone të tjera për kurimin e trupit, shitjen e prodhimeve të gatshme, duke përfshirë edhe importin dhe eksportin e tyre, qëllimi i të cilit është furnizimi i konsumatorëve me prodhime kozmetike, pa ose me kompensim në para, përveç nëse është i dedikuar për qëllime shkencore.

6."Prodhim" është përgatitja, prodhimi dhe përpunimi plotësues, punimi, ripunimi, mbushja, derdhja dhe përzierja e prodhimeve kozmetike deri në gjysmëprodhime dhe prodhime të gatshme, me shfrytëzimin e proceseve kimike, fizike dhe biologjike gjatë procedurës. Si prodhim konsiderohen edhe paketimi, magazinimi te prodhuesi dhe transporti në objektin e prodhimit.

7."Praktikë e mirë prodhuese" është sistemi i procedurave të standardizuara lidhur me personelin, lokalin, pajisjen, dokumentacionin, prodhimin dhe kontrollin e kualitetit të prodhimeve kozmetike.

8."Praktikë e mirë laboratorike" është sistemi i kualitetit që ka të bëjë me procesin e organizimit dhe kushtet në të cilat studimet joklinike për sigurinë e shëndetit dhe mjedisit jetësor, planifikohen, realizohen, përcillen, regjistrohen, ruhen dhe shënohen.

9."Konservans" është substanca e cila i shtohet prodhimit kozmetik, qëllimi i të cilit është pengimi i rritjes së mikroorganizmave në prodhim.

10."Ngjyrë kozmetike" është substanca e cila i shtohet prodhimit kozmetik, me qëllim që të ngjyroset prodhimi dhe/ose një pjesë e trupit të njeriut.

11."Filtra ultra-vjollcë" janë substancat që i shtohen prodhimit kozmetik, që të filtrojnë rrezatime të caktuara ultra-vjollcë, me qëllim që të bëjnë mbrojtjen e lëkurës nga efektet e padëshiruara të këtyre rrezatimeve.

12."INCI" është shënimi ndërkombëtar për përbërësit kozmetikë.

13."Seri prodhuese" është sasia e definuar e lëndës së parë, ambalazhit ose të prodhimit të gatshëm, i prodhuar në kushte të njëjta, me metoda ose seri metodash që mundësojnë përfitimin e prodhimit të unifikuar.

14.“Numër prodhues serik” është kombinimi i caktuar i shenjave, të cilat në mënyrë specifike e shënojnë prodhimin.

15.“Afat i përdorimit” është data deri në të cilën prodhimi i mban cilësitë fillestare dhe është i sigurt për përdorim.

## II. SIGURIA E PRODHIMEVE KOZMETIKE

Neni 3

**(Prodhim kozmetik)**

Prodhim kozmetik sipas këtij ligji, është secila substancë ose prodhim i dedikuar që të përdoret në kontakt me pjesët e ndryshme të jashtme të trupit të njeriut (epidermën, sistemin e flokëve, thonjtë, buzët dhe organet e jashtme gjenitale, ose me dhëmbët dhe qiellzën e zgavrës së gojës), me qëllim që ose më shpesh t’i pastrojë, parfumojë, ndryshojë pamjen dhe/ose korrigjojë aromat e trupit dhe/ose t’i mbrojë ose mbajë në gjendje të mirë.

Ministri i Shëndetësisë miraton listën e prodhimeve që konsiderohen si prodhime kozmetike, në pajtim me paragrafin 1 të këtij neni.

Neni 4

**(Prodhim i sigurt kozmetik)**

Si prodhim i sigurt konsiderohet prodhimi, i cili:

- nuk shkakton dëm për shëndetin e njerëzve kur përdoret në kushte të rëndomta ose në kushte të cilat mund të parashihen, duke i pasur parasysh posaçërisht prezantimin e prodhimit, shënimin e tij, udhëzimin për përdorim dhe ruajtje, si dhe çfarëdo vërejtje tjetër dhe informatë të siguruar, nga ana e prodhuesit ose përfaqësuesi i tij i autorizuar,
- përmban substanca që nuk guxojnë të shfrytëzohen gjatë prodhimit të prodhimeve kozmetike, dhe
- nuk e ka të skaduar afatin e përdorimit.

Neni 5

**(Ndalime)**

Ndalohet vënia në qarkullim e prodhimit kozmetik te i cili formulimi final, ose përbërësit ose kombinimi i përbërësve, ka qenë lëndë e kryerjes së hulumtimeve me kafshë edhe krahas ekzistimit të metodave valide alternative.

Ndalohet që prodhimi kozmetik të përmbajë:

- substanca nga Lista e substancave që nuk guxojnë të përdoren në prodhimet kozmetike;
- substanca nga Lista e substancave që janë klasifikuar si karcinogjene ose toksike për riprodhim, të miratuar në pajtim me dispozitat për substancat e rrezikshme (kemikalet), dhe
- substancat nga listat nga neni 8 paragrafi 2, 3 dhe 4 të këtij ligji, jashtë kornizave dhe kufijve të përcaktuar.

Prania e gjurmëve nga substancat që nuk guxojnë të përdoren në prodhimet kozmetike, mund të lejohet me kusht që prania e tyre teknikisht të mos mund të evitohet gjatë praktikës së mirë prodhuese, si dhe nëse ato i plotësojnë kushtet nga neni 4 paragrafi 1 alineja 1 e këtij ligji.

Ministri i Shëndetësisë e miraton listën nga paragrafi 2 alineja 1 e këtij neni.

Neni 6

**(Përgjegjësi për sigurinë e produktit kozmetik)**

Për sigurinë e produktit kozmetik përgjegjës është prodhuesi i cili e lëshon produktin në qarkullim.

Për ruajtjen e sigurisë së produktit në raport me mënyrën e ruajtjes dhe afatit të qëndrueshmërisë, përgjegjës është personi fizik ose juridik i cili bën qarkullim me produktin.

## III. PRODHIMTARIA E PRODUKTEVE KOZMETIKE

Neni 7

**(Praktika e mirë e prodhimit)**

Prodhuesi i produkteve kozmetike është i detyruar që prodhimtarinë ta bëjë në pajtim me Praktikën e mirë prodhuese.

Ministri i Shëndetësisë e përcakton Praktikën e mirë prodhuese.

Neni 8

**(Substancat e lejuara në prodhimtari)**

Gjatë prodhimit të produkteve kozmetike, prodhuesi është i detyruar që të përdorë vetëm substanca nga Lista e substancave të cilat shfrytëzohen gjatë prodhimit të produkteve kozmetike.

Përdorimi i mjeteve për ngjyrosje lejohet në suazat dhe në kufijtë e përcaktuar në Listën e ngjyrave që mund të përdoren në lloje të caktuara të produkteve të kozmetikës, me përjashtim të produkteve kozmetike të cilat përmbajnë ngjyra të dedikuara kryesisht për ngjyrosjen e flokëve.

Përdorimi i konzervanseve lejohet në suazat dhe në kufijtë e përcaktuar në Listën e konzervanseve që mund të përdoren në lloje të caktuara të produkteve kozmetike.

Përdorimi i filtrave UV lejohet në suazat dhe në kufijtë e përcaktuar në Listën e UV filtrave që mund të përdoren në lloje të caktuara të produkteve kozmetike.

Ministria e Shëndetësisë i përcakton listat nga paragrafi 1, 2, 3, dhe 4 të këtij neni.

Neni 9

**(Vlerësimi i sigurisë së produktit kozmetik)**

Prodhuesi është i detyruar të përgatitë vlerësimin e sigurisë së produktit kozmetik për shëndetin e njeriut që duhet të përgatitet në bazë të rezultateve nga studimet e kryera, me ç’rast nevojitet të ruhen të dhënat toksikologjike për çdo përbërjes të përdorur, strukturës së saj kimike dhe nivelin e ekspozimit.

Kontrollet e produktit kozmetik, në bazë të të cilave jepet vlerësimi për sigurinë e shëndetit të njeriut, bëhen në pajtueshmëri me Përvojën e mirë laboratorike, si dhe me dispozitat nga fusha e mbrojtjes së mjedisit jetësor.

Neni 10

**(Personi përgjegjës për dhënien e vlerësimit të sigurisë)**

Për dhënien e vlerësimit të sigurisë së produktit kozmetik, prodhuesi është i detyruar të përcaktojë person përgjegjës me arsim sipëror nga fusha e farmacisë, kimisë, mikrobiologjisë, biologjisë, toksikologjisë respektivisht medicinës.

Neni 11

**(Evidencat e prodhuesit)**

Prodhuesi që i vë produktet kozmetike në qarkullim, është i detyruar të mbajë evidencë dhe të posedojë të dhëna për:

1. përbërjen kualitative dhe kuantitative të produktit kozmetik, kurse në rast të aromave dhe parfumeve, emrin dhe numrin e kodit të përbërjes, si dhe emrin e furnizuesit nga i cili janë furnizuar,
2. analizat fiziko-kimike dhe mikrobiologjike të lëndëve të para të përdorura në produktin kozmetik, si dhe të dhënat për pastërtinë dhe standardet mikrobiologjike,
3. deklaratën e shkruar të prodhuesit si dëshmi se mënyra e prodhimit është në pajtim me Praktikën e mirë prodhuese,
4. vlerësimin e sigurisë së shëndetit të njeriut të produktit kozmetik,
5. emrin dhe adresën e personit të kualifikuar ose personave përgjegjës për përpunimin e vlerësimit për sigurinë e produktit kozmetik,
6. të dhënat ekzistuese për ndikimet e padëshiruara te njerëzit që janë paraqitur si rezultat i përdorimit të produktit kozmetik,

7. dëshminë për efikasitetin e proklamuar të produktit kozmetik, nëse ajo është e arsyeshme duke marrë parasysh natyrën e efektit ose produktit,

8. referencat nga literatura, si dhe rezultatet nga ndikimi i produktit kozmetik të cilat i ka siguruar prodhuesi, dhe

9. të dhënat për testimet e bëra te kafshët.

Prodhuesi është i detyruar që të dhënat nga paragrafi (1) pikat 1 dhe 7 të këtij neni t'ia japë në shikim Inspektorit shtetëror sanitar dhe shëndetësor për shkak të kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese në afat prej tri ditësh pas dërgimit të kërkesës.

Neni 12

Para vënies së parë në qarkullim të produktit kozmetik, prodhuesi, ose përfaqësuesi i tij, ose personi me kërkesë të të cilit produkti është prodhuar, ose importuesi i produktit kozmetik, është i detyruar ta paraqesë te Inspektorati shtetëror sanitar dhe shëndetësor vendin ose vendet e prodhimit, respektivisht gjatë importit, emrin e shtetit eksportues ose shtetit prej të cilit produkti vjen, si dhe vendin e hyrjes së parë në territorin e Republikës së Maqedonisë.

## IV. QARKULLIMI ME PRODUKTET KOZMETIKE

Neni 13

**(Siguria e produkteve kozmetike në qarkullim)**

Në qarkullim mund të vihen vetëm produkte kozmetike të cilat plotësisht i plotësojnë kushtet në raport me sigurinë e tyre të përcaktuar me këtë ligj.

Neni 14

**(Shënimi i produkteve kozmetike)**

Produktet kozmetike mund të vihen në qarkullim vetëm nëse në ambalazh janë shënuar të dhënat si vijon:

1. emri tregtar i produktit,
2. lloji i produktit,
3. emri dhe adresa e selisë së prodhuesit ose personit juridik që është i autorizuar për vënie në qarkullim të produktit kozmetik,
4. sasia e produktit kozmetik në paketim në momentin e mbushjes, e shprehur në peshë ose në vëllim, me përjashtim të paketimit që përmbajnë më pak se 5 g. ose 5 ml. kampionet falas ose paketimet për një përdorim. Në paketimet të cilat zakonisht shiten në copë dhe për të cilat këto të dhëna nuk janë të rëndësishme, shënohet numri i copëve nga një në paketim,
5. afati minimal i qëndrueshmërisë,
6. numri serik i produktit ose referenca e cila shërben për identifikimin e produktit,
7. funksioni i produktit, nëse ajo nuk është qartë e dukshme nëpërmjet dukjes së produktit, dhe
8. përmbajtja e produktit kozmetik (me emrat INCI të përbërësve).

Të gjitha shenjat dhe udhëzimet për përdorim detyrimisht duhet të jenë edhe në gjuhën maqedonase dhe alfabetin e saj cirilik, të dukshme dhe të lexueshme mirë, pa mos mundur të fshihen.

Përmbajtjen e të dhënave dhe mënyrën e shënimit të produkteve kozmetike i përcakton Ministria e Shëndetësisë.

Neni 15

**(Reklamimi)**

Reklamimi i prodhimeve kozmetike nuk guxon t'i vë në huti konsumatorët në lidhje me dedikimin e parashikuar.

Gjatë reklamimit nuk guxon të deklarohen efekte të përmirësimit të shëndetit te njerëzit me përdorimin e prodhimit.

Neni 16

**(Siguria e prodhimeve të kozmetikës nga importi)**

Prodhimet e kozmetikës të cilat importohen duhet t'i plotësojnë kushtet lidhur me sigurinë të cilat janë përcaktuar me këtë ligj.

Neni 17

**(Kontrollimi i dërgesës nga importi)**

Personi juridik i cili kryen import gjatë paraqitjes së deklaratës doganore për import të prodhimeve kozmetike paraqet kërkesë për kontroll të dërgesës për përcaktimin e sigurisë nga Inspektorati shtetëror sanitar dhe shëndetësor.

Në Republikën e Maqedonisë zbatohen listat për harmonizim, si dhe shenjat për harmonizim në pajtim me marrëveshjet e ratifikuara ndërkombëtare.

Për shkak të shëndetit të popullatës, Inspektorati shtetëror sanitar dhe shëndetësor gjatë kontrollit të dërgesës mund të caktojë kryerjen e analizës laboratorike të prodhimeve kozmetike.

Neni 18

**(Zona doganore dhe magazina doganore)**

Dispozitat nga ky ligj zbatohen edhe për prodhime kozmetike të cilat janë në zona doganore dhe magazina doganore.

## V. EKZAMINIMI I SIGURISË SË PRODHIMEVE KOZMETIKE

Neni 19

**(Laboratorë të autorizuar)**

Ekzaminimin e sigurisë të prodhimeve kozmetike i kryejnë laboratorë të akredituar në pajtim me dispozitat për akreditim.

Neni 20

**(Praktikë e mirë laboratorike)**

Ekzaminimin e sigurisë të prodhimit kozmetik realizohen në pajtim me Praktikën e mirë laboratorike, metodat për analizë e domosdoshme për kontroll të përbërjes së prodhimit kozmetik, si dhe kriteret për pastërti mikrobiologjike dhe kimike të prodhimeve kozmetike dhe metodat për kontroll të atyre kritereve.

Ministri i Shëndetësisë i përcakton Praktikën e mirë laboratorike, metodat për analizë të domosdoshme për kontroll të përbërjes të prodhimit kozmetik, si dhe kriteret për pastërti mikrobiologjike dhe kimike të prodhimeve kozmetike dhe metodat për kontroll të atyre kritereve.

## VI. MBIKËQYRJA

Neni 21

**(Mbikëqyrje)**

Mbikëqyrjen ndaj zbatimit të këtij ligji e bën Ministria e Shëndetësisë.

Mbikëqyrje inspektuese mbi zbatimin e këtij ligji e kryen Inspektorati shtetëror sanitar dhe shëndetësor.

Neni 22

**(Analiza e mostrave)**

Në realizimin e mbikëqyrjes inspektuese në prodhimtari dhe qarkullim, inspektori sanitar dhe shëndetësor shtetëror (teksti në vijim: inspektor) merr mostra nga prodhimi i gatshëm kozmetik, ambalazhi dhe përbërjet e prodhimit kozmetik pa kompensim të vlerës së tyre.

Analizat e mostrave të marra në kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese kryhen në laboratori të akredituara nga neni 19 i këtij ligj.

Shpenzimet për analizë të mostrave i bart prodhuesi, përfaqësuesi i tij, gjegjësisht importuesi në pajtim me shpenzimet reale për kryerjen e analizave.

Neni 23

**(Autorizimet e inspektorëve shëndetësorë)**

Gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese inspektori ka autorizim që:

- të japë urdhër që të mënjanon mangësitë e përcaktuara në prodhimtarinë ose qarkullimin në afatin të cilin e kanë përcaktuar,
- të kërkojnë të dhëna për prodhimin kozmetik,
- të kryejnë mbikëqyrje mbi zbatimet e praktikës së mirë prodhuese,

- të japin urdhër që prodhimin kozmetik të shënohen shenjat e domosdoshme për kujdes në lidhje me rreziqet që do të paraqiten si rrezik për shëndetin e konsumatorëve,

- të ndalojë reklamim jo adekuat të prodhimit kozmetik,

- të urdhërojnë heqjen dhe asgjësimin e materialit reklamues joadekuat në llogari të prodhuesit,

- të ndalojë qarkullim dhe të hiqen prej qarkullimit prodhimet për të cilat nuk është përpunuar vlerësimi për siguri, nuk janë shënuar sipas rregullit, të cilave ka skaduar afati i përdorimit ose të cilat janë treguar si të dëmshme për shëndetin e njeriut,

- të urdhërojnë asgjësimin e prodhimeve kozmetike në qoftë se kjo është e nevojshme për shkak ruajtjes së shëndetit të njeriut.

Neni 24

**(Këmbimi ndërkombëtar të informatave)**

Inspektorati shtetëror sanitar dhe shëndetësor këmben informata për prodhimet kozmetike me organe tjera kompetente në pajtim me marrëveshjet e ratifikuara ndërkombëtare që kanë të bëjnë me sistemet për njoftim ndërkombëtar.

Në bazë të informatës për paraqitje të prodhimit kozmetik jo të sigurt të fituar në suaza të sistemit për këmbimin e informatave në nivel ndërkombëtar, inspektori do ta ndalojë qarkullimin e prodhimit të tillë.

Nëse dëshmohet se prodhim i caktuar kozmetik, edhe krahas asaj se i kënaq kërkesat e këtij ligji, paraqet rrezik për shëndetin e njerëzve, inspektori jep ndalesë për qarkullim të prodhimit kozmetik në territorin e Republikës së Maqedonisë ose lejon qarkullim nën kushte të përcaktuara.

## VII. SANKSIONE KUNDËRVAJTËSE

Neni 25

Gjobë në shumë prej 2.500 euro deri në 5.000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:

- prodhon dhe lëshon në qarkullim prodhime kozmetike në kundërshtim me nenin 4 të këtij ligji,

- lëshon në qarkullim prodhime kozmetike te të cilat formulimi final, apo përbërësit ose kombinimi i përbërësve ka qenë lëndë për kryerjen e analizave të kafshëve edhe përkundër ekzistimit të metodave valide alternative (neni 5, paragrafi 1)

- prodhon dhe lëshon në qarkullim prodhim kozmetik i cili përmban substanca nga Lista e substancave nga neni 5, paragrafi 2 i këtij ligji,

- lëshon në qarkullim prodhim jo të sigurt kozmetik (neni 6 paragrafi 1),

- nuk e ruan prodhimin kozmetik në mënyrën dhe në afatin e qëndrueshmërisë për ta mirëmbajtur sigurinë e prodhimit (neni 6 paragrafi 2),

- prodhon prodhime kozmetike në kundërshtim me Praktikën e mirë prodhuese (neni 7, paragrafi 1),

- përdor në prodhimtari të prodhimeve kozmetike mjete për ngjyrosje jashtë kornizave dhe kufijve të lejuar të përcaktuar në Listën e ngjyrave që mund të përdoren në lloje të caktuara të prodhimeve kozmetike, përveç prodhimeve kozmetike të cilat përmbajnë ngjyra të dedikuara veçanërisht për ngjyrosjen e flokëve (neni 8, paragrafi 2),

- përdor në prodhimin e prodhimeve kozmetike konservansë jashtë kornizave dhe kufijve të lejuar dhe të përcaktuar në Listën për konservansë që mundet të përdoren në lloje të caktuara të prodhimeve kozmetike (neni 8, paragrafi 3),

- përdor në prodhimin e prodhimeve kozmetike filterë UV jashtë kornizave dhe kufijve të lejuar, të caktuar në Listën për filterë UV që mundet të përdoren në lloje të caktuara të prodhimeve kozmetike (neni 8, paragrafi 4),

- nuk përgatit vlerësim për sigurinë e prodhimit kozmetik për shëndetin e njeriut i cili duhet të përpilohet në bazë të rezultateve nga analizat e kryera, me çka është e nevojshme të respektohen të dhënat toksikologjike për çdo përbërës të përdorur, strukturën e tij kimike dhe nivelin e ekspozimit (neni 9, paragrafi 1),

- nuk cakton person përgjegjës në pajtim me nenin 10 të këtij ligji,

- nuk mban evidencë, nuk i posedon dhe nuk i jep në inspektim të dhënat në pajtim me nenin 11 të këtij ligji,

- nuk e lajmëron vendin apo vendet e prodhimit, përkatësisht gjatë importit, emrin e shtetit eksportues ose të shtetit prej nga prodhimi e ka origjinën, si dhe vendin e hyrjes së parë në territorin e Republikës së Maqedonisë para lëshimit të parë në qarkullim (neni 12),

- lëshonnë qarkullim prodhime kozmetike të cilat në tërësi nuk i plotësojnë kushtet në lidhje me sigurinë e tyre të përcaktuar me këtë ligj (neni 13),

- lëshon në qarkullim prodhime kozmetike të cilat në ambalazh nuk janë të paraqitura të dhënat në pajtim me nenin 14 të këtij ligji,

- reklamon prodhime kozmetike në mënyrë në të cilën do t'i sjellë në lajthitje konsumatoret në raport me qëllimin e tyre, ose gjatë reklamimit deklaron efekte të përmirësimit të shëndetit te njerëzit me përdorimin e prodhimit (neni 15),

- prodhimet kozmetike të cilat importohen nuk i plotësojnë kushtet sa i përket sigurisë të cilat janë të përcaktuara me këtë ligj (neni 16),

- nuk dorëzon kërkesë për kontroll të dërgesës gjatë importit në pajtim me nenin 17, paragrafin 1 të këtij ligji,

- nuk kryen ekzaminime për sigurinë e prodhimit kozmetik në pajtim me Praktikën e mirë laboratorike, metodat për analizë të nevojshme për kontrollimin e përbërësit të prodhimit kozmetik, si dhe kriteret për pastërtinë mikrobiologjike dhe kimike të prodhimeve kozmetike dhe metodat për kontrollin e këtyre kritereve. (neni 20).

Për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni gjobë në shumë prej 1.500 deri në 2.000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet personit fizik i cili e ka kryer kundërvajtjen.

Për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni gjobë me shumë prej 600 deri në 1.000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet edhe personit përgjegjës në personin juridik.

Për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni gjobë me shumë prej 600 deri në 1.000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet punëtorit në personin juridik i cili e ka kryer kundërvajtjen.

## VIII. DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 26

Ministri i Shëndetësisë do t'i nxjerrë dispozitat të cilat dalin nga ky ligj në afat prej 6 muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 27

Personat fizikë dhe juridikë të cilat kryejnë prodhim dhe qarkullim me prodhime kozmetike janë të detyruar ta përshtatin punën e tyre me dispozitat e këtij ligji në afat prej dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 28

Laboratorët që kryejnë ekzaminime për sigurinë shëndetësore të prodhimeve kozmetike janë të detyruar ta përshtatin punën e tyre me dispozitat e këtij ligji në afat prej dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 29

Prodhimet kozmetike që gjenden në qarkullim nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, mbeten në qarkullim 48 muaj pas ditës së hyrjes në fuqi i këtij ligji.

Neni 30

Procedurat e filluara në prodhimtari dhe në qarkullim me prodhime kozmetike do të kryhen në bazë të dispozitave të nxjerra para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 31

Ministria e Shëndetësisë në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të autorizojë laboratorë për kryerjen e ekzaminimeve të sigurisë shëndetësore të prodhimeve kozmetike.

Autorizimi nga paragrafi 1 i këtij neni do të ketë vlefshmëri deri në akreditimin e laboratorëve në bazë të dispozitave për akreditim.

Deri në autorizimin e laboratorëve nga paragrafi 1 i këtij neni, kontrollin vazhdojnë ta kryejnë laboratorët që deri atëherë kanë kryer analizë laboratorike të prodhimeve kozmetike.

Neni 32

Prodhuesit janë të obliguar ta aplikojnë Praktikën e mirë prodhuese në afat prej dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Deri në aplikimin e Praktikës së mirë prodhuese, prodhuesit janë të obliguar t'i aplikojnë dispozitat ekzistuese për prodhim të prodhimeve kozmetike që kanë të bëjnë me kuadrin, hapësirën, pajisjet, dokumentacionin, prodhimin dhe kontrollin e kualitetit.

Neni 33

Prodhuesit janë të detyruar ta aplikojnë Praktikën e mirë prodhuese në afat prej dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Deri në aplikimin e Praktikës së mirë laboratorike, prodhuesit janë të obliguar t'i aplikojnë dispozitat ekzistuese për analiza laboratorike të prodhimeve kozmetike, e që kanë të bëjnë me kuadrin, hapësirën, pajisjet, dokumentacionin dhe kontrollin e kualitetit.

Neni 34

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji mbeten të aplikohen dispozitat nga Ligji për rregullshmëri shëndetësore të ushqimit të kafshëve dhe të produkteve për përdorim të përgjithshëm ("Fleta zyrtare e RSFJ-së" nr. 53/91 dhe "Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 15/95) që kanë të bëjnë me mjetet për mirëmbajtjen e higjienës së përgjithshme, për kujdesin dhe zbukurimin e fytyrës dhe të trupit dhe ambalazhin për ato mjete.

Neni 35

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**734.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2007 година.

Бр. 07-1850/1
24 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 16/2004), во членот 40 датата "31 декември 2004 година" се заменуваат со датата "31 декември 2005 година".

Член 2

Во членот 42 датата "1 јануари 2005" се заменува со датата "1 јануари 2007".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR EVIDENCËN AMË PËR TË SIGURUARIT DHE SHFRYTËZUESIT E TË DREJTAVE PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për evidencën amë për të siguruarit dhe shfrytëzuesit e të drejtave për sigurim pensional dhe invalidor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 16/2004), në nenin 40 fjalët: "31 dhjetor 2004" zëvendësohet me fjalët: "31 dhjetor 2005".

Neni 2

Në nenin 42 fjalët: "1 janar 2005", zëvendësohen me fjalët: "1 janar 2007".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**735.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 април 2007 година.

Бр. 07-1906/1
27 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Член 1

Во Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2005 и 14/2007), во членот 45 ставот (4) се менува и гласи:

"Референтните понуди од ставовите (2) и (3) на овој член ги одобрува Агенцијата во рок од 30 дена од денот на нивното доставување до Агенцијата, а операторот е должен да ги објави референтните понуди во рок од пет дена од денот на добивањето на одобрените од Агенцијата на својата веб страница и е должен истата да ја применува првиот ден од наредниот месец. Агенцијата одобрените референтни понуди ги објавува во "Службен весник на Република Македонија" во рок од три дена од одобрувањето."

Член 2

Во членот 66 ставот (7) се менува и гласи:

"Комисијата на Агенцијата, во согласност со Извештајот на Комисијата од членот 62 став (1) на овој закон ќе донесе Одлука за избор на најповолен понудувач и истовремено ќе ја информира јавноста за нејзината одлука. Директорот на Агенцијата во согласност со Одлуката за избор на најповолен понудувач ќе издаде едно или повеќе одобренија за користење на радиофреквенции не подоцна од 60 дена од истекот на временскиот рок за доставување на понуди. Одлуката на Комисијата на Агенцијата е конечна, а незадоволните страни имаат право на судска заштита."

Член 3

Насловот "Казнени одредби" се менува и гласи: "Казнени и прекршочни одредби", се додава нов наслов "Кривично дело" и по членот 137 се додава нов член 137-а, кој гласи:

"Член 137-а

(1) Одговорното лице на операторот со значителна пазарна моќ на релевантен пазар ако во рокот утврден во членот 45 став (4) на овој закон не ја објави референтната понуда за интерконекција и пристап и референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка на својата веб страница и истите не ги применува на начин утврден со овој закон, со што ја спречува конкурентноста на пазарот и со тоа за себе и за операторот стекнува имотна корист, ќе се казни за кривично дело со казна затвор од една до пет години.

(2) Покрај казната затвор од ставот (1) на овој член на одговорното лице за истото дело му се изрекува и привремена забрана за вршење одделна професија, дејност или должност во траење од една до три години. "

Член 4

Во членот 138 став (1) во воведната реченица зборовите: "Со парична казна во висина" се заменуваат со зборовите:"Глоба во износ" а зборовите: "ќе се казни за прекршок правно лице" се заменуваат со зборовите:"ќе му се изрече за прекршок на правно лице".

Во точката 5 по бројот "45" се додаваат зборовите:"ставови (1) и (2)".

По точката 5 се додаваат две нови точки 6 и 7, кои гласат:

"6) не ги објави референтните понуди од членот 45 ставови (2) и (3) на овој закон во рок од пет дена од денот на добивањето на одобрението од Агенцијата на својата веб страница и не ги применува првиот ден од наредниот месец (член 45 став (4)),

7) не постапи по барањето од Агенцијата за измени на одобрените референтни понуди од членот 45 ставови (2) и (3) на овој закон (член 45 став (7))".

Точките 6, 7, 8 , 9 , 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 и 21 стануваат точки 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23.

Ставот (2) се менува и гласи:

"За прекршок од ставот (1) на овој член, освен за точката 6 глоба во износ од 6.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и на трговец поединец."

Член 5

Во членот 139 став (1) во воведната реченица зборовите: "Со парична казна во висина" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ", а зборовите: "ќе се казни за прекршок правно лице" се заменуваат со зборовите: "ќе му се изрече за прекршок на правно лице".

Ставот (2) се менува и гласи:

"За прекршок од ставот (1) на овој член глоба во износ од 1.500 до 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и на трговец поединец."

Член 6

Во членот 140 став (1) во воведната реченица зборовите: "Со парична казна во висина" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ", а зборовите: "ќе се казни за прекршок правно лице" се заменуваат со зборовите: "ќе му се изрече за прекршок на правно лице".

Ставот (2) се менува и гласи:

"За прекршок од ставот (1) на овој член глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и на трговец поединец."

Член 7

Во членот 141 став (1) во воведната реченица зборовите: "Со парична казна во висина" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ", а зборовите:"ќе се казни за прекршок правно лице" се заменуваат со зборовите: "ќе му се изрече за прекршок на правно лице".

Ставот (2) се менува и гласи:

"За прекршок од ставот (1) на овој член глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и на трговец поединец."

Член 8

Во членот 142 ставот (1) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:".

Член 9

Насловот пред членот 143 "Мерки за безбедност" се менува и гласи: "Прекршочни санкции".

Член 10

Во членот 143 ставови (1) , (2) и (3) по бројот "140" се става запирка сврзникот "и" се брише, а по бројот "141" се додаваат зборовите: "и 142".

Во ставовите (1), (2), (3) и (4) зборовите:"паричната казна" се заменуваат со зборот "глобата", а зборовите:"мерка на безбедност" се заменуваат со зборовите:"прекршочна санкција".

Член 11

По членот 143 се додава нов член 143-а, кој гласи:

"Член 143-а

(1) За прекршоците од членовите 139, 140, 141 и 142 на овој закон инспекторот за електронски комуникации на сторителот на прекршокот може да му предложи посредување и постигнување на согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки и да ги отстрани последиците од прекршокот.

(2) Инспекторот од ставот (1) на овој член составува записник за прекршокот во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кои се потпишува и сторителот на прекршокот.

(3) Постапката за посредување се покренува со доставување на записникот од ставот (2) на овој член до Комисијата за посредување, кој инспекторот е должен да го достави во рок од три дена од денот на составувањето и потпишувањето.

(4) Постапката за посредување се води пред Комисија за посредување формирана од директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

(5) Комисијата е составена од три члена од кои еден ја врши функцијата на претседател. Членовите на Комисијата се избираат од редот на вработните во Агенцијата, од кои еден е дипломиран правник.

(6) Претседателот на Комисијата е должен постапката да ја започне во рок од 24 часа од денот на доставувањето на записникот.

(7) Комисијата работи на седница на која задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот и инспекторот за електронски комуникации.

(8) За постигнатата согласност во постапката за посредување се склучува спогодба со сторителот на прекршокот.

(9) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:

- висината и начинот на плаќање на глобата,
- висината и начинот на плаќање на другите давачки и трошоци и
- мерките кои треба да ги преземе сторителот за отстранување на последиците од прекршокот.

(10) Во случаите во кои е постигната согласност во постапката за посредување, глобата за сторителот за сторениот прекршок може да му биде намалена за најмалку една половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.

(11) Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесува деловник и трошковник за работа на Комисијата.

(12) Членовите на Комисијата за посредување за својата работа имаат право на награда која треба да биде разумна и соодветна на значењето, обемот и сложеноста на прекршоците.

(13) Висината и видот на трошоците утврдени во трошковникот од ставот (11) на овој член се определуваат во зависност од реалните трошоци што ги има органот потребни за обезбедување на работата на Комисијата за посредување.

(14) Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

(15) Спогодбата од ставот (8) на овој член има сила на извршна исправа.

(16) Ако постапката за посредување не успее, се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд."

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIM DHE PLOTËSIM TË LIGJIT PËR KOMUNIKIME ELEKTRONIKE

Neni 1

Në Ligjin për komunikime elektronike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 13/2005 dhe 14/2007), në nenin 45, paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

"(4) Ofertat referente nga paragrafët (2) dhe (3) të këtij neni i lejon Agjencia në afat prej 30 ditësh nga dita e dorëzimit të tyre në Agjenci, ndërsa operatori është i detyruar t'i shpall ofertat referente në afat prej pesë ditësh nga dita e marrjes së lejes nga Agjencia, në VEB faqen e vet dhe është i detyruar të njëjtën ta zbatojë ditën e parë të muajit pasardhës.

Agjencia ofertat referente të lejuara i boton në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë" në afat prej tri ditësh nga lejimi".

Neni 2

Në nenin 66, paragrafi (7) ndryshohet si vijon:

"Komisioni i Agjencisë, në pajtim me Raportin e Komisionit nga neni 62 paragrafi 1 i këtij ligji do të marrë Vendim për zgjedhjen e ofertuesit më të volitshëm dhe njëkohësisht do ta njoftojë opinionin për vendimin e tyre.

Drejtori i Agjencisë në pajtim me Vendimin për zgjedhje të ofertuesit më të volitshëm do t'i japë një ose më shumë leje për shfrytëzimin e radio frekuencave jo më vonë se 60 ditë nga skadimi i afatit kohor për dorëzimin e ofertave. Vendimi i Komisionit të Agjencisë është përfundimtar, ndërsa palët e pakënaqura kanë të drejtë në mbrojtje gjyqësore."

Neni 3

Titulli "Dispozita ndëshkimore" ndryshohet si vijon:

"Dispozita ndëshkimore dhe për kundërvajtje", shtohet titull i ri "Vepër penale" dhe pas nenit 137 shtohet nen i ri 137-a, si vijon:

"Neni 137-a

(1) Personi përgjegjës i operatorit me fuqi të konsiderueshme tregu, në tregun relevant nëse në afatin e përcaktuar në nenin 45 paragrafin (4) të këtij ligji nuk e shpall ofertën referente për interkoneksion dhe qasje, dhe ofertën referente për qasje të drejtpërdrejt në nyjën lokale në VEB faqen e vet dhe të njëjtat nuk i zbatojnë në mënyrë të përcaktuar me ketë ligj, me çka e ndalon konkurrencën në treg dhe me atë për vete dhe për operatorin përfiton dobi pronësore, do të dënohet për vepër penale dënim me burg prej 1 deri në 5 vjet.

(2) Përveç dënimit me burg nga paragrafi (1) i këtij neni personit përgjegjës për të njëjtën vepër i kumtohet edhe ndalim i përkohshëm i ushtrimit të profesionit të caktuar, i veprimtarisë ose detyrës në kohëzgjatje prej 1 deri në tre vjet."

Neni 4

Në nenin 138 paragrafi (1), fjalët në fjalinë hyrëse "Me dënim në para në shumë" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë", ndërsa fjalët: "do të dënohet për kundërvajtje person juridik" zëvendësohen me fjalët: "do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik".

Në pikën 5) pas numrit "45", shtohen fjalët: "paragrafët (1) dhe (2)".

Pas pikës 5) shtohen dy pikë të reja 6 dhe 7 si vijojnë:

"6 nuk i shpall ofertat referente nga paragrafët (2) dhe (3) në nenin 45 të këtij ligji në afat prej 5 ditësh nga dita e marrjes së lejes nga Agjencia në VEB faqen e vet dhe nuk i zbaton ditën e parë nga muaji pasardhës neni 45 paragrafi (4)",

"7 nuk vepron ndaj kërkesës nga Agjencia për ndryshimin e ofertave të lejuara referente nga paragrafët (2) dhe (3) të nenit 45 të këtij ligji (neni 45 paragrafi 7)".

Pikat 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 dhe 21 bëhen pika 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 dhe 23.

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"(2) Për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni, përveç për pikën 6, gjobë në shumë prej 6.000 deri në 10.000 euro, me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet edhe personit përgjegjës në personin juridik dhe tregtarit individ."

Neni 5

Në nenin 139 paragrafi (1) fjalët në fjalinë hyrëse "Me dënim me para në shumë" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë" ndërsa fjalët: "do të dënohet për kundërvajtje person juridik", zëvendësohen me fjalët: "do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik".

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"(2) Për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni, gjobë në shumë prej 1.500 deri në 8.000 euro, me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet edhe personit përgjegjës në personin juridik dhe tregtarit individ."

Neni 6

Në nenin 140 paragrafi (1) fjalët në fjalinë hyrëse "Me dënim me para në shumë" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë", ndërsa fjalët: "do të dënohet për kundërvajtje person juridik" zëvendësohen me fjalët: "do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik".

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"(2) Për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni, gjobë në shumë prej 1.500 deri në 5.000 euro, me kundërvlerë në denarë ,do t'i kumtohet edhe personit përgjegjës në personin juridik dhe tregtarit individ".

Neni 7

Në nenin 141 paragrafi (1) fjalët në fjalinë hyrëse "Me dënim me para në shumë" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë", ndërsa fjalët: "do të dënohet për kundërvajtje personi juridik", zëvendësohen me fjalët: "do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik".

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"(2) Për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni, gjobë në shumë prej 1.500 deri në 5.000 euro, me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet edhe personit përgjegjës në personin juridik dhe tregtarit individ".

Neni 8

Në nenin 142, paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"(1) Gjobë në shumë prej 1.500 deri në 3.000 euro, me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje edhe personit fizik nëse".

Neni 9

Titulli para nenit 143 “Masat e sigurisë" ndryshohet si vijon: “Sanksione për kundërvajtje".

Neni 10

Në nenin 143 paragrafin (1), (2) dhe (3) pas numrit "140" vihet presje, lidhëza "dhe" shlyhet, ndërsa pas numrit "141" shtohen fjalët: "dhe 142".

Në paragrafët (1), (2), (3) dhe (4) fjalët: "dënim me para" zëvendësohen me fjalën "gjobë", ndërsa fjalët: "masa e sigurisë" me fjalët: "sanksion kundërvajtës".

Neni 11

Pas nenit 143 shtohet nen i ri 143-a si vijon:

"Neni 143-a

(1) Për kundërvajtjet nga nenet 139, 140, 141 dhe 142 të këtij ligji inspektori i komunikimeve elektronike kryerësit të kundërvajtjes mund t'i propozojë ndërmjetësim dhe arritjen e pajtueshmërisë me të cilën kryerësi i kundërvajtjes duhet ta paguajë gjobën, detyrimet tjera dhe t’i mënjanojë pasojat nga kundërvajtja.

(2) Inspektori nga paragrafi (1) i këtij neni përpilon procesverbal për kundërvajtjen në të cilën konstatohet pajtueshmëria e të dy palëve për ngritjen e procedurës për ndërmjetësim në të cilën nënshkruhet dhe kryerësi i kundërvajtjes.

(3) Procedura për ndërmjetësim ngrihet me dorëzimin e procesverbalit nga paragrafi (2) i këtij neni në Komisionin për ndërmjetësim, të cilin inspektori është i detyruar ta dorëzoj në afat prej tri ditësh nga dita e përpilimit dhe nënshkrimit.

(4) Procedura për ndërmjetësim mbahet para Komisionit për ndërmjetësim, i formuar nga Drejtori i Agjencisë për komunikime elektronike.

(5) Komisioni përbëhet prej tre anëtarësh nga të cilët njëri e ushtron funksionin kryetar. Anëtarët e Komisionit zgjidhen nga radha e të punësuarve në Agjenci, nga të cilët njeri është jurist i diplomuar.

(6) Kryetari i Komisionit është i detyruar procedurën ta fillojë në afat prej 24 orësh nga dita e dorëzimit të procesverbalit.

(7) Komisioni punon në seancë në të cilën detyrimisht marrin pjesë përfaqësues të kryerësit të kundërvajtjes dhe inspektori i komunikimeve elektronike.

(8) Për pajtueshmërinë e arritur në procedurën për ndërmjetësim lidhet marrëveshje me kryerësin e kundërvajtjes.

(9) Në marrëveshjen përcaktohen detyrimet e kryerësit të kundërvajtjes, e veçanërisht:

- shuma dhe mënyra e pagimit të gjobës;
- shuma dhe mënyra e pagimit të detyrimeve dhe shpenzimeve të tjera;
- masat të cilat duhet t'i ndërmerr kryerësi për mënjanimin e pasojave nga kundërvajtja.

(10) Në rastet në të cilat është arritur pajtueshmëri në procedurën për ndërmjetësim, gjoba për kryerësin për kundërvajtjen e kryer mund t'i zvogëlohet për së paku gjysmën nga gjoba e përcaktuar maksimale për kundërvajtje.

(11) Drejtori i Agjencisë për komunikime elektronike nxjerr rregulloren dhe listën e shpenzimeve për punën e Komisionit.

(12) Anëtarët e Komisionit për ndërmjetësim, për punën e tyre, kanë të drejtë në shpërblim i cili duhet të jetë i arsyeshëm dhe përkatës me rëndësinë, vëllimin dhe ndërlikueshmërinë e kundërvajtjeve.

(13) Lartësia dhe lloji i shpenzimeve të përcaktuara në listën e shpenzimeve nga paragrafi (11) i këtij neni, përcaktohen në varshmëri me shpenzimet reale që i ka organi, të nevojshme për sigurimin e punës së Komisionit për ndërmjetësim.

(14) Komisioni për ndërmjetësim është i detyruar të mbajë evidencë për procedurat e ngritura për ndërmjetësim dhe për rezultatin e tyre.

(15) Marrëveshja nga paragrafi (8) i këtij neni ka fuqinë e dokumentit përmbarues.

(16) Nëse procedura për ndërmjetësim nuk ka sukses, dorëzohet kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje para gjykatës kompetente.“

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**736.**

Врз основа на член 95-а, став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04 и 35/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.04.2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОХИС АД - СКОПЈЕ КАКО ТРГОВСКО ДРУШТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЕКОНОМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО МОЖНОСТИ И ИНТЕРЕС ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И РЕАКТИВИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Член 1

ОХИС АД - Скопје се определува како трговско друштво од особено значење за економијата на Република Македонија, со можности и интерес за проширување и реактивирање на деловните активности.

Член 2

Согласно член 1 од оваа одлука, продажбата на акциите издадени од ОХИС АД - Скопје во процесот на неговата сопственичка трансформација согласно Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, а пренесени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, може да се врши врз основа на претходно објавен јавен повик за прибирање понуди.

Член 3

При продажбата на акциите од член 2 од оваа одлука, соодветно се применуваат одредбите на член 48, став 3, член 50, член 50-а и член 62, ставови 2 и 3 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2196/1 Претседател на Владата
11 април 2007 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**737.**

Врз основа на член 95-а, став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04 и 35/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.04.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЕМО АД - ОХРИД КАКО ТРГОВСКО ДРУШТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЕКОНОМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО МОЖНОСТИ И ИНТЕРЕС ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И РЕАКТИВИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Член 1

ЕМО АД - Охрид се определува како трговско друштво од особено значење за економијата на Република Македонија, со можности и интерес за проширување и реактивирање на деловните активности.

Член 2

Согласно член 1 од оваа одлука, продажбата на акциите издадени од ЕМО АД - Охрид во процесот на неговата сопственичка трансформација согласно Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, а пренесени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, може да се врши врз основа на претходно објавен јавен повик за прибирање понуди.

Член 3

При продажбата на акциите од член 2 од оваа одлука, соодветно се применуваат одредбите на член 48, став 3, член 50, член 50-а и член 62, ставови 2 и 3 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2196/2 Претседател на Владата
11 април 2007 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

**738.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/97, 54/97, 13/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 06.02.2007 година, донесе

## Л И Ц Е Н Ц А
## ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ

1. Лиценца за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб се издава на Друштвото за угостителство и туризам „Корона Интернационал“ ДОО експорт-импорт Скопје, за време од 6 (шест) години.

2. Приредувањето на посебните игри на среќа во автомат клуб ќе се врши во автомат клубот што се наоѓа во деловната просторија на царински терминал БОГОРОДИЦА - граничен премин Богородица сопственост на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

3. Во автомат клубот, корисникот на лиценцата за приредување на посебните игри на среќа, ќе постави 21 автомат за игри на среќа.

4. Корисникот на лиценцата е должен да плати надоместок за лиценцата кој изнесува 52.000 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплата и тоа:

- 50% од износот, 26.000 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија да уплати на денот на доделувањето на лиценцата и

- остатокот од 50% во еднакви годишни рати, најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае лиценцата, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Уплатата на средствата од алинеја 1 и 2 на оваа точка се вршат во Буџетот на Република Македонија на Трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка број 840-62207, приходно конто 718113, програма 00 и банка на примачот: Народна банка на Република Македонија.

Потврдата за уплатениот износ од алинеја 1 на оваа точка корисникот на лиценцата ја доставува до Министерството за финансии.

Корисникот на лиценцата ги доставува до Министерството за финансии и потврдите за уплатените годишни рати, од алинеја 2 на оваа точка.

5. Лиценцата корисникот не може да ја пренесе.

6. Доколку од страна на корисникот на лиценцата не биде платен надоместокот за плаќање на лиценцата од точка 4, алинеја 1 и 2, лиценцата се одзема.

7. Корисникот на лиценцата со право на приредување на играта на среќа за која е издадена лиценцата, се стекнува по уплатата на првиот дел од надоместокот за плаќање на лиценцата утврден во точка 4, алинеја 1.

8. Оваа лиценца се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-390/1 Претседател на Владата
6 февруари 2007 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**739.**

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/05), министерот за финансии донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ

Член 1

Во Правилникот за класификација на приходите („Службен весник на РМ” бр. 100/01, 45/03, 7/04, 85/04, 42/05, 68/05, 30/06, 84/06 и 138/06), во Класификацијата на приходите на синтетичките конта од класата 7-Приходи, во поткатегоријата 71-Даночни приходи, ставка 711-Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, во аналитичката ставка 7111-Персонален данок на доход, по потставката 711138 се додаваат две нови потставки 711139 и 711140 кои гласат:

“711139 данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход

711140 камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност“

Во ставката 718-Такси за користење или дозволи за вршење на дејност, во аналитичката ставка 7181-Дозволи за вршење дејност, по потставката 718137 се додава една нова потставка 718138 која гласи:

“718138 надомест за производство на енергија од фосилни горива“

Член 2

Во поткатегоријата 73-Капитални приходи, ставка 733-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања, во аналитичката ставка 7331-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања, во потставката 733118 зборовите “за концесии” се бришат.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.08-16027/1
25 април 2007 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

---

**740.**

Врз основа на член 87 став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/2004), министерот за финансии донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОР

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на легитимацијата на даночен инспектор („Службен весник на Република Македонија”, бр. 47/2004), образецот на легитимацијата на даночен инспектор се заменува со нов образец кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 10-13111/2
25 април 2007 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Република Македонија
**ОПШТИНА -------------------------------**
**ГРАД СКОПЈЕ**
**ЛЕГИТИМАЦИЈА**
**ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОР**

**име и презиме**
**Регистерски број**
**Потпис на градоначалникот**
**М.П.**
**Сериски број:**

Предна страна на образецот

**ОВЛАСТУВАЊА**

**Даночниот инспектор со закон е овластен да врши проверка на состојбата и вредноста на недвижниот и подвижниот имот кој е предмет на оданочување и други работи утврдени со закон**

Задна страна на образецот

---

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Врз основа на член 63 од Законот за данокот на добивка – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/06 година), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

### ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2007 ГОДИНА

Движењето на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари-април 2007 година, во однос на просечните цени на мало во 2006 година изнесува 1,1%.

Директор,
м-р **Благица Новковска,** с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ ИЗДАНИЈА:

| Ред. бр. | Изданија | Цена денари |
|---|---|---|
| 1. | **Закон за пензиското и инвалидското осигурување**<br>*Станка Трајкова и Олгица Костова*<br>*(со коментар и прилози), 2006* | **700,00** |
| 2. | **Изборен законик**, *2006* | **300,00** |
| 3. | **Закон за стечај**<br>*Д-р Кирил Чавдар*<br>*(со објаснувања, судска практика и предметен регистар), 2006* | **600,00** |
| 4. | **Збирка на прописи од областа на судството**<br>*(Законите за: судовите; Судскиот совет на РМ; судскиот буџет (редакциски пречистен текст); Академија за обука на судии и јавни обвинители), 2006* | **400,00** |
| 5. | **Закон за трговските друштва**<br>со вовед, *2004* | **400,00** |
| 6. | **Закон за општата управна постапка**<br>(со коментар)<br>*Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | **400,00** |
| 7. | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите**<br>*(редакциски пречистени текстови), 2004* | **360,00** |
| 8. | **Устав на Република Македонија**<br>*(со сите амандмани од I - XXX)*<br>на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат, *2005* | **180,00** |
| 9. | **Поединечни CD-ROM изданија** *2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година* | **600,00** |
| 10. | **Комплет CD-ROM изданија** *2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година* | **3.400,00** |
| 11. | **Регистар на прописи на РМ** | **3.700,00** |

## П О Р А Ч К А БР. 55

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди“ бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ________________________________ **Место:** _________,
**ул.** ____________________, **бр.** _______, **тел./факс** ______________

**Потпис на порачателот**

**Во** ________, ______**2007 година.** **(М.П.)** ____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2007055